УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“- СКОПЈЕ
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР
ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТУДИИ ПО ОДБРАНА

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

# Геополитичкиот контекст на мигрантските рути и нивното влијание на организираниот криминал на Западен Балкан, со посебен осврт на Република Северна Македонија

**Кандидатка:**
**Даниела ПАЧЕМСКА**
**Бр. индекс: 5101/17**

**Ментор:**
**Проф. Д-р Тони МИЛЕСКИ**

**Скопје, јуни 2020 година**

# СОДРЖИНА

**ПРВ ДЕЛ: ВОВЕД**

1.1 ФОРМУЛАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ............................................5

1.2 ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ.........................................................................7

1.2.1 ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА – МИГРАНТСКИ РУТИ.........................................7

1.2.2 ПОТТУРНУВАЧКИ И ПРИВЛЕКУВАЧКИ ФАКТОРИ (PUSH AND PULL FACTORS) ........................................................................................................8

1.3 ДЕФИНИРАЊЕ НА КЛУЧНИ ПОИМИ НА ТЕОРЕТСКО И ОПЕРАТИВНО НИВО ....9

1.4 ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ.....................................................................................13

1.5 МОТИВ ЗА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИОТ ПРОЕКТ..................................................13

1.6 ЦЕЛИ НА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИОТ ПРОЕКТ.....................................................13

1.7 ХИПОТЕЗИ.............................................................................................14

1.8 МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО.........................................................16

1.9 ПРОСТОРНО И ВРЕМЕНСКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО...............18

1.10 НАУЧНА И ОПШТЕСТВЕНА ОПРАВДАНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО.................18

**ВТОР ДЕЛ: ГЕОПОЛИТИКА, МИГРАНТСКИ ДВИЖЕЊА И МИГРАНТСКИ РУТИ**

2.1 ВЛИЈАНИЕТО НА ГЕОПОЛИТИКАТА ВРЗ МИГРАНТСКИТЕ РУТИ.........................20

2.2 ГЕОПОЛИТИЧКИ КОНТЕКСТ НА МИГРАНТСКИТЕ РУТИ.......................................29

2.3 ЗАПАДНОБАЛКАНСКАТА И ДРУГИТЕ МИГРАНТСКИ РУТИ.................................36

2.4 ГЕОПОЛИТИКАТА И ПРОМЕНИТЕ НА МИГРАНТСКИТЕ РУТИ.............................43

2.5 ЗАТВОРАЊЕТО НА ЗАПАДНОБАЛКАНСКАТА РУТА И ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ДРЖАВИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН И РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА..........50

**ТРЕТ ДЕЛ: ОРГАНИЗИРАНИ КРИМИНАЛНИ ГРУПИ И КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ**

3.1 ОРГАНИЗИРАНИ КРИМИНАЛНИ ГРУПИ.............................................................58

3.2 ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ СО КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ И НЕГОВОТО ВЛИЈАНИЕ НА ПОЛИТИЧКАТА, БЕЗБЕДНОСНАТА, ЕКОНОМСКАТА И СОЦИЈАЛНАТА СОСТОЈБА НА Р.С.МАКЕДОНИЈА...........................................................66

3.3 КЛУЧНИ РАЗЛИКИ ПОМЕЃУ КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ И ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ....................................................................................................72

3.4 ЗОШТО КРИУМЧАРЕЊЕТО МИГРАНТИ Е ПРИВЛЕЧЕН КИРМИНАЛЕН БИЗНИС ВО РСМ ..........................................................................................................74

3.5 МОДУС ОПЕРАНДИ.........................................................................................79

**ЧЕТВРТ ДЕЛ: ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ПРИСТАП ВО БОРБАТА ПРОТИВ КРИУМЧАРЕЊЕТО МИГРАНТИ**

4.1 ПРИСТАПОТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ВО СПРАВУВАЊЕТО СО ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ СО КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ.........82

4.2 ИНСТИТУЦИИ ВО ДРЖАВАТА КОИ СЕ ВКЛУЧЕНИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ.........89

4.3 МЕЃУНАРОДНИ ИНСТИТУЦИИ ВКЛУЧЕНИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ.........91

4.4 УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ ИНИЦИЈАТИВИ.........93

4.5 РЕЗУЛТАТИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КРИУМЧАРЕЊЕТО СО МИГРАНТИ И ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ЗА ПЕРИОДОТ 2016-2019 ГОДИНА.........95

**ПЕТТИ ДЕЛ: РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО**.........96

**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА**.........105

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**.........111

„Сè додека светот не се ослободи од репресии, конфликти, политичка нестабилност и економска нееднаквост, сигурно ќе продолжи движењето на населението. Глобализацијата носи лесен пристап до информации, инстант комуникации, достапност до извори на информации, сообраќајна поврзаност. Миграциите ја одразуваат нееднаквоста и двојните аршини, неправилната распореденост на ресурси, го зголемуваат јазот меѓу богатите и сиромашните, помеѓу развиените, земјите во развој и неразвиените. Фрла сенка на поделеноста во светот, на паралелните универзуми во кои живееме“

Џон Пикарели

**Апстракт**

Од геополитички аспект, регионот кој го опфаќа Балканскиот полуостров, а уште повеќе политички мотивираниот опис на дел од овој полуостров, кој во поново време е препознаен како Западен Балкан, претставува зона на транзит кон Европската Унија, многу помалку зона на потекло, а најмалку како крајна дестинација на илегалните мигранти кои доаѓаат од Блискиот и Средниот Исток и северноафриканските држави. Република Северна Македонија, како земја со специфична геополитичка и геостратегиска положба, позиционирана во центарот на Балканскиот полуостров е подложна на илегална миграција и се наоѓа на крстосницата на мигрантските рути кои водат од Азија и Африка кон Централна и Западна Европа[1]. Република Северна Македонија, како „хартленд“ на Балканот, освен што претставува една од главните сообраќајни и трговски крстосници кои ја поврзуваат Азија со Европа, истовремено е крстосница на главните патишта на тероризмот, илегалната миграција, недозволената трговија со дрога, оружје и луѓе од Азија и Африка кон Западна Европа. Од тие причини, предмет на ова истражување е геополитичкиот контекст на мигрантските рути и нивното влијание над организираниот криминал во нашата држава, односно поврзаноста помеѓу овие феномени. Овој труд најпрвин ќе се обиде да ги детерминира мигрантските рути и субрути, а посебен акцент ќе стави на т.н. Западнобалканска рута и безбедносните импликации кои ги предизвикува врз геополитичката карта на Балканот, а пред сè на Република Северна Македонија. Со употреба на квантитативни и квалитативни истражувачки методи, анализа на документи посветени на оваа тема, како и преку синтеза на релевантни научни сознанија и истражувања на државните и меѓународни институции за интеракциите меѓу геополитиката, илегалната миграција и организираниот криминал со криумчарење мигранти, овој труд ќе се обиде да даде одговор за тоа како домашната и меѓународната заедница се справуваат со овие феномени. Ќе се обиде да даде одговор и кои фактори (поттурнувачки и привлекувачки) имаат влијание врз геополитичката карта на делот од Европа кој во поново време се нарекува Западен Балкан, а во кој припаѓа и нашата земја.

**Клучни зборови: геополитика, миграција, регуларна миграција, илегална миграција, илегален мигрант, региони, мигрантски рути, субрути, организиран криминал, организирани криминални групи, криумчарење мигранти, поттурнувачки и привлекувачки фактори, модус операнди.**

[1] Влада на Република Македонија, Национална концепција за безбедноста и одбраната, достапно на http://arhiva.vlada.mk/files/Vladina koncepcija za bezbednost.pdf

# ПРВ ДЕЛ: ВОВЕД

## 1.1 ФОРМУЛАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Во последните години од 21-виот век, бележиме драстични промени во миграциските текови кои се одвиваат низ земјите на Балканскиот полуостров, а посебно низ земјите од Западен Балкан. Општо познат е фактот дека регуларната миграција е процес кој игра важна улога во обликувањето на политичката, безбедносната, социолошката, економската и демографската стварност на една држава и претставува нужен процес, кој е тешко да се контролира, а уште потешко да се сопре. Сепак, она што ќе претставува предмет на интерес на овој труд е илегалната миграција, уште повеќе организираниот криминал со криумчарење мигранти, процес кој е доста актуелен, па од тие причини заслужува посебно внимание кај надлежните институции за спроведување на законот, политики и планирање на мерки и активности на секоја држава која е засегната со овие процеси. Илегалната миграција е процес кој е важен од повеќе аспекти: од аспект на државната, јавната, националната, но и личната безбедност. Илегалната миграција честопати е поврзана со сериозен и организиран криминал, но и со повреда на човековите права.

Од геополитички аспект, Балканскиот регион, а уште повеќе субрегионот на Западен Балкан претставува зона на транзит кон ЕУ, многу помалку земја на потекло, а најмалку зона на крајна дестинација на илегални мигранти. Во тој контекст, Република Северна Македонија, како земја со специфична геополитичка и геостратегиска положба, позиционирана во центарот на Балканскиот полуостров е подложна на илегална миграција и се наоѓа на крстосницата на мигрантските рути кои водат од Азија и Африка кон Централна и Западна Европа[2]. Македонија, како „хартленд“ на Балканот, освен што претставува една од главните сообраќајни и трговски крстосници кои ја поврзуваат Азија со Европа, истовремено претставува една од крстосниците на главните патишта на тероризмот, илегалната миграција, криумчарењето мигранти, недозволената трговија со дрога, оружје и луѓе од Азија и Африка кон Западна Европа. Бројот на илегални мигранти од овие региони се зголемуваше од година во година, а кулминација достигна за време на големата мигрантска криза во 2015 година предизвикана од војната во Сирија. Поради лошите животни услови и безбедносните ризици, голем број луѓе беа принудени да ги

[2] Влада на Република Македонија, Национална концепција за безбедноста и одбраната, достапно на http://arhiva.vlada.mk/files/Vladina koncepcija za bezbednost.pdf

напуштат своите земји во потрага по подобар живот. По големата кулминација која беше достигната во 2015, сé до затворањето на Западнобалканската рута во март 2016 година, бројот на илегални гранични преминувања и бројот на баратели на азил во земјите од субрегионот на Западен Балкан е намален. Сепак, доколку ги анализираме статистичките показатели[3] ни се наметнува заклучокот дека овој регион и натаму ќе се соочува со недозволени преминувања на државните граници, користење на балканските рути, сé поголемо инволвирање на олеснувачи на илегална миграција, односно на организирани криминални групи и поединци, кои користејќи ја сложената политичка, безбедносна и економска позиција на потенцијалните мигранти од Азија и Африка, се стекнуваат со противправна имотна корист, на релативно лесен начин, за кој не се потребни софистицираност и висока експертиза[4].

Овој труд ќе се обиде да стави акцент на главните фактори кои ја причинуваат и ја овозможуваат и олеснуваат  илегалната миграција и го помагаат организираниот криминал со мигранти, како поттурнувачки и привлекувачки фактори (push and pull factors) и ги поврзува со кривичните дела, како што се криумчарење мигранти и трговија со луѓе. Овој труд ќе се фокусира на илегалните мигранти кои ја користат т.н. „Западнобалканска рута“.

Зошто е важно да се истражува илегалната миграција и организираниот криминал со мигранти? Постојат многу  причини за тоа, од заканите по личната безбедност, ризикот по животот на мигрантите и по животот на домицилното население, загрозување на нивното здравје. Мигрантите, користејќи ги услугите на криминалните групи, лесно можат да станат жртви на трговија со луѓе, односно на трудова, сексуална или друг вид на експлоатација, притоа да им бидат повредени човековите права и загрозена социјалната безбедност. Илегалната миграција претставува закана и по националната безбедност, која пред сè се рефлектира врз повреда на суверенитетот на државата, носи ризици по јавниот ред и се одразува на состојбата со криминалот.

Што се однесува до терминологијата која ќе се користи при ова истражување, важно е да се напомене, дека различни експерти, институции и организации користат различни термини при дефинирање на исти појави и феномени, илегална, нерегуларна и недокументирана миграција. Според мое мислење, во овој контекст е најдобро да се користи илегална миграција и илегален мигрант, односно терминологијата која се користи и од страна на институциите кои се надлежни за постапување, во законските акти и прописи и во Кривичниот законик  За да постои илегална миграција потребно е да постои

[3] Министерство за внатрешни работи, отворени извори на информации
[4] SOCTA, Europol

нелегален влез и престој во одредена држава, односно „преминување на државна граница на начин кој не е во согласност со потребните услови за легален влез во државата на прием“[5].

## 1.2 ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Предмет на истражувањето е како геополитичкиот контекст на мигрантските рути, односно илегалната миграција влијае на организираниот криминал, односно поврзаноста помеѓу овие феномени. Воените дејствија во земјите од Блискиот Исток, влијаеја на тоа илегалната миграција да стане актуелен проблем и предизвик со кој се соочуваат земјите во Европа, бидејќи поради лошите економски, животни и безбедносни услови, голем број луѓе беа принудени да заминат во потрага по подобар живот. Почнувајќи од средината на 2015 година, па досега, миграциската криза влијаеше во голема мера врз безбедносната состојба како во државата, така и во земјите долж Западнобалканската рута и Европската Унија.
Од тие причини е потребно да се истражува геополитичкото значење на мигрантските рути и влијанието кое миграциските текови го имаат на безбедносната состојба, на појавата на илегална миграција, но и промени во делување на организирани криминални групи инволвирани во криумчарење мигранти.

### 1.2.1 ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА – МИГРАНТСКИ РУТИ

Република Северна Македонија е дел од т.н. „Западнобалканска рута“, но за да стигнат на оваа рута, мигрантите од Азија и Африка имаат на располагање три главни рути:

- Источномедитеранска рута од Турција кон Грција, за мигрантите од Сирија, Арапски емирати, Авганистан Пакистан, но и Ирак и Сомалија;
- Централномедитеранска рута каде Либија е главна точка на поаѓање кон Европа, односно Италија и Малта, за мигрантите од Тунис и Алжир;
- Западномедитеранска рута, преку која илегални мигранти, најмногу од Мароко, Алжир и Брегот на Слоновата коска, се движат кон Шпанија, при што мигрантите се пренесуваат со дрвени рибарски бродови.

Во овој труд ќе бидат најнапред ќе бидат анализирани секоја од овие три рути поединечно, но акцентот ќе биде ставен на Источномедитеранската рута, од која посебен дел претставува Западнобалканската рута со нејзините субрути.

---

[5] Протокол против криумчарење мигранти по копнен, воден или воздушен пат, со кој е дополнета Конвенцијата на Обединетите нации против транснационален организиран криминал (Палермо, 2000)

### 1.2.2 ПОТТУРНУВАЧКИ И ПРИВЛЕКУВАЧКИ ФАКТОРИ (PUSH AND PULL FACTORS)

Факторите кои ги принудуваат луѓето да ја напуштат својата татковина се нарекуваат поттурнувачки фактори (т.н. „пуш“ фактори). Вообичаено, се поврзуваат со воени конфликти, нестабилна безбедносна и политичка состојба, лошата економска ситуација, низок животен стандард, сиромаштија, невработеност, еколошки закани и т.н. Од друга страна, привлекувачки фактори (т.н. „пул“ фактори) се оние кои ги мотивираат луѓето да се преселат во одредена земја или област. Луѓето мигрираат во држави кои нудат подобри економски услови и подобар животен стандард, како и добар систем на социјална грижа и здравствена заштита, како што се побогатите земји-членки на ЕУ. Честопати и едните и другите играат важна улога. Геостратешката позиција на Западен Балкан, кој е субрегион од Балканскиот полуостров и ги поврзува „истокот“ и „западот“ служи како фактор кој ги привлекува мигрантите („пул“ фактор), а во таквата констелација нашата држава со својата централна положба е дел од оваа рута и не претставува исклучок.

Илегалната миграција е комплексен феномен и потребен е регионален пристап. Нашата држава е вклучена во повеќе регионални иницијативи кои се занимаваат со ова прашање, но треба да се направат уште многу работи. На земјите кои се дел од субрегионот Западен Балкан им е потребна поддршка од меѓународната заедница, особено од Европската Унија со цел да се зајакнат нивните капацитети за превенција, откривање и справување со илегалната миграција.

Поради зголемени гранични контроли на Балканот, воспоставени се нови алтернативни рути за илегално поминување на мигрантите[6] со цел влез во земјите на ЕУ. Во јуни 2018 година, Европскиот центар за криумчарење мигранти (EMSC) при ЕВРОПОЛ, објави информација за идентификувана алтернативна миграциска подрута на Западнобалканската рута, т.н. Јадранска крајбрежна рута (Adriatic coastal route) која минува преку Р. Грција во Р. Албанија, а зголемен број на мигранти кои се обидуваат илегално да стигнат до крајната дестинација на своето патување, користејќи ја подрутата преку Албанија - БиХ - Хрватска - Словенија. Сепак појавата на алтернативна рута, не ја исклучува Република Северна Македонија, како транзитна земја.

[6] www.europol.europa.eu

## 1.3 ДЕФИНИРАЊЕ НА КЛУЧНИ ПОИМИ НА ТЕОРЕТСКО И ОПЕРАТИВНО НИВО

Во овој дел ги дефинираме поимите кои ќе се употребуваат во овој труд, а тоа се:
**Геополитика,** според речникот „Мириам-Вебстер" претставува учење за влијанието на одредени фактори како што се географијата, економијата и демографијата, врз политиката, особено врз надворешната политика на државата.

**Геостратегија** претставува рамка која ги објаснува стратегијата на државите и нејзините разноликости, пред сé со географските фактори и географската положба.

Под поимот **миграција** се подразбира промена на местото на постојаното живеење без разлика на оддалеченоста. Поимот миграција доаѓа од латинскиот збор migratio што значи селење. Миграциите се просторно или механичко движење на населението и претставуваат најсложен демографски процес на подвижност или мобилност на населението.

**Емиграција** значи иселување од одреден простор или подрачје на потекло од каде тргнуваат или се преселуваат мигрантите.

**Имиграцијата** значи подрачје на доселување каде мигрантите се наслуваат или престојуваат.

Меѓународното право ги дефинира **мигрантите** како лица кои се движат од својата држава или место на живеење, во друга држава. Причините за ваквото движење, односно преселба, можат да бидат економски или образовни, можат да бидат како резултат на природни непогоди, но и заради избегнување на повреда на човековите права, закани по живот или физичкиот интегритет, војна и граѓански немири.

Постојат три категории на мигранти:

1) регуларни мигранти;
2) мигранти без соодветна документација; и
3) други мигранти кои имаат потреба од заштита.

**Регуларни мигранти** се лица кои влегле на територија на друга земја по обезбедување на сите неопходни документи заради реализација на таквиот влез.

**Мигранти без соодветна документација** се лица кои не поседуваат дозвола за престој – тие или влегле илегално, или пак во меѓувреме им истекла дозволата за престој. Во категоријата на „други мигранти кои имаат потреба од заштита" влегуваат лицата без државјанство, жртви на трговија со луѓе, непридружувани деца, баратели на азил чие барање било одбиено, и слично, а кои имаат потреба од заштита врз основа на меѓународното право.

**Илегален (ирегуларен) мигрант** означува странец кој остварил незаконски влез на територија на некоја држава (пример влез надвор од граничен премин, влез на граничен премин со фалсификувани документи и сл.), или кој остварил законски влез во државата, но останал по истек на законскиот рок. Притоа, во литературата, за оваа категорија на мигранти сé повеќе се користи поимот ирегуларен или нерегуларен мигрант. На тој начин се избегнува криминализација на мигранти и нивно етикетирање, бидејќи, гледајќи од перспективата на човекови права, ирегуларен се смета за поблаг и помалку понижувачки поим отколку илегален.

**Термините нелегална/илегална миграција** се прифатливи кога се однесуваат на општиот поим, додека човечко суштество никогаш не може да биде нелегално/илегално. Затоа исправно би било да се користи терминот нерегуларен мигрант. Сепак, во овој труд ќе се користи терминот илегален мигрант, термин кој се користи од страна на Министерството за внатрешни работи и во законите кои ја третираат оваа проблематика.

**Криумчарење мигранти**, според Протоколот против криумчарење на мигранти по копнен, воден или воздушен пат, со кој се дополнува Конвенцијата на Обединетите Нации против транс-националниот организиран криминал, претставува обезбедување нелегален влез во некоја држава, на лице кое не е ниту државјанин, ниту лице кое има постојан престој во таа држава, со цел, директно или индиректно, да прибави финансиска или друга материјална корист.

**Мигрантска рута** е насока на миграциско движење од одредена почетна дестинација до одредена цел, а таа цел може да биде конкретно место (тогаш се нарекува „specific stream" или специфичен тек) или конкретно типично подрачје (пр. миграција во урбано подрачје). Секоја миграциска рута може да произведе контрарута „counterstream".

**Организирана криминална група** е група од три или повеќе лица, која постои одреден временски период и дејствува со цел да изврши едно или повеќе кривични дела за кои е предвидена казна затвор од најмалку четири години, со намера директно или индиректно да стекне финансиска или друга корист. Во оваа смисла под ОКГ се подразбира група која ќе ги исполни поставените критериуми и тоа пет задолжителни и четири изборни критериуми.

**Задолжителни критериуми:**

- соработка на најмалку три или повеќе лица;
- која постои одредено време;
- делува договорно со цел вршење на едно или повеќе кривични дела;

- за кривични дела за кои е пропишана казна затвор од најмалку четири години или потешка казна;
- делува со намера директно или индиректно да стекне финансиска или друга корист.

**Изборни критериуми**

- секој член на групата има однапред одредена задача или улога;
- да користи перење на пари или незаконски стекната добивка;
- во вршењето на криминалните активности применува насилство или заплашување или да постои спремност за нивна примена;
- криминалните активности ОКГ ги планира и врши во меѓународни размери;
- да постои влијание на ОКГ или нејзин дел на политиката, медиумите, институциите и стопанството;
- постоење на хиреархиска структура или ОКГ делува преку повеќе посебни или поврзани ќелии;
- дејноста на ОКГ да се базира врз основа на примена на одредени правила, внатрешна контрола или дисциплина на членовите на групата.

**Тешко дело (сериозен криминал)** значи акт кој содржи кривично дело за кое е предвидена казна затвор, која не може да биде помала од четири години или потешка казна.

**Кривичното дело од транснационална природа** претставува:

- Кривично дело извршено во повеќе од една држава;
- Кривично дело извршено во една држава, но главниот дел од неговото подготвување, планирање, насочување или контрола се вршел во друга држава;
- Кривично дело извршено во една држава, но е вклучена организирана криминална група која врши криминални активности во повеќе од една држава; или
- Кривичното дело извршено во една држава, но последиците се во друга.

**Криминалистичко разузнавачка фаза** е процес кој и претходи на фазата на криминалистичко истражување, во која надлежните организациски единици имаат право во согласност со законите, да собираат, обработуваат и анализираат информации за конкретно кривично дело или криминална активност со цел да се утврди дали постојат основи на сомневања за сторено кривично дело, односно дали постои веројатност дека такво кривично дело би се извршило во иднина.

**Криминалистичко истражување** е преземање на полициски извиди во насока на утврдување и откривање на факти и околности за сторено кривично дело, осомничени лица и околности поврзани со кривични дела, спречување на натамошни последици на кривични

дела, фаќање и пријавување на нивните сторители, обезбедување на докази и други мерки и активности што можат да користат за непречено водење на кривичната постапка.

**Криминалистистичка истрага** е систем на планска, организирана примена на оперативно тактички и технички методи и средства, истражни мерки и дејствија насочени кон тоа да се спречи, открие одредено кривично дело, да се открие и утврди одреден сторител на кривично дело и за истиот да се обезбедат докази за кривично-правен прогон. Криминалистичка истрага се воспоставува за познат и непознат сторител на кривични дела кои се гонат по службена должност. Се спроведуваат следните видови на криминалистички обработки:

- Проактивни криминалистички обработки и
- Реактивни криминалистички обработки

**Поттурнувачки и привлекувачки фактори** („Push“ and „pull“ factors) се факторите кои ги принудуваат луѓето да го напуштат своето место на живеење („push“ фактори), а тоа се војни, сиромаштија, несигурност, небезбедност, невработеност, низок квалитет на живот, односно фактори кои го привлекуваат да го напушти своето место на живеење („pull“ фактори), а тоа се благосостојба, безбедносна, социјална, еколошка стабилност, добра економска конјуктура, поволни услови за живот.

**Нелегална миграција:** Движење кое се одвива надвор од регулативните норми на земјите од кои доаѓа, земјите на транзит и земјите на крајна дестинација на мигрантот. Нелегалната миграција од перспектива на земјите на дестинација е нелегален влез, престој или работа во земјата, што значи дека мигрантот го нема потребното овластување или документација согласно регулативата за имиграција, за влез, престој или работа во една земја. Од перспектива на земјата на потекло нелегални се сметаат случаи во кои некое лице преминува граница без важечка патна исправа или патен документ или пак не ги исполнува административните услови за напуштање на земјата.

**Термините „Нелегална Миграција“, „Криумчарење Мигранти“, „Трговија со луѓе“ и „Организиран Криминал“** се среќаваат често се користат во секојдневното работење на полициските службеници. Овие поими се користат во најразличен контекст и во средствата за јавно информирање. Во зависност од перцепцијата и перспективата на лицето кое ги употребува, истиот збор, во различен контекст може зборовите имаат различни значења. Од тие причини од примарно исклучително значење е јасно да се дефинираат овие изрази и да се разбере нивното значење, како според меѓународните конвенции и според и, така и според домашната законска рамка. Нема општо прифатено значење и единствена дефиниција за поимот „Нелегална Миграција“. Според Поимникот на ИОМ за

миграција/Женева 2004 се нуди дефиниција со која се опфатени најчестите форми на нелегална миграција, а тоа се: илегалното влегување, престој над дозволениот и недозволена работа.

## 1.4 ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

Научно-теоретската цел е содржана во стекнувањето на нови знаења и искуства за тоа како геополитичкиот контекст на мигрантските рути влијае врз организираниот криминал на Западен Балкан, пред сé на Република Северна Македонија.

Практичната цел е да се изнајдат решенија и опции во процесот на справување со транснационален организиран криминал во согласност со спецификите на уредувањето на државата како дел од системот за национална безбедност на Република Северна Македонија.

## 1.5 МОТИВ ЗА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИОТ ПРОЕКТ

Основниот мотив за овој научно-истражувачки проект е поврзан со прашањето: како геополитичкиот контекст на мигрантските рути влијае на организираниот криминал на Западен Балкан, а особено на Република Северна Македонија. Секако значајно, од аспектот со кој ќе се занимава ова истражување и кој ќе има влијание врз формирањето на хипотетската рамка е аспектот како транснационалниот организиран криминал, конкретно криумчарењето мигранти влијаат врз политичката, безбедносната, економската и еколошката состојба на Република Северна Македонија.

## 1.6 ЦЕЛИ НА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИОТ ПРОЕКТ

1. Да се синтетизира и специфицира зошто организираниот криминал, а првенствено криумчарењето мигранти се случуваат на Балканот и кои се причините поради кои Балканот е крстосница на сите „патишта“ на организираниот криминал и криумчарење мигранти.

2. Да се детерминираат мигрантските рути и меѓународните организирани канали за криумчарење мигранти, кои водат кон Европа, со посебен акцент на Западнобалканската рута и безбедносните импликации кои користењето на оваа рута за криумчарење на луѓе ги има врз геополитичката карта на Балканот, а пред сè на геополитичката карта на Република Северна Македонија.

3. Да се прикаже како геополитиката влијае на конципирање, здружување и воспоставување на конекции помеѓу групите кои работат на национално ниво со групите од

соседните држави и пошироко, а кои се почесто „оперираат“ во свет без граници (на транснационално ниво), за разлика од институциите во различните држави и различни европски иницијативи, надлежни за спроведување на законот во делот на борба против организираниот криминал и криумчарење мигранти кои сé уште делуваат како свет со граници.

4. Непосредно да се истражи и докаже дека, продлабочувањето на соработката помеѓу државите на Балканот и координираниот пристап на надлежните институции се единствениот клучен и вистински противодговор на организираниот трансационален криминал, посебно илегалната миграција и криумчарењето мигранти, како и да се испита степенот на соработка на надлежните институции во доменот на борба против организиран криминал.

5. Да се разгледа и утврди можната поврзаност помеѓу илегалната миграција како можност за инфилтрирање на терористички структури и користење на истите рути од страна на странските терористички борци кои се враќаат во домицилните држави, кои првенствено се користат за илегална миграција. Ова претставува реална закана и можност, а секоја закана има своја територијална експресија која се манифестира на некој одреден простор.

## 1.7 ХИПОТЕЗИ

***Главна хипотеза:*** Геополитичкиот контекст на мигрантските рути влијае на организираниот криминал на Западен Балкан, односно на Република Северна Македонија.

***Помошни хипотези:***

X1: Изборот на носечката информација (тема) и нејзино истакнување и повторување имаат големо влијание, односно ги поттикнуваат Министерството за внатрешни работи како примарна институција надлежна за справување со организиран криминал, да донесува соодветни одлуки во доменот на своите законски надлежности и согласно меѓународни конвенции и стратегии;

X2: Пристапот на МВР во справување со организиран криминал поврзан со мигрантите;

X3: Институции во државата кои се вклучени во борбата против криумчарење мигранти;

X4: Меѓународни институции вклучени во борбата против криумчарење мигранти;

Х5: Модусот на делување на ОКГ има влијание врз креирање на ефикасни и ефективни политики на институциите инволвирани во сузбивање на оваа криминална област;

Х6: Организираниот криминал, а особено криумчарењето мигранти има влијание врз најголемиот дел на јавноста;

Х7: Ризикот од тоа нелегално стекнатите пари да се користат за криминални активности од поголеми размери, но и за финасирање на терористички и парамилитарни структури;

Х8: Усогласеноста на приоритетите во работењето на Министерството за внатрешни работи, со приоритетите на земјите од соседството, и со земјите од ЕУ.

Х9: Важноста од меѓународната соработка на оперативно, тактичко и стратешко ниво.

**Идентификација и операционализација на варијаблите**

***Независна варијабла:*** Геополитичкото значење на мигрантските рути

***Зависна варијабла:*** Влијанието на мигрантските рути врз организираниот криминал во Западен Балкан, конкретно во Р. Северна Македонија (со акцент на организирани криминални групи инволвирани во криумчарење мигранти).

<u>Индикатори за следење на независните варијалба :</u>

1. Состојбите во регионот на политичко, безбедносно и економско поле и проценки како можат овие состојби да влијаат на организираните криминални групи;
2. Влијанието на геополитиката врз организираниот криминал;
3. Приоритети на Р.Северна Македонија, земјите од соседството и земјите од Европска унија во справување со организиран криминал;
4. Утврдување на рути кои се користат.
5. Ризици, закани и тенденции

<u>Индикатори за следење на зависната варијабла:</u>

1. Состојби во организираниот криминал во Р.С.Македонија;
2. Структури на организирани криминални групи;
3. Состојби со илегална миграција и криумчарење мигранти(статистички податоци);
4. Идентификување нови трендови на организирани криминални групи поврзани со криумчарење мигранти
5. Утврдување на ниво на кое делуваат организирани криминални групи (локално, национално, регионално, меѓународно);

6. Профилирање на организирани криминални групи и лица со закана од висок ризик поврзани во поголеми криминални мрежи кои делуваат на меѓународно ниво;
7. Статистички податоци за реализирани меѓународни истраги (ЗИТ и паралелни истраги во повеќе различни држави).

## 1.8 МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Тргнувајќи од дефинираните цели на истражувањето тоа е замислено да се одвива емпириски преку користење на квантитативни и квалитативни истражувачки методи. Во истражувањето и обработката на темата ќе бидат користени методи кои се применуваат во научните трудови. Покрај теоретските истражувања ќе биде применет и аналитички метод. За изнаоѓање на потребните податоци ќе биде користена:

- домашна и странска литература;
- секундарни извори на податоци;
- статистички показатели.

При обработка на темата ќе бидат применети и следните методи:

Метод на опсервација на постоечки податоци ќе се користи при пребарување и истражување на литература. Ќе биде избрана литература која се однесува на актуелноста на трудот.

Квантитативниот метод ќе се примени за интерпретација на резултатите добиени од анкетните прашалници на испитаниците.

Компаративниот метод ќе се примени за споредба на добиените резултати од анкетните прашалници одговорени од страна на испитаниците

Статистичка обработка на податоци

Обработката на податоци е реализирана по следните фази:

- Прва фаза: средување на податоците;
- Втора фаза: проверка на податоците и внесување во програмата за обработка на Microsoft Office;
- Трета фаза: анализа на добиените резултати со помош на графичко претставување;
- Четврта фаза: изведување на заклучоци според добиените резултати.

Историографска анализа на содржина на документи*:*

Ќе се направи анализа на склучени билатерални и мултилатерални договори на Министерството за внатрешни работи со релевантни институции во Р.С.Македонија, потоа

со други држави и со агенции за спроведување на закон чија надлежност е во делот на сузбивање на транснационален организиран криминал. Анализа на Партнерството за миграции Silk road, чија главна цел е промовирање на дијалог и заедничка соработка во менаџирањето на миграциските текови, промовирање на координирани чекори и преземање на конкретни чекори во борба со илегална миграција. Ќе се изврши анализа на конвенции и протоколи по кои постапува Република.Северна Македонија во делот на справување и борба против организираниот криминал.

**Анализа на содржина**

Со цел да одреди каква е состојбата со организираниот криминал, односно да се идентификуваат темите (прашањата) кои се моментално актуелни во земјата и во регионот, ќе биде применет квантитативен метод на анализа на содржина на јавно достапни извештаи на релевантните институции во земјата и на меѓународно ниво, како и статистички податоци за движење на криминалот во последните три години. Со ваков пристап ќе се идентификуваат актуелните, клучните теми (прашања).

**Анкетирање и интервју**

Анкети на полициски службеници кои работат на проблематиката на илегална миграција и криумчарење мигранти;

Ќе се спроведат и контролни интервјуа со: јавни обвинители од Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, претседател (или член) на Национална комисија за трговија со луѓе и илегална миграција, Помошник раководител на Национална единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе, во МВР, претставници од Оддел за гранични работи и миграции, експерти од земјите од регионот кои работат на полето на илегална миграција.

**Компаративна анализа на случај**

Ќе се спроведува методот студии на случај кој резултираа со правосилни пресуди против лица инволвирани во криумчарење мигранти, кои организираа криумчарење мигранти во Р.С.Македонија.

## 1.9 ПРОСТОРНО И ВРЕМЕНСКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето е временски сместено во периодот од 2015 до 2019 година, а се однесува на просторот на Западен Балкан, со посебен осврт на Република Северна Македонија.

## 1.10 НАУЧНА И ОПШТЕСТВЕНА ОПРАВДАНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Научната оправданост на овој труд, доколку се докажат хипотезите, ќе биде дека глобализацијата и геополитичките односи во регионот имаат големо влијание врз безбедноста и меѓународните односи. Во широко прифатената форма, геополитиката претставува влијание на географските елементи на внатрешната и надворешната политика, и како тие влијаат на безбедноста на регионот, како што влијаеше војната во Сирија. Во тие рамки, истражувањето спроведено во идниот магистерски труд, преку поставување на основната проблематика на истражување, ќе се обиде да го докаже токму тоа – значајноста и огромното влијание на ефективно спроведената геополитичка анализа, која може да служи како ефективна алатка во сузбивање и предвидување на можните закани и ризици со цел да се избегнат значително немилосрдни настани како што беше и сѐ уште е граѓанската војна во Сирија, претходно онаа во Авганистан, како и судирите во ослабените држави во Северна Африка, Блискиот и Средниот Исток.

Општествената оправданост на овој труд се темели на фактот дека односите на конкуренцијата наспроти соработката помеѓу меѓународните актери постепено се менуваат во 21-от век. Но сепак, развојната соработка може да обезбеди решенија или можности за дефинирање на глобалните проблеми. Глобализацијата создава нова рамка за безбедноста и меѓународните односи, но исто така овозможува и создавање на нови геоекономски перспективи за да се претпостави  ново разјаснување и потврдување на геополитичко значење на почетокот на 21-от век. Според тоа, во денешниот глобализиран свет на меѓузависности и синергија, не можеме да ги ограничиме трагите само преку пристап до строго детерминирани координати на географските области.

Нужно е да се излезе од рамката, да се погледне подалеку од овие мапи, да се креираат политики на заеднички координиран  пристап, како на национално, така и на регионално и меѓународно ниво. Само со таквиот интердисциплинарен и координиран пристап можеме да ја смениме општествената стварност и да оствариме позитивно влијание врз безбедноста во државата и регионот. Како единка, Република Северна Македонија, е невозможно да се избори со еден од најголемите предизвици на 21-от век, организираниот криминал.

Резултатите од ова истражување треба да ги охрабрат институциите да настапуваат заеднички и координирано, да споделуваат информации, бидејќи само така ќе можат да му застанат на патот на организираниот криминал.

# ВТОР ДЕЛ: ГЕОПОЛИТИКА, МИГРАНТСКИ ДВИЖЕЊА И МИГРАНТСКИ РУТИ

## 2.1 ВЛИЈАНИЕТО НА ГЕОПОЛИТИКАТА ВРЗ МИГРАНТСКИТЕ РУТИ

Три главни теми се предмет на интерес на ова истражување: геополитиката, мигрантските рути и како тие се одразуваат на организираниот криминал.

Геополитиката спаѓа во редот на општествените научни чиј главен предмет на интерес се дефинирање на општествените, економските, демографските и политичките процеси на државите, кои меѓусебно го обликуваат географски простор. Нејзина цел е да ги дефинира политиките на една држава преку проучување на географската положба и демографијата. Постојат поделени мислења во научната јавност околу оваа наука, од тоа дека таа претставува инструмент на освојувачките, експанзивни и империјалистички политики и желби на големите држави, до тоа дека има значајна улога во проучувањето на опстанокот и постигнување на националните интереси на сите држави во светот, без разлика на нивната големина и моќ. Во овој модерен свет на глобализација и детериторијализација, геополитиката добива нови димензии, кои ги надминуваат рамките на државите и добиваат поширока димензија за недржавните актери, единки како народи, племиња, општествени движења, религии, цивилизации, движења, терористички групи и криминални мрежи и организации.

Геополитиката се труди да даде одговор и да ги објасни сложените односи помеѓу државите и да ни помогне да ја разбереме матрицата по која постапуваат државите со цел да воспостават влијание во геополитичкиот или меѓународниот систем и да се изборат за своите цели и идеи. Новиот светски геополитички поредок е резултат на геополитичката транзиција од биполарниот геополитички поредок, кој според научната јавност започнал во периодот на завршувањето на Студената Војна, односно со распадот на СССР. Дел од геополитичарите сметаат дека овој поредок е нов облик на доминација на САД, а дел мислат дека станува збор за облик на хегемонија без хегемон, имајќи ја притоа предвид појавата на други големи сили – Русија и Кина.

Врз обликување на новиот светски геополитички поредок, влијаат војните и кризните жаришта во светот, процесите на глобализација, детериторијализацијата и научно-технолошките откритија. Безбедносните предизвици на денешницата во голема мера се разликуваат од предизвиците на студено-воениот геополитички поредок. Наместо традиционални воени закани, денес се соочуваме со друг вид на закани и предизвици, односно нетериторијални, транснационални закани кои се шират независно од државните

граници. Такви се на пример: тероризмот, пролиферација на оружје за масовно уништување, болести, вируси, еколошки катастрофи, глобално затоплување, трговија со луѓе, наркотици, акцизна стока, модерно ропство, криумчарење мигранти и друго.

Геополитиката припаѓа во редот на науките која е честа мета на дискусии и оспорувања. Законите на геополитиката се погодни за анализа на политичката историја, историјата на дипломатијата и стратегиското планирање. Таа наука има мноштво допирни точки и интеракции со социологијата, политикологијата, етнологијата, воената стратегија, економијата, дипломатијата, историјата на религиите и т.н. Во сегашниот момент на тежнеење на сите видови наука кон синтеза, кон слевање, кон создавање на нови меѓунаучни макродисциплини и повеќедимензионални модели, геополитиката го добива своето значење како за чисто теоретски истражувања, така и за практични чекори во управувањето со сложените цивилизациски процеси од планетарен обем, или во обем на држави, или на блокови од држави. Со помош на геополитиката може да се разберат некои случувања во историјата и да се сфати историскиот развој на државите и народите.

Три тематски целини се битни за да ја сфатиме улогата и задачите на геополитиката:

- државата и нејзините структурни елементи;
- населението од аспект на расната, етничката, демографската, конфесионалната, социјалната и професионалната структура;
- територија-физички простор исполнет со природни и антропогени појави и објекти.

Геополитиката, без оглед на сите контроверзи кои ги носи со себе, го проучува местото на одредена држава на политичката карта на светот и соодветните географски региони за да укаже на најповолните облици и начини за нејзин развој и функционирање[7].

Постојат различни пристапи во геополитиката:

Формалната геополитика се занимава со истражување на геополитичката мисла и геополитичката традиција. Со таа проблематика се занимаваат интелектуалците, институции и сите оние кои имаат влијание на формирањето на геополитичката мисла.

Практичната геополитика се занимава со проучување на географските елементи кои имаат влијание во секојдневното надворешно-политичко делување. Таа се занимава со проучување на тоа како заедничкото географско разбирање и перцепција ја обликуваат надворешно-политичката состојба и какво влијание имаат врз донесувањето на одлуките.

[7] Милески, Тони, Политичка географија и геополитика, Скопје, 2015 година, стр.23

Пример за тоа е, како географското, историско и политичко поимање на Балканот и сè што е поврзано со него влијае на обликувањето на надворешната политика на Европската унија, односно на нивното повеќегодишно делување.

Популарната геополитика се однесува на оние фактори кои влијаат, по пат на медиумите и популарната култура, на обликувањето на геополитичкото мислење. Се однесува на социјални конструкции и постојано разбирање на обележјата на местата и луѓето внатре и надвор од границите.

Структуралната геополитика се однесува на структурните процеси и тенденции кои ја обликуваат надворешнополитичката практика на современите држави. Денес, тие процеси ги вклучуваат: глобализацијата, информатичкото општество, ширењето на ризиците кои произлегуваат од научно-технолошката цивилизација во целиот свет.

О'Тол ја анализира практичната и популарната геополитика преку три прашања:

- Како критичката геополитика ја развива критиката на учењата на одреден геополитичар или геополитичка традиција?;
- Како практичната и популарната геополитика влијаат на надворешната политика?
- Какви геополитички услови владеат во современиот свет?

Практичната и популарната геополитика главно ја применуваат креаторите на надворешно-политичките активности. Носителите на одлуките во сферата на надворешните односи, кои се потпираат на практичната и популарната геополитика, главно користат практично и прагматично заклучување. Овој пристап го имаат секогаш кога се обидуваат просторните односи во светот да ги објаснат врз база на географските сознанија, културните и други сознанија. Оттука, можеме да констатираме дека практичното геополитичко заклучување се потпира повеќе на секојдневниот контекст, отколку на геополитичката традиција.

Во овој контекст можеме да ја спомeнеме Теоријата за „Судирот на цивилизации“ на Семјуел Хантингтон, која се чини сé уште е актуелна и по 25 години од издавањето на неговата книга. Неговата теза се заснова на фактот дека светската историја ќе ја обележат судири кои ќе се водат на границите на светските цивилизации, кој според него се вкупно осум: западна, православна источна, латино-американска, јапонска, кинеска, индиска, африканска и исламска. Според него војните во минатото се воделе помеѓу држави и идеологии, а денес помеѓу народите и верските групи. Војните нема да излезат од контрола

доколку се водат помеѓу народи од иста цивилизација, туку во случај ако се водат помеѓу народи од различни цивилизации.

Во новото геостратегиско и геополитичко позиционирање на големите сили за 21-виот век, Балканскиот полуостров се најде во зафатот на најопасниот геополитички и геостратегиски триаголник - најризичниот простор на кој ќе се одиграат големите игри и комбинации на големите сили за и на почетокот на XXI век. Земјите лоцирани во зафатот на овој триаголник, на кои избувнаа голем број на конфликти беа и останаа колатерална штета на игрите на големите сили.[8]

За да ја доведеме во контекст геополитичката и геостратегиската позиција на Западниот Балкан, можеме да ја искористиме теоријата на Јанакос. Имено, според него, на овој регион постојат два геополитички неусогласени триаголника, кои се преклопуваат и се определени од даден број точки, кои одговараат на конкретните географски црти во регионот.

Првиот триаголник го сочинуваат Белград - Букурешт - Атина (ББА), во кој припаѓаат дунавските рамнини како своја основа и го допира Средоземното Море. Тој е пресечен од  триаголникот Загреб - Тирана - Истанбул (ЗТИ), кој ги поврзува Јадранското крајбрежје и протоците Босфор и Дарданели. Дихотомиите на двата триаголника создаваат една хоризонтална и една вертикална оска, чие меѓусебно дејствување е натпреварувачко и непријателско. Овие оски можат да се опишат како северно - јужна оска и источно - западна оска. Историски, врската меѓу двата триаголника понекогаш се карактеризира со екстремен антагонизам. Периодите на соработка и договор обично не траат долго и се ограничени по обем. Она што следи брзо е продолжено неволие и нивно неискористување како основа за градење доверба и верба.[9]

Според истиот автор содржината на врските помеѓу двата триаголника во голема мера е под влијание на четири екстра-регионални точки на притисок, што можеме да ги замислиме како точки на еден круг што ги опфаќаат двата преклопувачки триаголника:

- Првата, можеме да ја опишеме како точка на притисок од Блискиот Исток, а нејзините корени се во Блискиот Исток и нејзината предна страна се протега долж континенталната гранична линија меѓу Европа и Азија или, уште попрецизно, од Босфор и Дарданели на долниот брег на Мала Азија, па сè до Кипар.

---

[8] Котовческа, Благица. Критичко геополитичка, геостратегиска и безбедносна анализа и дефинирање на конфликтот во Република Македонија - докторска дисертација, Скопје, 2018

[9] Јанакис, А. С. (Editor) (2009). Етнички конфликт: Религија, идентитет и политика. Скопје: Просветно дело

- Втората точка на притисок е медитеранската. Таа почнува во западниот дел на Медитеранот и нејзиното замислено поле оди преку западниот и југозападниот брег на Југоисточна Европа.
- Третата точка на притисок почнува во Евроазија и нејзиното замислено поле оди по западниот брег на Црно Море.
- Четвртата точка почнува во Централна Европа и нејзиното замислено поле е покрај северозападната периферија на Балканскиот Полуостров.

Историската врска меѓу четирите екстра-регионални точки на притисок, онака како што се однесуваат тие врски на нивните цели кон Балканскиот регион, се движи од апсолутна неспоивост до целосна споивост. Точката на притисок на Блискиот Исток, на пример, речиси никогаш не била споива со таа на Евроазија. Медитеранската и централноевропската се неспоиви само под одредени околности, а сигурно е дека никогаш не се целосно неспоиви. Слично, медитеранската точка на притисок отсекогаш била неспоива со евроазиската, додека пак, нејзината врска со точката на Блискиот Исток донесува различни расположливи и сразмерни нијанси и на споивост и на неспоивост. Исто така, врската меѓу централно - европската и евроазиската точка е сложена. Двете точки се стремат кон неспоивост, освен кога Централно - европската точка станува неспоива со точката од Блискиот Исток.

Како што е нагласено во првиот дел од ова истражување, Република Северна Македонија, како земја со специфична геополитичка и геостратегиска положба, позиционирана во центарот на Балканскиот полуостров е подложна на илегална миграција и се наоѓа на крстосницата на мигрантските рути кои водат од Азија и Африка кон Централна и Западна Европа[10]. Врз основа на историските константи, нашата држава може да се опише како држава која има контактна, гранична и јазолна геополитичка положба. Од аспект на политичко-географската анализа, нејзината положба може да се оцени како LLC (Land Locked Country) положба на опкружување, кога државата од сите страни е опколена со копно. Ова физичко-географско нормирање мора да се анализира со целокупниот политички, безбедносен, економски потенцијал на копното во поблиското и поширокот опкружување. Таквата положба во контекст на вечната борба на теориите за телурократија и таласократија, како и политичките процеси особено по осамостојување на државата

[10] Влада на Република Македонија, Национална концепција за безбедноста и одбраната, достапно на http://arhiva.vlada.mk/files/Vladina koncepcija za bezbednost.pdf

донесоа, во неколку наврати, нашата држава да стане колатерална штета во процеси во кои не беше директно инволвирана[11].

Сега, откако ја дефиниравме улогата на геополитиката во креирање на политичката, безбедносната состојба во земјите кои се дел од субрегионот на Западен Балкан, можеме да преминеме на дефинирање на миграцијата во генерални црти, а конкретно ќе се задржиме на илегалната миграција и организираниот криминал со криумчарење мигранти.

Геополитичката димензија на миграцијата многу поретко се зема предвид, особено геополитичката димензија на причините за миграции и нејзините геополитички последици. Миграцијата, со сите геополитички аспекти претставува историска константа, која е многу важна за секој еден кој ги проучува процесите на основање, развој и изумирање на една држава како територијален и геополитички ентитет. Многупати во историјата се покажало како константа дека масовните миграции, особено на цели народи ја менувале судбината на цела држава: некои од нив ги потресувале од корен, ја трансформирале нивната природа, ја разорувале целосно и на разрушените темели граделе доведувале до основање на сосема нови држави, нови геополитички ентитети.[12]

Геополитиката на глобално рамниште, според професорот Тони Милески, ни укажува дека се соочуваме со геополитички трендови што го профилираат сознанието дека полека, но сигурно се наметнуваат сценарија и мислења кои упатуваат на констатацијата дека во контекст на евроатланската експанзија е можно слабеење на врските помеѓу САД и ЕУ во корист на евро-азиското или американско-пацифистичко зближување... Мултиполаризмот неминовно ќе мултиплицира ризик од различни безбедносни закани, меѓу кои и глобалните миграции[13]

Движењето на населението, или феноменот на мигрирање е феномен стар колку и човекот и одигра клучна улога во оформувањето на светот каков што е денес. Во последните години миграциите станаа поважни на меѓународната агенда, поради зголемената зачестеност и последиците врз меѓународните односи, вклучувајќи ја и безбедноста на државата[14].

[11] Милески, Тони, Геополитичка положба на Република Македонија:Студија за постојани геополитички влијанија и трансформации, Зборник на трудови Геополитичката и геостратегиската положба на Република Македонија во услови на мигрантската и бегалската криза, МАНУ, Скопје, 2017

[12] Александар Саша Гајић, Геополитика сиријских миграција и ЕУ

[13] Милески, Тони, Геополитичка положба на Република Македонија: Студија за постојани геополитички влијанија и трансформации, Зборник на трудови Геополитичката и геостратегиската положба на Република Македонија во услови на мигрантската и бегалската криза, МАНУ, Скопје, 2017

[14] Вилијамс, Пол, Студии по безбедност, 2012, Поглавје 31, Движење на населението-Сита Бали, стр.468-469

Во пракса, движењето на луѓето - преселбата на народите, без разлика дали се работи за мигранти, бегалци или азиланти, е појава стара колку што постои човечкиот род, а миграциите имаат есенцијална важност во обликување на светот во кој живееме денес. Миграциските процеси можат да бидат полезни, не само за земјите кои се финална дестинација, кои од новодојдените мигранти често имаат економски бенефит и добиваат работоспособна и квалификувана работна сила, по пристапна цена, зголемувајќи го економскиот раст, а можат да бидат од полза и за семејствата на мигрантите кои останале да живеат во земјите на потекло на мигранти, бидејќи добиваат парични средства. Миграцијата и преселбите на мигранти од една во друга цивилизациска средина можат да имаат позитивен импакт при поврзување и изградба на мостови на пријателство помеѓу различните заедници и ги засилуваат врските со татковината[15].

„Традиционалната сувереност подразбира дека државјанскиот статус претставува важна граница помеѓу нашата држава и друга соседна држава, помеѓу домашното и странското. Либералната политика поаѓа од претпоставката дека секој човек има право на слобода. Слободата претставува највисока и единствена универзална вредност која ја има секој човек на овој свет, без разлика на тоа каде се родил. Раѓањето во една држава е нешто на кое никој не може да влијае. Никој не е заслужен за тоа што се родил во мирен и демократски дел на светот, ниту виновен што се родил во беда и диктатура, или во војна и ропство. Поради тоа што луѓето се родиле во оној полош и несигурен дел на светот, не заслужуваат да бидат трајно казнети...“, потенцира Дејан Јовиќ.[16]

Миграција претставува движење од едно место до друго, не само во рамките на една држава, туку и на регионално и интернационално ниво. Промената на место на живеење или привремен престој има влијание на квалитетот на животот, напуштање на старите и стекнување на нови навики, како и адаптирање на новата средина. Луѓето кои мигрираат се нарекуваат мигранти, без разлика на причините поради кои се селат. За земјата од која се иселуваат тие имаат улога на емигранти, а за земјата во која се вселуваат тие претставуваат имигранти.

Појавата на миграции, масовни преселби на луѓе од една во друга држава, е појава што отсекогаш резултирала главно од економски причини, иако во одделни периоди (војни, тоталитарни режими, и т.н.), зад таквите движења стоеле идеолошки, политички и други фактори. Причините за миграција на луѓето најчесто се врзуваат со промената на општественото уредување (распаѓање на големите држави), како и ниската стапка на

[15] Вилијамс, Пол, Студии по безбедност, 2012, Поглавје 31, Движење на населението-Сита Бали, стр.470
[16] Јовић, Дејан, „Азиланти и рат либералне и конзервативне Европе“, Нови Стандард, 13. октобар 2015

вработеност, нискиот животен стандард, зголемена стапка на криминалитет, воени интервенции, граѓански војни. Глобализацијата во голема мера ги создава новите демографски промени во насока на создавање на големи миграциски процеси поради најразлични причини. Причините поради кои се условува самата миграција можат да се согледаат и во самото дефинирање на видовите на миграција на легалната и нелегална миграција.[17]

Постојат повеќе причини за миграции: зголемување на бројот на населението, технолошкиот развој, климатски промени, воени конфликти, климатски промени, глобализација, потрага по подобра заработувачка, еколошки фактори, економска и социјална стабилност, безбедносни импликации, подобро образование, социоекономски проблеми, идеолошки конфликти, демографски пораст или намалување, нагло иселување на руралното население во урбани центри, промена на начин на живот како резултат на технолошка модернизација, негативни климатски промени, загадување на воздухот, девастиран здравствен и образовен систем, еколошки катастрофи, ресурсна инсуфициенција, меѓуетнички и меѓурелигиски конфликти, криза на идентитет, рушење на етички и морални вредности, геостратешки ривалства са вмешување на надворешни сили, на кои има одговара дестабилизацијата, а на кои епицентар им беше арапскиот свет. Оттаму започна една нова фаза во која се јавуваат неколку различни глобални геостратешки сценарија во услови на светската економска криза. Иницијалниот и најсилен фактор на дестабилизација на режимот на просторот на средниот дел на „Римлендот“, може да се идентификува во манипулацијата со цените на храната од страна на глобалните финансиски мешетари кои успеаја да ги покренат драстично најпрвин социјалните, а веднаш потоа и меѓуетничките тензии.

Најважната причина поради масовните миграции на прво место се воените дејствија и конфликти, а потоа економските и социјални причини. Со цел потрага по подобар и поквалитетен живот, луѓето се подготвени да ги поминат границите на сопствените држави, на регуларен, но и на нерегуларен начин. Нерегуларните миграции, во последните години се во масовна експанзија, а особено се изразени во неразвиените земји, зафатени со воени дејствија, безбедносна нестабилност и економска и социјална неразвиеност. Во прилог на илегалните миграции секако одат глобализациските процеси, користење на софистицирани технологии, развој на интернетот, што резултираше со дигиталното криумчарење („digital smuggling“). Ирегуларните мигранти, водени од желбата по подобар и поквалитетен живот,

[17] Камбовски В."Организиран криминал", Скопје 2005, стр.271

често стануваат таргет на организираните криминални мрежи кои вршат криумчарење мигранти и трговија со луѓе.

Илегалната миграција, по дефиниција претставува влез на мигранти во друга држава, на места кои се надвор од официјалните гранични премини, избегнувајќи ја официјалната гранична контрола на овластените полициски и цирински службеници, без соодветни документи за идентификација, потоа со фалсификувани документи, но и незаконски престој во друга држава. Всушност илегалната миграција генерално значи движење на мигранти, кое се одвива спротивно на законските прописи на земјата на потекло, транзит и финална дестинација.

Зошто е важно да се истражува илегалната миграција? Постојат две главни причини за тоа, а тоа е пред сѐ закана за личната безбедност, односно ризиците по животот на мигрантите, но и по животот на домицилното население, здравствените ризици, можноста мигрантите кои своеволно се одлучиле да користат илегални начини на преминување на државните граници користејќи ги услугите на криминалните групи, лесно да станат жртви на трговија со луѓе, односно трудова, сексуална или друг вид на експлоатација, потоа повреда на човековите права и социјална безбедност. Илегалната миграција претставува закана и по националната безбедност, која пред сѐ се рефлектира врз повреда на суверенитетот на државата, ризици за јавниот ред и состојбите со криминал.

Во своето дело „Шверц и трговија со луѓе", сите патишта водат кон Америка, Шелдон С. Џанг криумчарењето на мигранти го дефинира како „шверцот на луѓе е услуга за патување за финансиска добивка во замена за нелегален влез во некоја земја на некој што или не е квалификуван или не сака да оди по легални канали.[18]

Според Бери Бузен во својата книга „Луѓе, држави и страв", тврди дека безбедноста на човековата заедница е под влијание на фактори од пет главни сектори:

- Воен: засегнат со играта меѓу вооружените офанзивни и дефанзивни можности на државите и перцепцијата на државите за меѓусебни намери;
- Политички: засегната за организационата стабилност на државите, системите на влади и идеологиите кои ја даваат легитимноста;
- Економски: се движат околу пристапот до ресурсите, финансиите и пазарите неопходни за одржување на прифатливо ниво на добросостојба и државна моќ;
- Општествени: фокусиран на одржливост и развој на традиционалните шеми на јазик, култура и религиозен и национален идентитет и обичаи;

[18] Џанг Ш.С."Шверц и трговија со луѓе, сите патишта водат кон Америка", Академски печат,Скопје,2009, стр.15

- Еколошки: засегнат за одржување на локалната и планетарната биосфера како суштински систем за поддршка, од кој зависат сите останати човечки потфати.[19]

Според Меѓународната организација за миграција ИОМ, во светот има денеска околу 130 милиони мигранти, од кои 20 во 40 милиони се мигранти кои нелегално ја поминуваат границата, а во секое време во движење се околу четири милиони илегални мигранти; од нив, секоја година во западноевропските држави влегуваат од 300.000 до 450.000 илегални мигранти годишно.[20] Според извештајот од Меѓународната организација на трудот (МОТ) се проценува дека 24.9 милиони жртви се жртви на модерното ропство[21].

## 2.2 ГЕОПОЛИТИЧКИ КОНТЕКСТ НА МИГРАНТСКИТЕ РУТИ

Илегалната миграција во Европа се одвива по две главни оски: од југ кон север и од исток кон запад[22]. Постојат неколку главни правци по кои (според Фронтекс) илегалните мигранти тргнуваат на пат кон Европската унија:

Западноафриканската рута, Западномедитеранската рута (која од земјите на Магреб до Шпанија и Франција), Централномедитеранска рута (од либиските и туниските брегови кон Апенинскиот полуостров), Рута низ Апулија и Калабрија, Западнобалканска рута (од Грција, низ Северна Македонија и Србија до Унгарија и Хрватска), Источномедитеранска рута (прекуморските патишта од Левант до грчките острови па, оттаму кон Балканскиот полуостров) и (најретко користена) рута преку источните граници (од постсоветскиот простор) кон централните земји на Европската унија.

Република Северна Македонија е дел од т.н. „Западнобалканска рута“. Но за да стигнеме до анализа на оваа рута, треба да извршиме анализа на главните рути, преку кои мигрантите од Азија и Африка можат да пристигнат во Европа:

[19] Пол, Д. В. „Студии по безбедност“, Арс Ламина, Скопје 2012, стр.4
[20] Камбовски В. "Организиран криминал",Скопје, 2005, стр. 272
[21] https://www.humanrightsfirst.org/resource/human-trafficking-numbers
[22] Triandafylliu and Maroukis, 2012




*Мапа на број на мигранти по мигрантски рути во 2015 и 2018 година – извор: Frontex/кредитwww.infomigrants.com*




*Дијаграм: Илегални преминувања низ Источномедитеранската рута (извор: Frontex)*

Најзначајни правци се оние преку северноафриканскиот брег преку Средоземјето до „мекиот“ дел на европскиот западен дел на Римленд (западна, централна и источна средоземноморската рута), како и онаа која оди преку турскиот брег до грчките острови, а

оттаму, преку Балканскиот полуостров, кон Средна Европа. Ова се правците кои имаат истакнато геополитичко значење и кои ја отсликуваат ранливоста и порозноста на интегрираниот европски југ со Европската унија со сé уште неинтегрираниот во ЕУ, т.н. субрегион Западен Балкан, во кој освен нашата држава, припаѓаат и Србија, Црна Гора, Албанија, Босна и Херцеговина и Косово. Овој дел од Балканот истовремено претставува систем на споени садови за илегална миграција и организираниот криминал со криумчарење мигранти, но и штит кој го претставуваат земјите од Западен Балкан за продор на илегалните мигранти кон земјите на ЕУ.

Според анализа на германскиот весник „The Frankfurter Allgemeine Zeitung“, во која се собрани статистички податоци за миграциските рути, бројот на пристигнати мигранти без документи во Европа се намалени за 95% споредбено со летото 2015 година. Оние кои се решени да стигнат на европско тло постојано бараат нови и различни рути.

**Како се менуваат рутите?**

Во 2015, Централномедитеранската рута од Северна Африка, беше една од најпопуларните рути кон Европа. Најголемиот број мигранти кои ја користеа оваа рута потекнуваа од Либија, Тунис, Еритреа, како и други земји од Субсахарска Африка нивна цел беше да пристигнат во Италија или Малта.




*Централномедитеранска рута, Извор Frontex | Кредит InfoMigrants*

Во февруари 2017 година, ЕУ лидерите одлучија да ја зголемат соработката со либиската влада и Европската крајбрежна стража, со намера да ја спречат миграцијата од оваа земја. Како резултат на оваа одлука, веќе во средината на истата година, значително се намали бројот на илегални обиди преку оваа рута, една петина од истиот период од 2016

година. Либија е главна точка на поаѓање кон Европа, односно Италија и Малта, за мигрантите од Тунис и Алжир.

Источномедитеранска рута води од Турција кон Грција и е најексплоатирана рута за мигрантите од Сирија, Арапски Емирати, Авганистан Пакистан, но и Ирак и Сомалија. Преку Источномедитеранската рута, 885.000 луѓе пристигнаа во ЕУ (17 пати повеќе од 2014 година), а најголем број од мигрантите беа бегалци од Сирија, потоа Авганистан и Сомалија, а своето патување го продолжуваа низ нашата држава и Западнобалканската рута. Во 2017 и 2018, најголемиот број на мигранти по Источномедитаранската рута беа од Сирија и Ирак. Во март 2016 година, по потпишувањето на договорот помеѓу ЕУ и Турција, бележиме остар пад на илегални мигранти долж оваа рута, односно 41.720 луѓе стигнаа во Европа, 77% помалку од претходната рута.




*Источномедитарнска рута, Извор Frontex | Кредит: InfoMigrants*




*Источномедитаранска рута / Извор: Европол*

Западномедитеранската рута, се протега од Мароко кон Шпанија, а најблиската точка со европското тло е на само 14 километри. Бројот на илегални мигранти кој во 2017 година двојно се зголеми со 23.143 илегални мигранти, најмногу од Мароко, Алжир и Брегот на слоновата коска, кон Шпанија, продолжи и во 2018 година, при што мигрантите се пренесуваа со дрвени рибарски бродови, а нивниот број нагло се зголеми за цели два пати, односно над 52.000 мигранти.



*Западномедитеранска рута | Извор: FAZ*

Што се однесува до Западнобалканската рута, од која дел е и нашата држава, во овој напис се вели дека таа се протега низ Македонија, Србија, Хрватска, Словенија или Унгарија, а понатаму продолжува кон Австрија и Германија. Голем број на мигранти од Средниот Исток ја користат оваа рута, откако ќе ја поминат Источномедитеранската рута, од Турција кон Грција. Всушност Западнобалканската рута претставува продолжение на Источномедитеранската рута.




*Западнобалканска рута | Credit: InfoMigrants*

Според податоците на Фронтекс, бројот на регистрирани мигранти, во 2017 падна на 12.000, како резултат на затворањето на оваа рута. Откако Унгарија, Словенија, Хрватска, Србија и Македонија ги затворија своите граници за мигрантите, мигрантите започнаа да ја користат паралелната рута од Албанија, Црна Гора кон Србија или Босна и Херцеговина (Јадранско-крајбрежна рута), а мал дел ја бираа рутата преку Бугарија кон Романија.

Источната рута претставува 6.000 километри долгата граница помеѓу Белорусија, Молдавија, Украина и Русија со членките на ЕУ од Источна Европа, но според извештаите оваа рута се користи многу малку.

Според податоците на УНХЦР, во светот повеќе од 68 милиони луѓе се избркани од своите домови, а 40 милиони се внатрешно раселени. Кон крајот на 2017, мигрантите потекнуваа во најголем број од Сирија-6,3 милиони и Авганистан-2.6, потоа следат Судан, Мјанмар и Сомалија, не земајќи ги предвид внатрешно раселените лица.




*Најголемите земји на потекло на бегалци и мигранти – Извор Info migrants*

Главната причина за присилната миграција секако е војната и насилството. Повеќе од половина бегалци доаѓаат од региони каде се водат војни: Сирија, Авганистан и Јужен

Судан. Во Германија, повеќе од 70% од регистрираните баратели на азил доаѓаат од кризни воени жаришта, според Германската федерална канцеларија за миграции и бегалци.

Развиените земји се домаќини на 85% од светските бегалци. Земја домаќин на најголем број бегалци е Турција, каде престојуваат 3.5 милиони, Пакистан и Уганда секоја по 1.4 милиони, Германија е шеста со 930.400.




*Мапа на најголемите земји домаќини на мигранти, извор Infomigrants.com*




*Дијаграм на најголемите земји домаќини на мигранти, извор Infomigrants.com*

## 2.3 ЗАПАДНОБАЛКАНСКАТА И ДРУГИТЕ МИГРАНТСКИ РУТИ

Откако ги дефиниравме најголемите мигрантски рути кои водат кон Европа, ќе се задржиме на Западнобалканската рута е која е главен предмет на интерес на ова истражување.

Имено, во 2014 години, вкупно 283.532 илегални мигранти успеаја да влезат во ЕУ преку Средоземното море или низ земјите на т.н. Западен Балкан, што претставува два и пол пати поголем број од 2013 година. Половина од овие мигранти беа од Сирија, Еритреја и Авганистан, земји опфатени со воени конфликти или со многу неповолна безбедносна состојба, а другата половина од останатите северноафрикански, субсахарски и земји од Блискиот Исток.

Во 2015 та година трендовите значително се менуваат. Приматот го зазема рутата која оди од Турција, кон Грција, а потоа кон Балканот, а првенство преку поморскиот средоземноморски правец на кој прва одредница беше Италија. Веќе во првите шест месеци од 2015 година бројот на илегални мигранти ја надмина бројката на вкупно регистрирани илегални мигранти за цела 2014 година, со постојана тенденција, нивниот број постојано да расте. По средоземноморскиот пат, кон Италија забрзано пристигнуваа мигранти од Африка (првенствено Еритреја, Сомалија и Нигерија), но многу помногубројни се оние од земјите на Блискиот Исток кои, во Турција, пристигаа првенствено од Сирија (57%) и Авганистан (22%). Според статистичките показатели на релевантните европски институции кои ги следат состојбите со миграциите, само во првите осум месеци од 2015 година, бројот на имигранти кој пристигна во ЕУ, беше оценето дека надмина половина милион. Според Еуростат, регистрирани се 600 илјади барања за азил, во текот на 2014 година (прифатени помалку од една третина), со што беше срушен „рекордот“ од 1992 година. Две третини од пристигнатите азиланти најдоа свое прибежиште во четири држави на ЕУ – Германија, Шведска, Италија и Франција. Во првата половина од 2015 година бројот на барања за азил ја достигна бројката од 400.000.[23] Според проценките на релевантните

[23] "Greece completes anti-migrant fence at Turkish legends border". Kathimerini. 17 December 2012. http://www.ekathimerini.com/147035/article/ekathimerini/news/greece-completes-anti-migrant-fenceat-turkish-border, пристипено на 24.10.2015. 7 "ЕС MEMO, Brussels, 7 October 2014,
Frontex Joint Operation 'Triton' – Concerted efforts to manage migration in the Central Mediterranean". European Union, European Commission.
http://europa.eu/rapid/press-release_MEMO-14-566_en.htm, пристапено на 24.10.2015. Според "Annual Risk Analysis 2015", Frontex, 27 April 2015. стр. 59.
http://frontex.europa.eu/assets/Publications/Risk_Analysis/Annual_Risk_Analysis_2015.pdf#page=59, посетена на 19.10.2015
Александар Саша Гајић, Геополитика сиријских миграција и ЕУ

институции, повеќе од 3.000 мигранти, го изгубиле својот живот во водите на Средоземно море, и тоа само во 2014 година, обидувајќи се стигнат на европското тло по морски пат. Се смета дека од 2000 до 2013 година, односно за само 13 години, над 22.000 мигранти се удавиле во прекуморските рути, очајно посакувајќи да стигнат на својата крајна одредница.[24]

И додека до 2014 година најголемиот број на мигранти пристигнуваше од поствоената и разрушена Либија и тоа преку Централномедитеранската рута директно во Италија (се проценува дека нивниот број изнесува околу 170.000), а мал дел, само околу 50.000 преку источно-медитеранската рута од Турција во Грција, во 2015 година се случи значаен пресврт: третина од сите мигранти чија цел беше да стигнат во Европа, ја користеа рутата која води од Турција, преку Грција, кон Средна Европа и земјите од ЕУ. Имено, од јануари до септември 2015 година, преку Централно-медитеранската рута, во Италија пристигнале околу 121.000 мигранти, додека преку Западнобалканската рута, во истиот период над 310.000 мигранти, најмногу Сиријци, околу 70%.

Фронтекс[25] во своите извештаи посочува дека членките на ЕУ треба да останат внимателни иако е намален трендот на пристигнувања на мигранти во овие земји. Особена внимателност се посочува во однос на Источномедитеранската рута. Минатата година најмалку мигранти пристигнале преку Централномедитеранската рута преку Италија, која е речиси целосно затворена откако министер за внатрешни работи стана националистот Матео Салвини.

Но, откако таа рута е затворена мигрантите наоѓаат нови, па така медитеранскиот пат преку Мароко и Шпанија бележи двојно поголем број мигранти кои се обидуваат оттаму да пристигнат во ЕУ. Повеќето мигранти кои ја користат оваа рута се од Супсахарска Африка.

Следејќи ги статистичките параметри и политичко-безбедносните случувања во регионот можеме да забележиме дека миграциските текови изминатите неколку години бележат брзи промени. Од септември 2014 година миграциските текови кои транзитираа низ Југоисточна Европа резултираа со постојано зголемување, во текот на 2015 година, ваквиот тренд достигна кулминација низ земјите во регионот и пошироко. Со воведувањето

[24] Според "Annual Risk Analysis 2015", Frontex, 27. April 2015, стр. 59. http://frontex.europa.eu/assets/Publications/Risk_Analysis/Annual_Risk_Analysis_2015.pdf#page=59, посетено на 19.10.2015

[25] Расте бројот на илегални мигранти, но и на криумчари, 21.02.2019 година, www.radioslobodnaevropa.com.мк, посетена на 02.03.2019

на рестриктивните политики на Европската унија, во 2016 година, бројот на илегални преминувања и бројот на баратели на азил во земјите кои се дел од Западен Балкан бележи континуиран пад, чија тенденција на намалување продолжи и во 2017 година, сè до средината на 2018 година, кога тренд на зголемување бележат илегалните преминувања долж Источномедитеранската рута, преку Грција, како резултат на промената на рутата и користењето нови правци за илегално преминување преку „Јадранска крајбрежна рута“. Илегалните преминувања на Европските надворешни граници, се на најниското ниво споредено со претходните пет години, поради намалување на бројот на илегални мигранти долж Централномедитеранската рута, со крајна дестинација Италија.

Во овој период најактуелна е Западномедитеранската рута кон Шпанија, каде транзитираат мигранти од Мароко, Гвинеја и Мали, како и копнената рута од Турција кон Грција, а забележан е зголемен број на мигранти пристигнати на грчките острови. Бројот на мигранти во Турција во 2018 е зголемен за 52%, каде се стационирани четири милиони мигранти, од кои 3,5 милиони се Сиријци. Рестриктивната политика и зголемените гранични контроли на Балканот, придонесоа за воспоставување на нови алтернативни миграциски рути за илегално преминување на мигрантите и тоа Западномедитеранска рута преку Грција, како и појавата на т.н. „Јадранска крајбрежна рута“. Ваквата состојба придонесе во 2018 година за зголемување на миграциските текови низ територијата на Босна и Херцеговина, каде мигрантите илегално влегуваат преку Србија и Црна Гора, а потоа преку Велика Кладуша и Бихаќ, илегално влегуваат во Хрватска. Во Романија и Унгарија, како и во земјите од опкружувањето Албанија и Бугарија, состојбата е стабилна.

Во Европа, најактуелна рута во моментот е Западномедитеранската рута кон Шпанија, но и копнената рута од Турција кон Грција, каде е забележан зголемен број на мигранти пристигнати на грчките острови. Во првите девет месеци од 2018 година, околу 35.500 илегални преминувања се регистрирани долж Западномедитеранската рута преку Шпанија, двојно повеќе од истиот период минатата година. Најголем број од мигрантите се по потекло од Мароко, Гвинеја и Мали.

Источномедитеранската рута преку Грција повторно бележи зголемување за околу 40% на бројот на илегални преминувања, пред се́ заради зголемување на обидите во последните месеци на копнената граница со Турција, од страна на мигранти од Сирија и Ирак. Бројот на мигранти кои пристигнуваат во Европа преку Централномедитеранската рута - Италија и понатаму бележи намалување за околу 80% во споредба со претходната година. Најзастапени се мигрантите по потекло од Тунис и Еритреја.

Илегалните мигранти во Европа пристигнуваат од Сирија, Пакистан, Авганистан и Ирак, но и од Сенегал, Сомалија, Нигерија и Мароко, потоа Индија, Бангладеш, Кина и Виетнам.

Изминатата година сѐ уште е доста активна Западнобалканската рута, така што илегалните мигранти кои ќе пристигнат на грчките острови и во близина на Атина, со воз и возила се упатуваат во северниот дел на Грција и се сместуваат во близина на границата со Северна Македонија, чекајќи да се обезбедат услови за илегално преминување на границата во околните гевгелиски села. Потоа, со организиран превоз се носат до северниот дел на границата со Р. Србија, од каде заминуваат преку Унгарија или Хрватска кон земјите од Западна Европа.

Според извештаите на Европол, на територијата на земјите кои се дел од субрегионот на Западен Балкан, минува Западнобалканска рута, во која се идентификувани два главни правци:

- Првиот започнува од Грција-Албанија, кон Црна Гора, каде се разгранува на две подрути: Босна и Херцеговина или кон Косово и Србија
- Вториот минува низ Северна Македонија, која ја користат најчесто мигранти од Пакистан и Авганистан, а ги користат услугите од локалните криумчари и регионалните организираните криминални групи, кои вршат криумчарење од Грција, низ Република Северна Македонија кон Србија, преку селата во Гевгелискиот и Дојранскиот регион, а поретко и преку селата лоцирани кај ГП Меџитлија. Годинава, како и лани продолжува трендот на опозитна рута од Србија преку Северна Македонија кон Грција.

Анализирајќи ги статистичките параметри, се наметнува сомнеж дека постојат индиции за плански организирано и планирано масовно мигрирање во Европа, во поновата историја во незабележани размери (100% зголемен број на мигранти во 2015 година во споредба со 2014 година). Постојат разни шпекулации кој стои зад овие масовни миграции од Блискиот исток и кој ги насочува кон ЕУ.

Според одредени аналитичари, ова е стратегија на т.н. „атлантисти“ и нивните следбеници, сојузните петродоларски монархии, на кои им одговара напливот на мигранти да се насочи кон Европа. Според нив, оваа операција е потпомогната од различните доброволни организации од САД и другите англосаксонски земји чии медиум се изразуваат

крајно афирмативно кон обидите на мигрантите да стигнат до финалните дестинации[26]. „Секое утро, пред банкоматите на Атина, Белград, Будимпешта, односно во пограничните места, се прават редови во кои се собираат мигранти, некој значи, од онаа страна им праќа пари“[27].

Други истражувачи на овој феномен, како Јелена Ларнова, специјалист во областа на информациска технологија, тврди дека вината за оваа состојба автоматски не ја префрла на политичките врвови, кои во вакви сложени ситуации и своите геополитички цели не раководат непосредно со организираните миграции. Таа оди дотаму што смета дека „операцијата со бегалците“ ја организира, финансира и поттикнува група, односно сојуз на разни невладини и други организации поврзани со шпионски, финансиски, крупни медиумски и други кругови. Тие имаат влијание на највисоките политички кругови на Западот. Ваквите сојузи претставуваат столбови на глобалната криминална економија, која со посредство на банкарско-финансиските сфери директно взаемно делува на легалите економии”.

На иста бранова должина е и десноориентираниот унгарски премиер Виктор Орбан, кој за организирање и финансирање на масовните миграции преку територија на Унгарија го обвини Џорџ Сорос. Според други политички аналитичари, зад миграциските процеси од Блискиот Исток, стои Турција, која на овој начин сака да ја уцени ЕУ да го отвори нејзиниот блокиран процес за евроинтеграција, а притоа итно да добие доволно средства за издржување на масата мигранти сместени во камповите на југот на Турција.

Според Андреј Корбико, „Ердоган планираше проблемите кои ги предизвикува напливот на мигранти да го искористи како некој вид уцена во „преговарачкиот процес“, со помош на кој би успеал да добие забрзан прием на Турција во ЕУ....Кога покренал стотици илјади сириски бегалци од своите кампови, Ердоган беше свесен дека ќе поттикне хуманитарна, социјална и политичка криза во ЕУ, која ќе биде принудена клечејќи на колена да го моли да го сопре бранот мигранти по секоја цена. Воден од овој мотив, замина за Брисел со фрапантно барање до ЕУ да исплати на неговата земја милијарда долари и да им овозможи забрзан прием во ЕУ, што само докажа, дека од почеток планираше картата на бегалците да ја користи како уцена заради остварување на своите цели.“

Мигрантската криза доведе до други промени, како што е преземањето на рестриктивни мерки на земјите од ЕУ, со цел да се заштитат од напливот мигранти, а со тоа

[26] Александар Саша Гајић, Геополитика сиријских миграција и ЕУ
[27] Милошевић Ђорђе, „Окупација Европе: реална опасност или ирационални страх?, портал НСПМ; http://www.nspm.rs/savremeni-svet/okupacija-evrope-%E2%80%93-realna-opasnost-ili-iracionalanstrah.html?alphabet=l

делумно го нарушија „Шенгенскиот договор". Во овој правец се мерките кои ги презеде Кралството Данска која ги затвори своите железнички и автомобилски правци кон Германија. Германија пак веднаш потоа воведе привремена гранична контрола со Австрија, а истовремено Чешка ја зајакна граничната контрола кон Австрија. Следниот ден, Австрија го направи истото на границата со Унгарија, притоа ги користеше своите полициски и воени капацитети. Не остана покуса и Унгарија, која распореди свои полициски сили на границата со Србија, воведувајќи притоа законски пропис за илегален влез во оваа земја казната затвор да изнесува три до пет години.

Сите овие мерки имаа негативни импликации кај мигрантите кои сакаат да стигнат во ЕУ, односно беа регистрирани бројни гранични инциденти, судири и нереди со полицијата и со војската. Унгарија подигна бодликава жица долга 175 километри по цела граница кон Србија, а потоа и дел од границата со Хрватска. Словенија го блокираше влезот на мигранти од Хрватска, рестрикции на железничкиот сообраќај на Германија кон Австрија. Сето тоа доведе до политички несогласувања и конфузија помеѓу земјите членки на ЕУ и доведе во поларизација во меѓународните односи. Предлогот на Жан Клод Јункер, за разместување на 160.000 баратели на азил по принципот на договорени квоти, не наиде на одобрување кај земјите членки на Вишеградската.

Според мислењата на политичките аналитичари, не беше во прашање бегалска криза, туку преселба на народите. Ова тврдење го поткрепуваат со фактот што при напливот на мигранти, најголем број се работеше за млади и военоспособни мажи, кои патуваа без своите семејства, кои ги оставаат своите најмили и родните огништа на милост и немилост. Никој со сигурност не може да каже дали меѓу тие млади луѓе нема воени дезертери или парамилитарни и терористички структури. Оваа индиција секако треба да се земе како можна, бидејќи помеѓу нив, безбедносните разузнавачки служби успеаја да пронајдат терористи.

Освен тоа, меѓу овие лица беа и мигранти кои се имотни, добро облечени, одлично организирани, со смарт-телефони, мапи на држави, обележани маршрути, дури кај дел од нив беа наоѓани „прирачници" со корисни информации за земјите, критични точки, контакти од лица кои би им помогнале, информации за населението во земјата, локална валута, засолништа, пари на сметки во банка и други информации кои одат во прилог на хипотезата дека се работи за нешто повеќе од немоќни бегалци.

Исто така, беа регистрирани многу инциденти во земјите кои ги прифаќаа, односно покажуваа насилство и агресивно однесување. По потпишувањето на договорот помеѓу ЕУ и Турција за сопирање на мигрантскиот бран, илјадници мигранти се најдоа заглавени низ

земјите на Западнобалканската рута. Јавно незадоволство уште еднаш искажа унгарскиот претседател Орбан дека ЕУ се продала на Турција, јавно критикувајќи го овој според него штетен договор.

## 2.4 ГЕОПОЛИТИКАТА И ПРОМЕНИТЕ НА МИГРАНТСКИТЕ РУТИ

Со пристигнувањето на речиси еден милион лица од кризните подрачја на кои им беше неопходна хуманитарна помош, во 2015 и 2016 година, Република Северна Македонија, како и државите кои се дел од субрегионот на Западен Балкан се соочија со масовен прилив на бегалци и мигранти, кој ги надминуваше постоечките капацитети за прием, сместување и справување со новонастанатата ситуација. Иако иницијалниот одговор на институциите беше бавен и ad-hoc, со помош од меѓународните организации и преку соработка со граѓанските организации, Северна Македонија успеа да воспостави капацитети за привремено прифаќање и транзит на бегалци и мигранти. Во периодот во кој Европската Унија го применуваше принципот на „отворени граници“, поголемиот дел од мигрантите ја користеа територијата на државата за транзит кон Западна и Средна Европа. Од овие причини, покрај потребата од обезбедување на хуманитарна помош, се наметна и потребата од воведување на механизми и постапки кои ќе обезбедат ефикасен и безбеден транзит. Во координација со државите долж т.н. „Западнобалканска рута“ беа воведени процедури кои овозможуваа уредна регистрација и олеснет транзит на бегалците и мигрантите.

По стапувањето на сила на Договорот помеѓу ЕУ и Република Турција, на 07.03.2016 година, за затворање на Западнобалканската рута, се очекуваше бројот на мигранти кои пристигнуваа од Турција во Грција значително да се намали[28]. Во заедничкото соопштение издадено од ЕУ и Турција, беше наведено дека сите нерегуларни мигранти кои од Турција дошле на грчките острови, од 20-ти март 2016 година ќе бидат вратени во Турција. Сите мигранти ќе бидат заштитени во согласност со интернационалните стандарди. На овој начин ЕУ и Турција се обидоа да постигнат договор за изнаоѓање решение за бегалската криза со кој и се даваат на Анкара концесии за подобри односи со Унијата. Со договорот се предвидуваше „враќање на сите илегални мигранти кои пристигнале во Грција од Турција, од недела 20 март. Според политичките аналитичари и новинари, Турција побара досега невидени концесии од ЕУ. За ЕУ, договорот ќе донесе малку мир по повеќемесечните жестоки кавги меѓу нејзините членки околу мигрантската криза, и на некој начин ќе значи „аутсорсинг“ на бегалскиот проблем во Турција.

Со овој договор, Турција требаше да ги преземе назад сите илегални мигранти кои ќе преминат кон Грција, вклучително и Сиријците, а во замена, ЕУ ќе преземе илјадници

[28] EU-Turkey statement, 18 March 2016

сириски бегалци директно од Турција и на земјата ќе и исплати уште поголема парична помош, ќе овозможи безвизен режим за нејзините граѓани и напредок во преговорите за членство во ЕУ. ЕУ исто така се согласи да ја забрза исплатата на 3 милијарди евра кои од претходно и беа ветени на Турција, а исто така да исплати уште 3 милијарди до 2018 година, откако Анкара ќе понуди листа на проекти кои би се квалификувале за помош од ЕУ. Истовремено, ЕУ се соочи со сериозни правни пречки во однос на планот за враќање на мигрантите во Турција. На дискусиите за време на самитот преовладуваше сомнеж меѓу земјите-членки на ЕУ околу прашањето дали договорот може да биде легален согласно меѓународното право. И бројни хуманитарни организации го критикуваа планот и го прогласија за предавство на европските принципи[29].

ЕУ и Турција уште еднаш ја потврдија нивната посветеност и му кажаа добредојде на отворањето на Поглавјето 17 од 14 декември 2015 и решија како нареден чекор, отворање на Поглавјето 33, за време на претседателството на Кралството Холандија.[30]

Можеби како резултат на овој договор, бројот на илегални мигранти кои што влегле на територијата на Европската унија, бележеше континуиран пад три години по ред. Сепак, бројот на пристигнувања на мигрантите во земјите од Европската унија и натаму е голем, па затоа се потребни и уште поголеми контроли на надворешните граници на Европа, изјави првиот човек на агенцијата на Европската унија за заштита на границите „Фронтекс", Фабриче Легери. Тој откри дека и покрај падот на бројката на 150.114 минатата година, за разлика од 204.750 во 2017 година, и натаму се работи на зајакнување на безбедноста на границите. „Фронтекс" и натаму испраќа дополнителни ресурси-повеќе луѓе и технологија на границите[31].

Јелена Пуомарјова, професор на Московскиот државен универзитет за меѓународни односи, доктор по политички науки, во интервју за „Геополитика", истакнува за новата композиција на светскиот поредок и дека мигрантската криза не е спонтан, туку организиран процес, па оди дури и дотаму што вели дека се работи за специјална операција. Според неа целта на оваа колосална операција за преселба на народите од Азија и Африка, а пред сè од Блискиот исток во Европа, за неа претставува „реформатирање" на светот. Според неа, се раѓа ново уредување на светот. Миграциската криза, без преседан во

[29] ЕУ и Турција постигнаа контроверзен договор за бегалската криза_Свет_DW_18.03.2016.html, пристапено на 10.02.2020 година

[31] Дали Европа конечно се справи со мигрантската криза? Бројот на илегални мигранти опаѓа, а безбедноста на границите е сè поголема, 21.02.2019, www.tocka.com.mk, посетена на 02.03.2019 година

поновата историја, како по своите размери, така и по социјално-демографските и социјалните и политички последици, е еден составен дел на тој процес.

Притоа, токму Балканот, во целата оваа констелација има важна улога. Таа ја цитира и германската канцеларка Ангела Меркел, која на конференција во Дермштат во 2015 година изјави дека ако земјите на ЕУ ги затворат своите граници, на Балканот, каде има голем број бегалци од Африка и Блискиот исток, може да избие војна. Со оглед на неповолната економско-социјална состојба која владее во балканските држави, тие не смеат да се остават сами на себе, бидејќи не се исклучени нови судири. Она што најмногу загрижува е инфилтрацијата на добро обучени радикални исламисти меѓу бегалците, кои поминале низ кризните жаришта. Според оваа професорка, нема ни малку сомнеж дека можат да се инфилтрираат т.н. „заспани терористи“, кои ќе се активираат кога ќе има потреба, по желба на нивните ментори и спонзори. Исто така, на овој начин се распространува меѓународниот организиран криминал ги проширува зоните на криумчарење дрога, оружје, трговија со луѓе и со човечки органи. Реките бегалци кои брзаат кон Европа, се социјално-демографско и политичко оружје во рацете на разни влијателни структури.[32]

Геополитичкиот аналитичар и истражувач Ендрју Корбико смета дека бегалската криза, во недостиг на добар израз е краен катализатор во интензивната регионална војна во иднината. Според него, самите бегалци, кои не побегнале пред тероризмот, туку се економски опортунисти, од земји кои не се зафатени од воени дејствија, со несразмерно висок удел на млади и военоспособни млади, треба да се гледаат како несвесни пиони на некој иден судир кои го подготвуваат САД. Можната инфилтрација на военоспособни мажи во централниот Балкан, од кои дел претходно е можно да биле дел од терористички групи, како што се ИСИС и Ал Нусра и дека е можно да избегале од Сирија поради напредувањето на сириско-арапската војска.

Промената на политиките во ЕУ наметна и затворање на границите долж Западно-балканската рута. Транзитот на мигранти продолжи преку нелегални рути со намален интензитет, но со зголемен ризик од повреда на слободите и правата на лицата кои транзитираат. Во новонастанатата ситуација, бегалците и мигрантите беа присилени да спијат на отворено, без пристап до основна здравствена заштита, притоа соочувајќи се со ризик да станат жртви на насилство, експлоатација или други видови на злоупотреба од организираните криминални групи кои се занимаваат со криумчарење на мигранти и

[32] „Geopolitika” br: 89 . Avg. 2015. 306 Duško Vejnović, doc. dr Dragan Radišić

трговија со луѓе. Затворањето на границите затекна голем број на жени и малолетници без придружба долж Западнобалканската рута. Тие претставуваат особено ранлива категорија под голем ризик да станат жртви на трговија со луѓе и различни видови на злоупотреба и експлоатација. И останатите бегалци и мигранти кои користеа „услуги“ на криумчарите исто така беа изложени на ризик да станат жртви на експлоатација, изнудување и други форми на злоупотреба и повреди на нивните права.

Во вакви околности, главен предизвик за државите долж рутата беше како да обезбедат заштита за лицата кои беа затекнати на нивна територија. Немајќи избор да се движат на легален начин, голем број од овие лица се насочија кон опасните рути на нерегуларната миграција, а само значително помал дел одлучија да се вратат од Северна Македонија во Грција. Дополнителен притисок на властите во државата вршеа и големиот број на мигранти кои со затворањето на границите беа затекнати во Грција. Тензичната атмосфера на границата ескалираше со обидите на мигрантите кои насилно се обидуваа да ја отстранат подигнатата ограда помеѓу РСМ и Грција, што резултираше со интервенции од страна на полицијата и непријатни ситуации на границата кои ги пренесоа и светските медиуми[33].

Големиот наплив на Сиријци од Турција кон Европа, предизвика сериозна политичка криза. Со потпишувањето на договорот се воспостави своевидна тампон зона во Турција, но од друга страна, 4 милиони бегалци, најмногу Сиријци останаа заглавени во оваа земја. Во последните неколку месеци, нарушена е релативната смиреност на турско-грчката поморска граница. Од септември 2019 година, турскиот претседател Реџеп Таип Ердоган и неговите министри ја повторија заканата дека ќе ги отворат границите за бегалците во Европа. Ердоган знае дека ќе го привлече вниманието на европската заедница секогаш кога ќе даде вакви изјави. Идејата за неконтролиран проток на мигранти и бегалци низ Грција, а потоа и во центарот на Европа, предизвикува морници во земјите на ЕУ, бидејќи сѐ уште се свежи спомените од кризата во 2015 и 2016 година. Турција сега води борби на голем број различни фронтови, отуѓувајќи се на тој начин од Европејците, Американците и повеќето Арапи. Меѓу низа други мерки, Турција започна со дупчење со гас во ексклузивната економска зона на Република Кипар. Набави руски ракетен систем, што наиде на неодобрување од страна на своите сојузници во НАТО. Тврдејќи сириско кршење на договорот за Адана од 1999 година, Турција, во спротивност на европските сојузници на НАТО, ги испрати своите трупи преку границата кон делови од северна

[33]https://www.theguardian.com/world/clashes-between-migrants-and-police-at-border-between-greece-and-macedonia

Сирија. Овој чин, спроведен со премолчена согласност на САД и со активна руска помош, е барем делумно оправдан со тероризам извршен од курдските милитанти на турската територија. На почетокот на јануари 2020 година, Турција започна со испраќање трупи во Либија за поддршка на Владата на Национална спогодба со седиште во Триполи. Исто така, променета е турската игра за миграција. Од летото 2019 година, турската влада повторно им дозволува на мигрантите да го преминат Егејот. Од август, околу десет илјади луѓе пристигнуваат на грчките острови секој месец, што претставува зголемување од околу 30% во однос на претходните месечни бројки.

Покрај тоа, Кипар и Италија започнаа да регистрираат зголемување на барателите на азил кои доаѓаат од Турција. Примарната мотивација за новиот популарен турски став е разбирлив: зголемена невработеност, економската стагнација и политичките предизвици дома играат голема улога. Во јуни, прегласувањето на изборите за градоначалник во Истанбул, политичкиот дом на Ердоган, го донесе на власт Екрем Иматоглу од опозициската секуларистичка Републиканска народна партија (ЦХП). Иматоглу посочи во кампањата против предводникот на политиката на Ердоган да биде домаќин на сириски бегалци во Турција. Турската инвазија на делови од северна Сирија, која започна во октомври 2019 година и сé уште трае, беше мотивирана од најразлични причини, вклучително и гранична контрола и борба против тероризмот. Сепак, турските власти, исто така, се обидуваат да покажат загриженост за сентименталните чувства на населението, сѐ повеќе непријателски расположени кон милионите Сиријци кои зборуваат арапски јазик присутни во земјата. Понискиот интензитет на пресретнување на мигрантите кои со чамци го минуваат Егејот и дозволувањето на криумчарење луѓе, од една страна и драмата на придвижување на турските трупи во северна Сирија, од друга страна, се поврзани. По одбивањето на САД да воспостават зона на летање над северна Сирија, Ердоган ги притиска НАТО и ЕУ да го поддржат воспоставувањето на „безбедна зона“ во таа област. За време на говорот во ООН, турскиот претседател рече дека областа може да биде домаќин на дури три милиони Сиријци. Владата соопшти дека планира да потроши 25 милијарди евра за изградба на населби за бегалци во зоната.

Повеќе од двесте илјади луѓе се раселени во побезбедните делови на Сирија и во Ирак. Критичарите тврдат дека Турција им дава моќ на радикалните групи за борба против курдските борци во северна Сирија. Дури и да се воспостави безбедност во окупираните области, одржувањето на зоната ќе биде скапа вежба. Сиријците со седиште во Турција ќе бидат присилени масовно да се преселуваат во зоната. Што прави ЕУ што треба да направи ЕУ во однос на турскиот миграциски притисок? Како прво, и покрај зголемувањето на

турското непријателство кон ЕУ, институционалната соработка и понатаму е несмалена. Турските власти надлежни за инфраструктурата, здравството и образованието јасно ставија до знаење дека е неопходна европска финансиска поддршка земјата да може да се грижи за сириските бегалци.

Турското министерство за надворешни работи официјално се согласи да биде домаќин на бегалците во замена за финансиска поддршка од ЕУ и во заедничка борба против тероризмот. Дури има одреден скромен напредок во либерализацијата на визите на ЕУ за турските граѓани. Второ, ЕУ во овие услови, откако ја научи лекцијата од миграцискиот бран, сега е многу подобро подготвена за друга миграциска криза, отколку што беше во 2015 година и на политички и на безбедносен план.

На барање на грчката влада, Фронтекс спроведе голема операција на поморската и копнената граница на Турција, составена од 650 офицери. Покрај тоа, земјите-членки на ЕУ испратија бродови и обезбедуваат воздушен и надзор на копно. Самата Грција се подготвува, со голема помош од ЕУ и меѓународните организации. Системот за азил на земјата, досега несоодветен на задачата, се надградува за да се овозможи побрза одлука за азил и побрзо враќање во матичните земји на неуспешните баратели на азил, Владата вработи 1.200 нови граничари, а се планира воспоставување на единствена агенција за набљудување на границата. Мигрантски центри се градат на грчкото копно. (Стандардно, лошата состојба во бегалските кампови на грчките острови служи како пречка за голем број Сиријци кои сакаат да влезат во Европа преку Егејот). За да се реши турската загриженост поради тоа што е домаќин на милиони бегалци и во сопствениот интерес, ЕУ треба да се согласи на преговори за нов договор за мигранти меѓу ЕУ и Турција. За да ги уверат турските партнери и да ја исполнат сопствената реторика за враќањето на мигрантите, земјите-членки на ЕУ треба да бидат кооперативни за враќање на своите државјани кои заминале во Сирија за да се борат со ИСИС.

Пошироко, поактивно европско учество во реконструкцијата на Сирија би било од безбедносен интерес и за ЕУ и за Турција и ќе им овозможи на сириските бегалци да се вратат дома. Постои висок степен на меѓусебна зависност помеѓу ЕУ и Турција, особено во трговијата, одбраната, безбедноста и миграцијата. ЕУ е домаќин на 1,9 милиони турски државјани. Турците имаат малку сигурни сојузници надвор од западниот свет. Со 50% удел во извозот на земјата, ЕУ е лесно најголемиот трговски партнер на Турција. Ердоган може да се соочи со економско незадоволство дома доколку ЕУ еднострано ја укине својата царинска унија со Турција и наметне трговски ограничувања. ЕУ, исто така, би можела да го прекине преференцијалниот третман за извозот на турското земјоделство, што не е

опфатен со царинската унија ЕУ - Турција. ЕУ би можела да го прекине значителното претпристапно финансирање што го испраќа во Турција. Турската одмазда веројатно ќе следи поради какви било европски трговски санкции. ЕУ, нејзините членки на Балканот, а особено Германија, ќе бидат лошо погодени. Со оглед на тековните тензии и поморските спорови, грчко-турското воено соочување веќе нема да биде на маса. За да се спречи ова сценарио да се појави, треба да се даде шанса на дипломатијата[34]

Во извештајот на ICMPD за 2019 година [35] како ризик фактори и региони од каде се очекува нов бран на бегалци и мигранти беа посочени:

- „Конфликтниот појас“ на Блискиот, Средниот Исток и Северна Африка;
- Сирија - Битката за Идлиб и повлекувањето на воените сили на САД – има потенцијал да предизвика бран од околу 1 милион мигранти од Сирија кон Турција каде веќе се пристигнати околу 3 милиони;
- Санкциите на САД врз Иран – 730.000 Авганистанци кои работеле ниско платени работи веќе се вратени во својата земја и трендот ќе продолжи со миграциски притисок врз Турција и Европа;
- Во Либија се случува колапс на цивилното општество. Квази владини институции и Квази НВО се клучни политички партнери на Европа за контрола на Централно – Медитеранската рута. Доколку тие престанат да соработуваат може да биде предизвикан нов бран на бегалци и мигранти ќе се упати кон Турција;
- Во случај на разгорување на Руско – Украинскиот конфликт – се очекува голем број на бегалци да се упатат кон Русија и Полска, но се претпоставува дека ќе ги апсорбира пазарот на трудот во овие земји;
- Доколку се случи „Brexit“ без договор – 3.800.000 државјани на ЕУ кои работат и престојуваат во Обединетото Кралство и 860.000 државјани на ОК кои работат и престојуваат во ЕУ, ќе го загубат правото на престој поради легални пречки.

И во најновиот извештај за 2020 година, наведените препораки се поклопуваат делумно со претходната година:

- Се очекува да продолжи нестабилноста во регионите на Блискиот и Средниот исток и Африканскиот регион.

[34] Vit Novotny

[35] ICMPD Migration outlook 2019

- Отворање на европскиот пазар на трудот, со цел да се надмине демографското стареење на европското население.
- Секундарна миграција – се очекува голем број на авганистански мигранти чиј број во Иран моментално изнесува околу 3 милион, поради лошата економска состојба во оваа земја да се упатат кон вратите на Турција и ЕУ.
- Либија претставува  главна излезна точка африканските мигранти кон Европа, а неодамна започнатиот мировен процес дава надеж дека Централно медитеранската рута нема да биде активна
- Источно- медитеранската мигрантска рута-главна жешка точка
- Состојбите во Турција и Грција-ЕУ треба да ја обезбеди најдобрата поддршка на сите нивоа и да го зачува ЕУ-Турција договорот.

Постигнување договор помеѓу земјите членки на ЕУ, околу предлогот на Германија за примањето на апликациите за азил во земјите кои се на надворешните граници, нивно разгледување и инстантно враќање на мигрантите во матичните земји на кои им е одбиен азилот. По прифаќање на документите, започнува процес на дистрибуирање и нивно распоредување низ земјите членки. Прифаќањето на овој предлог ќе влијае на прашањето на илегалната миграција.

## 2.5 ЗАТВОРАЊЕТО НА ЗАПАДНОБАЛКАНСКАТА РУТА И ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ДРЖАВИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН И РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Како што беше нагласено во воведниот дел, целта на овој труд е да се стави акцент на главните фактори кои ја причинуваат и ја овозможуваат илегалната миграција како поттурнувачки и привлекувачки фактори („push“ and „pull“ factors) и ги поврзува со кривичните дела, како што се криумчарење мигранти и трговија со луѓе. Овој труд се фокусира на мигрантите кои ја користат т.н. „Западнобалканска рута“.

Факторите кои ги принудуваат луѓето да ја напуштат својата татковина се нарекуваат поттурнувачки фактори („push“ фактори). Вообичаено, се поврзуваат со лошата економска ситуација, низок животен стандард, сиромаштија, невработеност, еколошката закана, но тука се и безбедносните причини. Честопати и едните и другите играат важна улога. Од друга страна, привлекувачките фактори („pull“ фактори) се оние кои ги мотивираат луѓето да се преселат во одредена земја или област. Луѓето мигрираат во држави кои нудат подобри економски услови и подобар животен стандард, како и добар систем на социјална грижа и здравствена заштита, како што се побогатите земји-членки на

ЕУ. Освен тоа, луѓето имаат тенденција да одат во држави каде веќе постојат заедници од нивно потекло, особено онаму каде веќе имаат роднини. Како што веќе беше спомнато, Западнобалканската рута започнува во Турција. Еден од факторите кои ја олеснуваат илегалната миграција е либералната визна политика која Турција ја има кон земјите од Северна Африка и Средниот Исток, вклучувајќи безвизен режим со Иран, Ирак, Сирија, Египет итн. Геостратешката позиција на Западениот Балкан - геополитички мотивиран опис на дел од Балканскиот полуостров кој ги поврзува „истокот" и „западот" - служи како фактор кој ги привлекува мигрантите („pull" фактор). Македонија со својата централна положба не е исклучок.

Присуството на олеснувачи на илегалната миграција е уште еден фактор кој привлекува („pull" фактор) и на кој треба да се посвети внимание. Улогата на олеснувачите, криумчарите обично е да ја претставуваат врската со организираната криминална група која го организира патувањето на мигрантите, вклучувајќи луѓе кои се занимаваат со криумчарење и трговија со луѓе како и „попатни станици" каде мигрантите добиваат сместување и можат да се одморат пред да продолжат со патувањето. Такви места се селата Лојане и Ваксинце во близина на граничниот премин Табановце. Овие села се многу кохерентни во смисла на етничка припадност, религија и култура, но сепак, оваа нова ситуација предизвикува нелагодност кај населението. Друг фактор кој може да игра улога е можноста за пристап до сивата економија како извор на финансирање на нивното патување.

Улогата и важноста на Република Северна Македонија во Западнобалканската рута се огледува и во изјавата на поранешниот српски премиер Никола Пашиќ, во стилот на Макиндеровите изјави: „Историјата покажува дека оној кој ја поседува Македонија, бил секогаш прв на Балканот". Важноста на Македонија во балканскиот геополитички простор ја истакнува и професор д-р Митко Котовчески, нарекувајќи ја центар на балканскиот геополитички крст, што ја утврдува Македонија како дел од Балканскиот хартленд. Србија ја поседува Моравската долина, која пак е оска која ги спојува сообраќајните рути од исток со запад. Но сепак најзначајно е што долините на Вардар и Морава се меѓусебно поврзани во правец север-југ, со меѓународниот Пан-европски коридор 10 и на тој начин стануваат хартленд на Балканот. И светскиот геополитичар Ив Лакост смета дека еден од најзначајните елементи на Балканот е стратегиската оска Морава-Вардар, природна оска која ги поврзува Дунав со Егејско море, што е вистински лесен пат кој ги поврзува големите рамнини на средишното и долното течение на Дунав, со најзначајниот сегмент на Средоземното море, поради што уште од 19-от век нејзиното поседување било цел на неколку спротивставени „големи стратегии" како што се турската, српската, бугарската,

албанската и грчката, како внатрешни балкански играчи, со големите стратегии на големите надворешни играчи, како Русија и Австро-унгарија. Со својата положба Македонија претставува главен транспортен коридор од Западна и Централна Европа до Егејското море и Јужна Европа кон Турција и Блискиот исток и воедно овде се вкрстуваат меѓународните пан коридори 8 и 10. Србија исто така има важна геостратегиска позиција бидејќи е крстосница на пан европските коридори 7 и 10.[36]

Голема е веројатноста, дел од овие лица да влегле преку територијата на Р. Северна Македонија, но нема голема дискрепанца во бројот на откриени илегални мигранти – бројките во Србија соодветствуваат со оние во РСМ, но сепак многу од нив преминале преку Северна Македонија нелегално без да бидат забележани од страна на македонските надлежни органи.

Имено, кога мигрантите ја преминуваат турско-грчката граница имаат три опции да ја напуштат државата:

1) по воздушен пат (интра-Шенген лет),
2) по воден пат (интра-Шенген ферибот за Италија) и
3) по копнен пат (преку Бугарија, Грција, Македонија, Албанија, Србија, Косово, Црна Гора, Босна и Херцеговина кон земјите на ЕУ)[37].

[36] Милески, Тони, Политичка географија и геополитика, Скопје, 2015, стр.262 и 263
[37] Анализа на националните политики и практики за справување со илегалната миграција и барателите на азил, Магдалена Лембовска




*Извор: Европол*

Периодот во кој се одвиваше олеснет, регуларен транзит на бегалците и мигрантите главната рута за транзит минуваше низ РСМ, бегалците и мигрантите остваруваа влез кај прифатно-транзитниот центар „Винојуг“ Гевгелија кој беше поставен веднаш до границата со Грција. По регистрацијата и краткиот престој во центарот, бегалците се упатуваа кон Прифатно-транзитниот центар „Табановце“, од каде ја минуваа границата со Србија во близина на селото Миратовац. Во најголемиот број на случаи, мигрантите оттаму се упатуваа кон селото Хоргош во североисточна Србија од каде ја минуваа границата со Унгарија, а во помал број на случаи кон Хрватска.

На границата со Грција се регистрирани 97,5% од обидите, додека северната граница се користи за илегален излез од државата и упатување кон Европските земји. Во 2018 година, регистрирана беше појава на движење на мигранти од Иран и од Индија во обратен правец од Р. Србија, преку Северна Македонија кон Р. Грција, кои злоупотребувајќи го безвизниот режим што Србија го има воведено со нивните матични

земји, остваруваат илегален влез во Северна Македонија со цел да заминат кон Атина - Грција, а оттаму со фалсификувани документи кон некоја од европските земји. Источната граница со Бугарија, иако не е дел од рутата која ја користат мигрантите, сепак поради конфигурацијата и пристапноста на теренот, близината на магистралните патишта и население долж граничната линија е привлечна за илегални преминувања.

Разгорувањето и појавата на нови вооружени конфликти, затворањето на Западнобалканската рута и политичките одлуки, влијаеја на промена на структурата на мигранти, а придонесоа и до појава на злоупотребата на правниот систем за азил како една од клучните алатки на мигрантите и криумчарите. За разлика од 2015 и 2016 година, кога најголем број на мигрантите беа со потекло од Сирија, во последните години доминираат мигрантите со потекло од Пакистан, Авганистан и Иран.

На почетокот на 2016 година, олеснет транзит им беше овозможен на бегалците и мигрантите кои потекнуваа од Сирија, Ирак и Авганистан, но постепено се воведуваа рестриктивни мерки, најпрвин за мигранти по потекло од Авганистан, на кои им беше оневозможено регуларно движење, а истото им беше овозможено само на мигрантите од воените подрачја, Сирија и Ирак, сè до целосното затворање на границите долж западно-балканската рута за сите бегалци и мигранти во транзит на 07.03.2016 година.

По затворањето на границите на државите долж Западнобалканската рута, во март 2016 година, криумчарите забрзано ги возобновуваа рутите за криумчарење на мигранти во регионот. Значаен дел од миграциските текови се насочија преку Албанија и Босна и Херцеговина кон Хрватска, како и од Бугарија, преку Србија кон Хрватска. Сепак, поради географската положба на нашата земја и покрај зајакнатите мерки за контрола на границата со Грција, дел од мигрантите продолжија нерегуларно да транзитираат низ нејзината територија, најчесто во организација на криминалните групи кои се занимаваат со криумчарење на мигранти.




*Мапа на субрути на Западнобалканската рута/Извор UNHCR*

Поради зголемени гранични контроли на Балканот, воспоставени се нови алтернативни рути за илегално поминување на мигрантите заради влез во земјите на ЕУ. Една од новите алтернативни рути е по јадранското крајбрежје од Грција, преку Албанија, Црна Гора, БиХ кон Хрватска и потоа кон Словенија. Во јуни 2018 година, Европскиот центар за криумчарење мигранти (EMSC) при ЕВРОПОЛ, објави информација за идентификувана алтернативна миграциска подрута на западнобалканската рута, т.н. Јадранска крајбрежна рута (Adriatic coastal route) која минува преку Грција во Албанија, а зголемен број на мигранти кои се обидуваат илегално да стигнат до крајната дестинација на своето патување, користејќи ја подрутата преку Албанија - БиХ – Хрватска - Словенија. Територијата на Босна и Херцеговина и нејзината граница со Хрватска се главни точки за мигрантите кои патуваат долж новата под рута (Грчко-албанската граница), како и за оние што се движат преку Србија користејќи ја Западно-балканската рута.

Забележано е зголемено присуство на мигранти на териториите на Босна и Херцеговина-над 16.000 мигранти, во Србија-над 6.000 мигранти, како и во Албанија - околу 5.500 мигранти. Српските власти пак ги сметаат иранските државјани за високо ризична група за миграции пред се заради зголемениот број на Иранци кои продолжуваат да го користат својот безвизен пристап до Србија (регистрирани се околу 33.000 ирански државјани во првите осум месеци од годината), од каде се обидуваат илегално да стигнат на север кон границите со Унгарија, Хрватска (или директно од преку Босна и

Херцеговина), или пак на југ преку Македонија кон границата со Грција. Сепак појавата на алтернативна рута, не ја исклучува Република Северна Македонија, како земја транзит.




Мигрантите кои се одлучуваат да патуваат преку земјите кои припаѓаат на Западен Балкан ја преминуваат македонската граница, обично во околината на Гевгелија, Дојран и Богданци и во помал дел во околината на Битола, по што продолжуваат кон Србија (во близина на граничниот премин Табановце) со цел преку Босна и Херцеговина, Хрватска или Унгарија да стигнат до земјите од Централна и Западна Европа. Со оглед на ова, повеќе од јасно е дека, турско-грчката граница се соочува со најголем притисок.

Следејќи ги отворените извори на информации, може да се претпостави дека грчките надлежни органи, обидувајќи се да се справат со илегалната миграција, понекогаш остануваат „слепи“ и преферираат да ги остават мигрантите да ја напуштат државата наместо да ги приведат затоа што тоа ги чини финансиски ресурси.

Повеќе од јасно е дека Република Северна Македонија нема завидна соработка со Грција, односно истата не е на ниво на кое би требала да биде, а границата не се чува од двете страни со еднакво внимание. Криумчарењето мигранти е најизразено во местата со висока концентрација на мигранти, како што се прифатните центри и главните транспортни платформи.

Бројот на спречени обиди на илегални мигранти во 2018 година, според официјалната статистика на МВР изнесува 16.895, од кои преку грчко-македонската граница влегле 14.943, односно 88,4% од вкупниот број илегални мигранти регистрирани во 2018 година. Но, во 2019 година, имаме драстично зголемување на бројот на откриени обиди за илегално влегување во нашата држава, кое изнесува 40%.

Во криумчарењето мигранти низ територијата на нашата држава, клучната улога припаѓа на организираните криминални групи кои оперираат на територијата на нашата земја, а кои се дел од поголеми организирани криминални мрежи, кои делуваат на регионално и меѓународно ниво.

# ТРЕТ ДЕЛ: ОРГАНИЗИРАНИ КРИМИНАЛНИ ГРУПИ И КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ

## 3.1 ОРГАНИЗИРАНИ КРИМИНАЛНИ ГРУПИ

Организиран криминал претставува криминал кој предизвикува огромно внимание кај припадниците на безбедносните служби бидејќи претставува се поголема закана на сите нивоа во општеството. Сторителите кои ги извршуваат ваквите кривични дела се лица-припадници на организирани криминални групи (злосторнички здруженија[38]) чија цел е остварување профит и стекнување со моќ над институциите на државата. Освен што е закана за државната и јавната безбедност, организираниот криминал задира во сферите на социјалниот, политичкиот, економскиот и културниот живот, ги еродира државните, јавните, финансиските и безбедносните институции, предизвикува револт, страв и вознемиреност кај граѓаните, го загрозува заштити редот, мирот и стабилноста на државата. „Организираниот криминал“ не случајно стана дел од вокабуларот на политичарите и неизоставен дел од програмите на политичките партии кои сериозно претендираат да станат власт во една држава. Политичарите кои се обидуваат да ги освојат гласовите на народот флертуваат со ветувањата од типот бескомпромисна борба со организираниот криминал, зајакнување на институциите кои се борат со овој криминал.

Поимот „организиран криминал“ се користи и за дефинирање на криминалните организации[39] како што се Колумбискиот и Мексиканскиот „картел на дрога“, Јапонската „јакуза“, Кинеските „тријади“ или Италијанската и Американската „мафија“.[40] Сепак, како што се комплексни и различни недозволените пазари, така се дефинираат и карактеристиките на групите кои ги снабдуваат. Тие варираат од мали, лабаво поврзани мрежи и можат да се состојат од мал број лица, до големи, хиерархиско поставени организации[41]. Сите тие без разлика, дали се големи групи или не, високо организирани

[38] Според Кривичен Закон на Република Македонија (Службен Весник на РМ бр.37/96 и измени и дополнувања 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 09/09, 114/09, 51/11, 166/12, 55/13 и 82/13).

[39] Hagan предлага „Организиран Криминал“ да се однесува на криминалните организации, додека „организиран криминал“ да се однесува на дејствија, односно кривични дела кои често бараат степен на организираност како дел за нивно извршување и забележува дека „не секој „организиран криминал“ е извршен од „Организирани криминални групи“. Види Frank E. Hagan, “Organized Crime” and “organized crime”: indeterminate problems of definition“, in *Trends in Organized Crime*, Vol. 9, No. 4, 2006, p. 134.

[40] Дали италијанската мафија може да се класифицира како организиран криминал е контраверзно. Против оваа класификација види Mario Bezotti, ‘Organisierte Kriminalitat: zur sozialen Konstruktion einer Gefahr’, во *Angewandte Sozialforschung*, Vol. 22, Nos. 3 and 4, 2002, p.136; види исто и Douglas Meagher, *Organised Crime: Papers presented by Mr Douglas Meagher, Q.C., to the 53rd ANZAAS Congress, Perth, Western Australia, 16–20 May 1983*, AGPS, Canberra, 1983, pp. 3ff.

[41] Phil Williams, „Transnational criminal networks“, in John Aquilla and David F. Ronfeld (eds), *Netwars and Networks: The Future of Terror, Crime, and Militancy*, RAND, Santa Monica, CA, 2001, p. 65; United Nations Office on Drugs and Crime (UNODC), *Global Programme against Transnational Organized Crime: Results of a Pilot Survey of Forty Selected Organized Criminal Groups in SixteenCountries*, Geneva, 2002, p. 30.

или неорганизирани, користат тајни кодови, сленгови, посебен жаргон, професионалци од различни области, широка мрежа на логистичари и се инфилтрирани во легалните бизниси преку легални правни лица кои се најчесто во нивно владение.

Криминалците се категорија на луѓе кои многу брзо изнаоѓаат заеднички јазик без оглед на националноста, религијата или идеолошката определеност. Она што делува како сврзувачки фактор и тоа не само помеѓу членовите во рамките на една криминална група, туку и што овозможува две или повеќе криминални групи да воспостават заедничка меѓусебна соработка, секако е материјалната добивка. Организираниот криминал, претставува феномен кој е најголема закана за опстанување на државите, па дури и животите на луѓето и тоа не само на национално и регионално, туку и на глобално ниво. Затоа не изненадува тенденцијата земјите соочени со овој современ вид на закана сé повеќе да се здружуваат во сузбивањето на организираниот криминал, согледувајќи дека апсолутно е невозможно секоја земја одделно и независно од другите да му се спротивстави. Заради успешно сузбивање на организираниот криминал неопходно е да се разбере начинот на функционирање на криминалните организации што би било најостварливо доколку навлеземе во суштината на нивното организирање, односно законитостите кои владеат меѓу членовите на една група/организација и во односите на групите/организациите меѓу себе. Согласно направеното истражување во 2002 година од страна на Организацијата на Обединетите Нации со кое се направени напори да се разграничат разните организациони форми на групите на организираниот криминал во целиот свет, успешно се разграничени пет идеални типови на криминални организации. Тие се протегаат од нај традиционалните форми на организиран криминал до поновите, модерно организирани мрежи:

- Стандардна хиерархија;
- Регионална хиерархија;
- Кластерна хиерархија;
- Криминална мрежа.[42]

Ова е сепак една идеална класификација (на хартија) и воопшто не значи дека сите криминални групи се вклопуваат во некој од наведените пет типови. Сепак да напоменеме дека првите три типа ја детализираат хиерархиската структура и воедно се најблиски до традиционалните форми на организиран криминал, четвртата и петтата пак од друга страна

[42] Мајкл Д Лајман, Гари Б. Потер, Организиран криминал, Четврто издание, Магор, Скопје, 2009 год. Стр.11

се најблиски до организационите форми за кои се очекува дека ќе бидат најдоминантни во догледно блиско време.

**Стандардна хиерархија** – е организирана криминална група со вертикална структура на команда со која раководи едно моќно лице. Секој член на криминалната група има строго дефинирана улога, со цврст систем на внатрешна дисциплина.[43] Овие групи секогаш се со изразен етнички или социјален идентитет, односно имаат иста етничка припадност (Албанци, Македонци, Турци) или имаат заеднички криминален бекграунд. Делуваат на строго дефинирано подрачје – земја или регион. Структурата на овој модел на криминална група може да се види на долниот дијаграм[44]:


[45]

**Регионална хиерархија** – претставува збир на цврсто контролирани организирани криминални групи во кои постојат силни системи за внатрешна дисциплина[46]. Главната разлика помеѓу стандардната и регионалната хиерархија е во тоа што во регионалната хиерархија на локалните криминални организации кои дејствуваат во нејзин состав им се дава одредена доза на независност. Регионалните, како и стандардните претежно се со изразен етнички или општествен идентитет, а насилството го користат како главно средство, не само за одржување на дисциплината, туку и за решавање на споровите.

[43] GLOBAL PROGRAMME AGAINST TRANSNATIONAL ORGANIZED CRIME „Results of a pilot survey of forty selected organized criminal groups in sixteen countries“, United Nations, Office of Drugs and Crime, 2002, page 34
[44] TypologiesofTransnationalOrganizedCrimeGroups CentreforInternationalCrimePrevention,UNODCStudy, download.html
[45] https://player.slideplayer.com/32/10098021/data/images/img1.jpg
[46] GLOBAL PROGRAMME AGAINST TRANSNATIONAL ORGANIZED CRIME „Results of a pilot survey of forty selected organized criminal groups in sixteen countries“, United Nations, Office of Drugs and Crime, 2002, page 36



**Кластерна хиерархија** е вид на организирана криминална група (организација) составена од помали организирани криминални групи  над кои е воспоставен соодветен начин на управување[47]. Со нивниот развој, јакне и нивната моќ и ги надминуваат државните граници. Тие обично оперираат на меѓународно ниво, длабоко се навлезени во многу пори на општественото живеење, имаат развиено сопствени разузнавачки методи, криминално соработуваат или се инфилтрирани во безбедносните и судските системи на државите.



**Јадрена криминална група** – е неструктурирана група на организирани криминалци, опкружена со голема мрежа на поединци вклучени во сериозни криминални активности[48]. За разлика од хиерархиските криминални групи, јадрената група има рамна организациска структура во која сите учесници ја делат моќта. Овие групи обично се составени од мал број членови, истите релативно лесно ја одржуваат внатрешната безбедност и лесно ја

[47] GLOBAL PROGRAMME AGAINST TRANSNATIONAL ORGANIZED CRIME „Results of a pilot survey of forty selected organized criminal groups in sixteen countries“, United Nations, Office of Drugs and Crime, 2002, page 37
[48] GLOBAL PROGRAMME AGAINST TRANSNATIONAL ORGANIZED CRIME „Results of a pilot survey of forty selected organized criminal groups in sixteen countries“, United Nations, Office of Drugs and Crime, 2002, page 39

избегнуваат инфилтрацијата на службите за спроведување на законот, а не се поврзани по етнички или социјален идентитет



.

**Криминални мрежи** – се најнови модели на криминални организации, кои се карактеристика за 21-от век. Тоа се групи со лабава организација, исклучително прилагодливи, а воедно се состојат од флуидни мрежи на поединечни учесници кои се организирани околу одредена тековна криминална активност. Слично како јадрените групи, криминалните мрежи не се поврзани врз основа на социјален или етнички идентитет. Лицата кои членуваат во мрежата се менуваат (доаѓаат и си заминуваат од неа) така што организацијата постојано претрпува промени и се трансформира од еден до друг криминален проект[49]. Јадрото на криминалните мрежи го сочинуваат неколку лица кои никогаш директно не се инволвираат во криминалните активности, живеат или престојуваат во различни држави, не остваруваат средби со вториот ешалон организатори на пониско ниво, туку за тоа се задолжени нивните криминални соработници-флуктуирачки членови.

[49] GLOBAL PROGRAMME AGAINST TRANSNATIONAL ORGANIZED CRIME „Results of a pilot survey of forty selected organized criminal groups in sixteen countries“, United Nations, Office of Drugs and Crime, 2002, page 41



Организираните криминални групи инволвирани во криумчарење мигранти, стануваат сé понемилосрдни и понасилни во своето делување, со цел да ги избегнат граничните контроли, полициските контроли. Со подобрување на граничните контроли, мигрантите се пренасочуваат услугите кои ги нудат шверцерските мрежи кои ги ставаат животите на мигрантите во сериозен ризик и затоа претставуваат безбедносен предизвик за внатрешната безбедност на Европската унија. Шверцот со мигранти продолжува да претставува високопрофитабилен бизнис во кој криминалните организации имаат низок ризик за откривање и казнување. Бизнис моделот на криминалци вклучени во криумчарењето мигранти континуирано се развива и одговара на динамиката и потребите на миграциските текови кои влијаат на ЕУ. Шверцерите со мигранти стануваат сè поорганизирани, воспоставувајќи софистицирани професионални мрежи, работејќи транснационално од извор кон дестинација. Од тие причини сè повеќе се воочува потребата од паневропски одговор на ефикасно сузбивање на шверцот со мигранти, кој го раководи Европскиот центар за криумчарење мигранти (ЕСМЦ) со силна поддршка на агенциите на ЕУ за спроведување на законот (ЛЕА).[50]

Криминалците нудат различни за олеснување, кои честопати вклучуваат обезбедување на фалсификувани документи, транспорт, сместување. Многу различни фактори, вклучително и развој на политики, активности за спроведување на законот, како и буџетски и патнички преференции за нерегуларните мигранти, имаат влијание врз миграциските патишта и начините кои ги користат олеснувачите на илегална миграција. Криминалците брзо се прилагодуваат на промените и покажуваат голема разноврсност во транспортните средства, методите на прикривање и технологиите што ги користат.

[50] https://www.europol.europa.eu/publications-documents/two-years-of-emsc

Криумчарењето мигранти може да се концептуелизира на различни начини, вклучувајќи ги:

- Транснационалната дефиниција за криумчарење заради финансиска или друга материјална корист - се чини дека ова е општо разбрана дефиниција и дефиниција што се применува во меѓународното право според Протоколот;
- Алтруистички шверц кој не вклучува финансиски или на друг начин и може да се толкува како манифестација на нередовни миграциски општествени процеси;
- Криумчарење од хуманитарни причини, вклучително и бегалци, што може или не може да вклучува финансиска или материјална корист; и
- „Само-шверц“, при што мигрантите се шверцуваат за да влезат во земја без претходна дозвола како стража, на пример, на брод или авион. Исто така, се забележува зголемено препознавање на промените во процесите на криумчарење кои дополнително ја замаглуваат линијата помеѓу трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти, потврдувајќи дека никогаш не била јасна (Карлинг, Галагер и Хорвуд, 2015).

Терминот „криумчарење мигранти“ се однесува на неовластено движење на поединци преку националните граници за финансиски или друга корист на криумчарот. Оваа дефиниција, намерно ги исклучува оние кои им помагаат да се движат чисто од хуманитарни причини. Сепак, остава простор до се применуваат  широк спектар на олеснувачи за нередовна миграција, вклучувајќи работодавци, организатори, транспортери и даватели на фалсификувани патни исправи и лични документи. Клучно, идентитетот на шверцуваниот мигрант не е релевантен: прекуграничното движење на бегалците сѐ уште се смета за „шверц“ кога вклучува финансиска или друга награда. Трговијата со луѓе може да се разликува од шверц на мигранти од повеќе основи, но најважно е цел: шверцот со мигранти се обидува да го олесни нелегалното движење на една личност за профит; трговијата со луѓе бара нивна експлоатација. Во класична ситуација со криумчарење мигранти, завршува врската помеѓу шверцуваниот мигрант и неговиот / нејзиниот олеснувач кога патувањето ќе заврши. Во случаи на трговија со луѓе, профитот и целта се директно поврзани со експлоатацијата на мигрантот. Сé повеќе станува очигледно дека правната разлика меѓу шверцот со мигранти и трговијата со луѓе е понекогаш тешко да се разликува во реалност.

Очигледно, многу мигранти кои завршуваат во ситуација на трговија со луѓе први се шверцуваат преку националните граници. Но, интересен е фактот што шверцерите сè повеќе ја преземаат улогата на трговци со луѓе: користејќи ги своите клиенти за изнуда, принудувајќи ги на сексуално или трудова експлоатација или нивна продажба заради присилна работа. Дури и кога платиле за патувањето, мигрантите можат да западнат во долгови, што ги прави многу ранливи на експлоатација во земјата дестинација.[51]

[51] Beyond Definitions - Global migration and the smuggling–trafficking nexus, November 2015, By Jørgen Carling, Anne T. Gallagher & Christopher Horwood 1

## 3.2 ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ СО КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ И НЕГОВОТО ВЛИЈАНИЕ НА ПОЛИТИЧКАТА, БЕЗБЕДНОСНАТА, ЕКОНОМСКАТА И СОЦИЈАЛНАТА СОСТОЈБА НА Р.С.МАКЕДОНИЈА

Криминалните организации ги преземаат своите криминални активности во „свет без граници", додека институциите надлежни за справување со организираниот криминал сé уште делуваат во „свет со граници", што ја отсликува суштинската разлика и проблемот во пристапот и опасноста од организираниот криминал како глобален феномен, подвлекувајќи ја потребата од контрастратегија. Криминалците се категорија на луѓе кои многу брзо изнаоѓаат заеднички јазик без оглед на националноста, религијата или идеолошката определеност. Она што делува како извонреден сврзувачки фактор и тоа не само помеѓу членовите во рамките на една криминална група, туку и што овозможува две или повеќе криминални групи да воспостават заедничка меѓусебна соработка и покрај тоа што не се од иста националност, религија, дури не говорат и ист јазик, а се со државјанство на различни земји, секако е моќта на она што од најстари времиња и до ден денешен е двигател на сите случувања во светот - парите. Организираниот криминал, претставува феномен кој е најголема закана за опстанување на државите, па дури и животите на луѓето и тоа не само на национално и регионално, туку и на глобално ниво.

Најголемите пет ризици идентификувани од страна на Светскиот Економски Форум (Risk for Doing Business) за Северна Македонија во 2019 година се:

1. Големиот степен на несакана миграција
2. Погрешно национално управување (корупција, инфраструктура, трошоци за живот и сл.)
3. Погрешно урбанистичко планирање
4. Недозволена трговија
5. Длабока социјална нестабилност

Северна Македонија и понатаму останува да биде земја транзит за илегалните мигранти. Статистичките податоци укажуваат на пораст на обидите за илегални преминувања во 2019 година за 45,6%, споредено со 2018 година.

Најзастапените рути за криумчарење на мигранти од Грција во Северна Македонија минуваат во близина на селото Моин, западно од реката Вардар, како и селата Стојаково и Селемли, источно од течението на реката Вардар. Граничните премини „Богородица" и „Стар Дојран", се користат за криумчарење на мигранти во патнички возила, комбиња и

товарни возила, а забележани се и случаи на криумчарење на мигранти во патничките и товарни возови на железничкиот граничен премин „Гевгелија". За нелегални преминувања на мигранти, криумчарите ја користат и планината Беласица, од каде мигрантите се пренесуваат во областа на Дојран. Поради зголемените мерки на безбедност на зелената граница, забележан е тренд на пораст на обидите за криумчарење на мигранти преку официјалните гранични премини со користење на патнички или товарни возила.




*Рути на движење на илегални мигранти низ територија на РСМ*

Најзастапените рути на илегална миграција и криумчарење на мигранти минуваат преку македонско – српската граница, минуваат низ регионот на општина Липково – зелената граница кај селата Лојане и Ваксинце кон српското село Миратовац во Србија, како и подрачјето околу селото Табановце, Општина Куманово[52].

| **Податоци од МВР**[53] | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** |
|---|---|---|---|---|
| Број на лица спречени при обид за илегално преминување | 127.358 | 4.129 | 16.895 | 24.601 |
| Број на откриени случаи криумчарење мигранти | 107 | 19 | 58 | 81 |
| Број на криумчарени мигранти | 1.961 | 212 | 891 | 1.529 |

[52] МАПИРАЊЕ НА КРИУМЧАРЕЊЕТО МИГРАНТИ ВО РЕГИОНОТ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН, Д-р Слободан Цвејиќ и Санде Китанов, Меѓународна организација за миграции-ИОМ, 2017 година

[53] Расте бројот на илегални мигранти, но и на криумчари, 21.02.2019, www.radioslobodnaevropa.com.мк, посетена на 02.03.2019 година

Откако мигрантите ќе ја преминат грчко-македонската граница, некои веднаш продолжуваат кон Србија, но многу од нив поминуваат извесно време во селата во близина на српската граница. Такви познати „попатни станици" се селата Лојане и Ваксинце. Додека некои од нив се сместени во приватни куќи (плаќаат кирија), другите спијат во околните шуми каде постојат импровизирани кампови. И во извештајот на Европската агенција за гранична безбедност – Фронтекс за ризиците во 2019 година, се посочува дека во однос на Западнобалканската рута во 2018 се зголемил притисокот на границите.

Македонските геополитичари се согласни околу една хипотеза, мигрантската криза која засилено започна во 2015 година, а се чини и до ден денес не престанува, е одраз на глобалните геополитички трендови и ќе има влијание и врз состојбите во нашата држава. Регионот на Балканот, од геополитички аспект се наоѓа помеѓу два центри на моќ од една страна ЕУ и НАТО, од друга страна Русија. Поаѓајќи од теориите на Николас Спајкмен за „Римлендот" и на Мекиндер за „Хартленд", се наметнува теоријата дека државите од балканскиот Римленд ги определуваат доминантните геополитички карактеристики на регионот. Првичното проширување на НАТО и ЕУ, со Бугарија, потоа Хрватска, како и вклучувањето на Албанија во НАТО-државиво маритимниот дел на Балканот, ја потврдува оваа констатација...поканата за влез во НАТО за Црна Гора е уште една хипотеза за значењето на државите во балканскиот Римленд. Во однос на географските одлики за Хартленд, во контекст на теоријата, како средишна област од каде лесно можат да се нападнат и доминираат сите места, се Македонија и Србија кои го претставуваат хартлендот на Балканот. Овие две држави ги поседуваат двете стратешки долини, Моравска и Вардарска и иако немаат излез на море, сепак имаат извонредно поволна географска положба и го поврзуваат западот со истокот. Од тие причини, е важноста на овие две држави во Западнобалканската рута, бидејќи е најпристапен дел за транзитирање на луѓе и стока. Западнобалканската рута е значајна не само за илегална миграција, туку и за недозволената трговија со дрога, оружје, луѓе и стока. Хартлендот на Балканот е важен и од енергетски аспект. Основните анимозитети и енергетско-геополитички трендови се однесуваат на концепциската борба за трасирање на неколку значајни енергетски и транспортни проекти, како што се Јужен (турски) тек, Балканскиот пат на свилата, Набуко, Амбо и Транс-јадранскиот цевковод[54].

[54] Милески,Т. (2015), Политичка географија и геополитика, Скопје:Филозофски факултет, стр.261

Миграциските текови кои не го одминуваат ниту западниот Балкан, години наназад бележат брзи промени. Актуелен ризик со кој се справува граничната полиција се илегалните движења на мигрантите од земјите на воените конфликти кон Европа, каде постојат релативно подобри услови за социјално-економски живот. Нивното движење доаѓа првенствено од Турција, преку која започнува транзитирањето на мигрантите од Блискиот исток (во најголем дел од земјите од Северо-западна и Источна Африка и Јужна Азија).

Стратешката позиција на Западен Балкан, која ги поврзува „истокот“ и „западот“ служи како фактор кој ги привлекува мигрантите. Присутната закана во соседните земји и во земјите на Европска унија влијае и врз границите на РСМ. Иако нашата држава, не претставува крајна дестинација, сепак е дел од рутата која води до посакуваната дестинација. Во таа насока, и бројот на обидите за илегални преминувања бележат тренд на зголемување за 45,6% во споредба со 2018 година. Регистрирани се вкупно 24.601 обиди за илегални преминувања, при што значајно е да се истакне дека бројот на откриените мигранти значително е зголемен во вториот квартал од 2019 година и со ист интензитет продолжува.

Анализирајќи ги состојбите по граници, на границата со Грција ризикот од илегални преминувања од мигранти е на високо ниво, кој е со речиси 90% застапеност на обидите. На границата со Србија, во 2018 година бројот на обиди е зголемен за 27%. Тука забележана е промена во правецот на движење на мигрантите-обратен правец на движење (од Србија преку нашата држава кон Грција). Ваквата состојба беше резултат на повторното враќање на визниот режим на Србија со државјаните на Иран, во 2018 година, кои претходно користејќи директни авионски линии воведени од Техеран и Истанбул доаѓаа до Белград, а потоа со помош на криумчари преку нашата земја транзитираа до Р. Грција со намера да заминат до некоја од Западно европските земји.

Разгорувањето и појавата на нови вооружени конфликти, затворањето на Западнобалканската рута и политичките одлуки, влијаеја на промена на структурата на мигранти, а придонесоа до појава на злоупотреба на правниот систем за азил како една од клучните алатки на мигрантите и криумчарите. За разлика од 2015 и 2016 година, кога најголем број на мигранти беа со потекло од Сирија, во последните години топ пет земји кои доминираат, особено оваа година се мигранти од Пакистан, Авганистан, Бангладеш, Индија и лицата без државјанство, додека нивната динамика на движење зависи од одредени фактори и политички одлуки кои беа преземени.

Како што погоре споменавме, географската положба на државата како транзит зона исклучително влијае на двата клучни криминални пазари, недозволената трговија со дрога

и криумчарењето мигранти. Тоа секако за нашата земја носи огромни предизвици, на безбедносен план и закани по националната безбедност. Криминалните групи инволвирани во недозволена трговија со дрога се најстабилни во своето делување и континуитет. Групите за криумчарење најчесто се инволвирани во криумчарење на различен вид на стоки, облека и обувки, храна и пијалаци, цигари, тутун и дрога. Недозволената трговија со хероин и кокаин ја контролираат високо специјализирани криминални групи. Мигрантската криза влијаеше врз криминалното портфолио на поголемиот број на криминални групи инволвирани во недозволена трговија со дрога и криумчарење на стоки, на начин што под притисок на миграцискиот бран во 2015 година, овие групи се инволвираа во криумчарење мигранти каде беа воспоставени нови односи и врски, а беа регрутирани и нови членови.

Појавата на поликриминални организирани криминални групи односно ОКГ кои вршат кривични дела поврзани со недозволена трговија со дрога најчесто се ориентираат и кон вршење на кривични дела поврзани со криумчарење на мигранти. Според Европол, 46% од организираните криминални групи во Европа се инволвирани во други области на криминал, односно се поликриминални[55]. Во 2015 година, според проценките на Европол, организираните криминални групи постигнале профит од 4,7 до 5,7 милијарди евра, но во 2016 година, профитот се проценува на 2 милијарди. Од тие причини, ОКГ инволвирани во други криминални области, последните години се преориентираа кон криумчарење мигранти, што претставува тренд и во држави од ЕУ, но и во земјите кои се дел од Западен Балкан и нашата држава.

[55] SOCTA Europol




*Извор:Европол*




*Извор: Европол*

### 3.3 КЛУЧНИ РАЗЛИКИ ПОМЕЃУ КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ И ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

За разлика од процесот на трговија со луѓе каде примарната цел е последователна експлоатација на истргуваното лице, која содржи тешки повреди на човековите права, терминот Криумчарење мигранти имплицира помагање на илегален влез на мигранти во една земја. Спротивно на жртвите на Трговија со луѓе, мигрантите кои се прокриумчарени најчесто се согласиле да бидат прокриумчарени (за што платиле одреден однапред договорен финансиски надомест). Чинот на криумчарење завршува со пристигнувањето на мигрантот на во крајната дестинација и односот помеѓу мигрантот и криумчарите завршува тука. И двете кривични дела, согласно Кривичниот законик на РСМ, се сметаат за казниви дела против човечноста и меѓународното право.

Трите главни елементи содржани во дефиницијата за „Криумчарење Мигранти“ се следниве:

- Криумчарење луѓе;
- Придвижувањето на лица;
- Минување граници, најчесто со добиена согласност од мигрантот.

Начини на кои се врши таквото придвижување може да бидат таен транспорт по копно, море и/или воздух, често во нехумани или опасни услови.

Целите на споменатите елементи се преминување граници со цел, за финансиска или друга материјална корист и да се потпомогне нелегален влез (често преку транзитни земји) во земјата на крајната дестинација. Голем број на прокриумчарени лица стануваат жртви на повреди на нивните човекови права. Разликите помеѓу Криумчарењето мигранти и Трговија со луѓе не се секогаш очигледни и честопати овие два процеса се преклопуваат особено во земјите на потекло и транзит. На пример лице кое побарало помош од криумчар за да стигне до одредена дестинација на нелегален начин може да западне во ситуација да биде екплоатирано на неговата во крајната дестинација, или жртва на изнуда и уцена, да работи во услови на ропство со цел да ги покрие финансиските обврски кон криумчарот, односно организираната криминална група или меѓународната криминална мрежа. Правењето разлика во таквите случаи се од големо значење за лицата вклучени во нив затоа што правата на заштита на жртвите од трговија со луѓе се многу поголеми посилни отколку на прокриумчарените мигранти. Но, криумчарените лица не се задолжително и секогаш се и жртви на криминал.

Меѓународната организација за миграции ИОМ известува за зголемен број и опфат на организирани криминални групи кои го олеснуваат движењето на илегалните мигранти. Ова води кон заклучок дека МВР треба да направи поголеми напори за супресија на овој негативен тренд. Не е доволно само да се приведат илегалните мигранти, туку поважно за сузбивање на илегалната миграција е откривање и приведување на организаторите на криминалните групи кои се вклучени во криумчарење мигранти. Криумчарењето мигранти не е единствен криминал поврзан со илегалната миграција. Самото преминување на границата на недозволен начин претставува кривично дело, а секако предвид треба да се земе и ризикот мигрантите да станат жртви на трговија со луѓе.

Освен тоа, незаконскиот престој е причина за протерување од земјата. Сепак, во најголем број случаи мигрантите не поседуваат никакви документи за идентификација, па кога се пријавуваат во Прифатниот центар даваат различни и лажни податоци. Во случај кога идентитетот на странецот не може да се докаже, се задржува во Прифатниот центар врз основа на судска одлука и останува таму сè додека не се обезбедат податоци за неговиот идентитет. Праксата покажува дека оваа процедура е многу долга и во повеќето случаи речиси невозможно да добие завршница. Една од причините кои ја попречуваат идентификацијата е тоа што повеќето од државите на потекло на мигрантите не водат евиденција за своите граѓани, или почнале да го прават тоа неодамна, или пак имаат податоци само за граѓаните со криминално минато.

Освен тоа, честопати мигрантите даваат лажни информации што ја прави постапката уште покомплицирана. Според Законот за странци (член 141), кога постои постапка за протерување на одредено лице од државата, треба да му се даде објаснување на јазик кој го разбира. Ова е уште еден предизвик за македонските надлежни органи. Да се најде преведувач/толкувач од Фарси, Пашту, Урду, Дарси, Пенџаби не е лесна задача. Честопати, надлежните се потпираат на превод обезбеден од мигрант кој е сместен во Прифатниот центар и говори англиски јазик. Како што потенцира ИОМ, овој пристап покренува прашања во однос на квалитетот на преводот и доверливоста на постапката. Згора на тоа, мигрантот кој зборува англиски е поверојатно да биде поврзан со криумчарите или организираната криминална група.

## 3.4 ЗОШТО КРИУМЧАРЕЊЕТО МИГРАНТИ Е ПРИВЛЕЧЕН КРИМИНАЛЕН БИЗНИС ВО РСМ

Поради затворањето на Западнобалканската рута, на мигрантите од Блискиот исток, им е оневозможен влезот во земјите на ЕУ, па од тие причини, лицата го злоупотребуваат безвизниот режим, со цел преку Србија да остварат влез во овие земји, а нивната рута е Србија-Македонија-Грција, од каде со фалсификувани документи, заминуваат кон нивната крајна дестинација ЕУ (најмногу кон Германија и Италија). Од извршени разговори со мигрантите дел тврдат дека влегле сами во Р.Македонија со користење на ГПС уреди.

Некои од мигрантите имале повеќе неуспешни обиди за заминување кон ЕУ преку БиХ и Хрватска, по што одлучиле преку Македонија да заминат кон Грција, а оттаму кон западноевропските земји. Во изминатиот период идентификуван е зголемен број на обиди за директни летови од Грција (Атина или други аеродроми) кон делови на Европа Шенген зона, користејќи авионски превоз, особено за време на празници со користење на фалсификувани документи од земјите на ЕУ (германски, белгиски, латвиски, холандски, француски патни исправи, или италијански, романски, грчки и кипарски карти за идентификација)[56]. За таа цел се користат мали аеродроми во Грција заради ограничени човечки и технички ресурси, поради помали трошоци, евтини летови кои се попогодни за мигрантите.

Според базата на податоци на Фронтекс, околу 3.400 мигранти се обиделе да заминат од Грција преку грчките аеродроми, и тоа најмногу Сириjци, Турци, Ирачани и Иранци. Главна дестинација и понатаму е Германија, но и Австрија, Белгија, Холандија, Франција, Швајцарија и Скандинавските земји. Софистицираните и честопати опасни по живот методи на прикривање ги користат криминалците за криумчарење мигранти преку границите. Случаите на илегални мигранти кои се детектираат во наменски изградени, херметички прегради, па дури и на простори зад мотори во комбиња, камиони, автомобили и товарни возови, се повеќе се пријавуваат на Европол. Шверцерите исто така ги зајакнуваат своите напори да избегнуваат видео надзор на автопатите, не сакаат да остават електронски траги што можат да доведат до нивно откривање. За да го сторат тоа, тие ставаат лажни регистарски таблички на автомобилите што се користат за шверц на

[56] Frontex - Europol Intelligence Notification; Europol / Operations Directorate – European Migrant Smuggling Centre, Ref. No.: IN 13/2018, Hague, November 2018; Frontex / Risk Analysis Unit – Operational Analysis Sector, Ref. No.: 17146, Warsaw, November 2018

мигранти, па дури и ги поставуваат на превозните средства, а притоа им наредуваат на мигрантите да ја преминат границата пеш или да се кријат во приколката.[57]

Криумчарите се обидуваат да ги избегнат полициските патроли, па затоа ги инструираат мигрантите да ги избегнуваат легалните гранични премини и да ја преминуваат зелената граница (појас), по што за кратко време ги собираат веднаш по преминување на границата, за да ги избегнат граничните контроли на моторните возила. Мигрантите при преминувањето на државната граница користат водачи т.н. „качаци“ лица по потекло од Пакистан, Авганистан кои се претопуваат меѓу мигрантите и при евентуално нивно откривање тешко може да се докаже нивната криминална активност. Како водичи честопати се користат и локални жители кои многу добро ја познаваат конфигурацијата на теренот и местата каде што можат да ги засолнат мигрантите во случај да наиде полициска патрола. Транспортот на илегалните мигранти најчесто се врши во ноќните и раните утрински часови - ја поминуваат државната граница и го организираат превозот на мигрантите во временскиот период кога се врши смена на полициските патролни тимови. При полициско сопирање на возилата со кои се криумчарат мигранти, возачите бегаат од местото на настанот, а исто така во бегство се и самите мигранти, заради што се отежнува докажувањето на елементите на кривичното дело. Криумчарењето мигранти е високопрофитабилен бизнис, со релативно ниско ниво на ризик. Најновите истраги, според Европол укажуваат на тоа дека терористичките групи можно е во иднина да ги користат криминалните мрежи за криумчарење мигранти за да влезат во земјите од ЕУ.

Западниот Балкан е регион кој е особено привлечен за трговија со дрога, оружје и луѓе, поради специфичната местоположба-врата на ЕУ. Овој регион е на крстопат помеѓу најголемиот светски производител на опиум Авганистан и најголемиот пазар за хероин. Западниот Балкан е исто така важна влезна точка за кокаин, како и место за перење на добивката од криминални дејствија. Западниот Балкан е исто така еден од главните правци за луѓе кои нелегално се движат од Блискиот Исток и Северна Африка кон ЕУ, или како криумчарени мигранти или жртви на трговија со луѓе. Истовремено е и клучен центар за шверц на оружје[58].

Граничните јазли, според оваа студија се коридори за поликриминалност Во истражувањето за овој извештај, голем број гранични премини беа идентификувани како жаришта на недозволена активност. Она што е најважно е локацијата на овие јазли, а не

[57] Europol
[58] Global Initiative Against Transnational Organized Crime, Жаришта на организиран криминал на Западен Балкан

протокот на одредена стока. Повеќето од групите кои работат во овие региони се поликриминални кои контролираат коридор низ кој се шверцуваат широк спектар на луѓе и стоки (оружје, дрога, цигари, автомобили и стоки за широка потрошувачка). Идомени/Гевгелија е важен граничен премин помеѓу Грција и Северна Македонија по должината на главниот автопат Е75 кој ги поврзува Грција, Скопје и оди понатаму на север – сè до Унгарија и Словачка. Овој премин стана озлогласен во 2015 година за време на бегалската и мигрантската криза поради судирите меѓу полицијата и големите групи на луѓе кои се движат, главно од Блискиот Исток. Од 2014 година наваму, северната граница на Северна Македонија, особено селата Ваксинце и Лојане, исто така се озлогласена сообраќајница за шверц на мигранти. Извештаите на мигрантите сугерираат дека тие биле експлоатирани од страна на локалното население кога барале храна и засолниште. Два нови гранични премини се планирани во триаголниот регион: еден меѓу Северна Македонија и Косово (Белановце-Станчиќ) и друг меѓу Северна Македонија и Србија (Лојане-Миратовац). Дали ова може да создаде ново жариште за криминал? И што е со планираниот граничен премин меѓу Северна Македонија и Србија: дали ова ќе создаде поголеми ризици или можности за нелегална трговија? Овие проекти би можеле да имаат големо позитивно влијание врз регионот: подобрување на поврзаноста и трговијата, како и привлекување поголем туризам. Какво ќе биде влијанието на балканскиот пат на свилата и големите инвестиции и заеми што Кина ги носи во регионот како дел од иницијативата „Еден појас, еден пат“? Некои планови вклучуваат голем автопат од пристаништето Пиреја преку Скопје и Белград до Будимпешта, како и инвестиции во албанските и црногорските пристаништа.[59]

Како што веќе беше наведено, во 2016 година помеѓу нерегуларните мигранти беа идентификувани 121 потенцијална жртва на трговија со луѓе меѓу кои 44 деца; додека во 2017 година, од 75 потенцијални жртви на трговија со луѓе, 46 беа возрасни машки лица, девет жени и 20 деца. Ваквиот родов состав на идентификуваните потенцијални жртви на трговија на луѓе помеѓу нерегуларните мигранти од една страна се должи на фактот дека најзастапени нерегуларни мигранти кои транзитираа низ територијата на РСМ во периодот 2016-2018 година се возрасните машки лица, а од друга страна покажува дека покрај жените и непридружуваните деца како особено ранливи категории за кои постои висок ризик да се јават како жртви на трговија со луѓе, и сите нерегуларни мигранти можат да

[59] Global Initiative Against Transnational Organized Crime, Жаришта на организиран криминал на Западен Балкан

бидат жртви на трговија со луѓе.[60] Ризиците и последиците кои ги носи криумчарењето на мигранти вклучуваат ризик мигрантите да станат жртви на трговија со луѓе, односно некој од следните видови експлоатација: сексуална експлоатација, питачење, принудна трудова експлоатација, порнографија, ситен криминал, трговија со ткива, клетки и органи и итн. Во исто време, постои опасност нерегуларните мигранти да станат жртви на физичко насилство, закани, незаконско лишување од слобода, измами, разбојништво и изнудување.

Во РСМ, долгот на мигрантите кон криумчарите се смета за еден од клучните причини за тргување или експлоатирање. Во некои случаи, криумчарите ги разделуваат семејствата со цел да изнудат дополнителни средства, заканувајќи се дека ќе ги повредат другите членови на семејството доколку не ги платат парите кои тие ги бараат. Забележани се и случаи на сексуално и психолошко насилство особено врз жените и непридружуваните и разделените деца од страна на криумчарите или пак од други припадници на групата. Во одредени извештаи се забележани искази на жртви за изнудување на пари од страна на криумчарите, особено во селата Ваксинце и Лојане. Исто така, постојат искази за тоа дека криумчарите ги нудат своите услуги во замена за полов однос со жени кои патуваат”[61].

Организираниот криминал има трајно негативно влијание врз стабилноста на државата, кој преку политичко влијание и корупција ги дестабилизира институциите на системот, со што директно се попречува и отежнува евроатланската интеграција. Географската положба, инфраструктурното поврзување на клучните пан европски коридори 10 и 8, покрај економските продобивки ќе овозможи и зголемен транзит на стоки и услуги, што секако дополнително ќе влијае на поврзување на регионалните и меѓународните криминални мрежи.

Овие констатации се потенцирани и во извештајот на СЕЛЕК Центарот ОСТА SEE за 2019 година, во кој врз основа на прашалници кои се доставуваат во сите земји членки на СЕЛЕК, МВР и Царинската управа, врз основа наутврдена методологија се изготвува овој стратешки документ кој е од јавен карактер, кој претставува безбедносна проценка од закани од организиран криминал:

- Повеќето групи во регионот на Југоисточна Европа се поликриминални, инволвирани во повеќе криминални области, но и криминални групи инволвирани во недозволена трговија со дрога, соработуваат и со групи инволвирани во други криминални области.

[60] Здружение на млади правници, Извештај за трговија со луѓе и криумчарење мигранти
[61] Извештај за Трговија на мигрантските рути до Европа на ICMPD, 2018, стр. 6

- Координацијата во криминалните групи се врши од лице кое е на врвот на хиерархијата, а кој е поврзан со членовите на групата семејно, по етничка припадност, претходно криминално искуство, заедничко издржување казна затвор и сл.
- Лидери на групи инволвирани во криумчарење мигранти обично потекнуваат од земји од каде што се криумчарат мигранти и нивна улога е да го координираат криумчарењето долж рутата, додека локалните организатори потекнуваат од земјите каде се врши криумчарењето и нивна улога е да ги менаџираат секундарните активности (транспорт, сместување, храна и сл.).
- Криминалците сакаат да бидат апдејтирани за најновите технолошки новитети, нивниот модус операнди постојано еволуира и се прилагодува на најновите технологии
- Користење дронови за набљудување на полициски патроли
- Користење на старите добри контрамерки (тет а тет средби, плаќање на рака, кодиран јазик, шифри), но и нови софистицирани технологии (енкриптирани платформи, нерегистрирани телефонски броеви, нови апликации).
- Сé почесто користење на Хавала методот на плаќање[62]

Овие клучни обележја се поистоветуваат и со состојбите со организираните криминални групи во нашата држава.

Мигрантите се преземаат од Грција од локации во близина на Идомени кај Хотелот Хара, каде ги криумчарат лица од Пакистан, Авганистан и македонски државјани и организирааат нивно илегално преминување на грчко–македонската граница и транспорт на македонска територија до северната граница со Србија, за паричен надомест во износ од 800 до 1.000 евра, додека од камп за бегалци од Солун се организира криумчарење на мигранти преку Македонија и Србија кон Европа за паричен надомест од 2.000 до 3.500 евра во зависност од дестинацијата.

Главната рута за криумчарење мигранти е во близина на коридор 10: Гевгелија – Велес –Скопје, а повремено се користи и правецот Гевгелија – Дојран – Богданци – Валандово – Струмица – Штип – Куманово, по што мигрантите се носат во северниот дел од државата, односно до селата Лојане и Ваксинце, или во близина на самата граница со Србија, од каде во погоден момент се врши нивно илегално префрлање на територијата на Србија. Како патни правци за транспорт на мигрантите и логистичка поддршка се користат

[62] OCTA SEE 2018-PUBLIC VERSION

Кумановскиот, Струмичкиот и Штипскиот регион, односно, потегот од Гевгелија и Дојран до Куманово, до границата со Србија. За вршење на криминалните активности се користи јака логистичка поддршка, која се состои во почесто менување на возила, користење на рент-а-кар, често менување регистарски ознаки и таканаречени „чистачи на патот“ кои пред да се изврши криумчарењето ја прегледуваат рутата на движење од полициски патроли и сообраќајна контрола.

Присуството на помагачи е уште еден фактор кој привлекува вршење на ваков вид криминални активности. Нивната улога во целиот процес е да ја претставуваат врската со организираната криминална група која го организира патувањето на мигрантите, вклучувајќи луѓе кои се занимаваат со криумчарење и трговија со луѓе како и „попатни станици“ каде мигрантите добиваат сместување и можат да се одморат пред да продолжат со патувањето. Такви места се селата Лојане и Ваксинце во близина на граничниот премин Табановце, кои се кохерентни во смисла на етничка припадност, религија и култура, а локалното население го оправдува криминогеното однесување, а своите куќи ги оставаат на располагање на криминалните групи во кои привремено се сместуваат илегалните мигранти. При криумчарењето се користат возила со изгубени или украдени регистарски таблички, како и објекти за сместување на мигрантите кои се напуштени од сопствениците или објекти чии сопственици се во странство, со што се избегнува кривична одговорност на сторителите. Развојот на сообраќајната инфраструктура - пуштање на новиот автопат кај Смоквица, ја отежна контролата на возилата со кои се превезуваат мигрантите, пред сè поради брзото возење. И понатаму се користат алтернативни регионални и локални патишта низ Источна Македонија со цел избегнување на полициските патроли. При полициско сопирање на возилата со кои се криумчарат мигранти, возачите бегаат од местото на настанот, а во бегство се и самите мигранти, заради што се отежнува докажувањето на  кривичното дело. И покрај тоа што криумчарењето на мигранти бара ниско ниво на професионалност и експертиза, забележана е сè поголема софистицираност при вршење на кривичните дела. Во иднина се очекува онлајн понудите за транспорт на мигранти или т.н. „digital smuggling“ да се зголемат, а имајќи ги предвид политичките случувања во регионот и чекорите кои преземаат земјите во регионот за да се справат со илегалната миграција и состојбата во бегалските кампови во Турција и Грција, профитот од овој криминален бизнис да порасне уште повеќе.

### 3.5 МОДУС ОПЕРАНДИ

Организираните криминални групи, се со воспоставена широка мрежа на криминални соработници, со дефинирана улога дадена од страна на организаторите.

Повеќето се дел од меѓународни криминални мрежи, а организатори на повисоко ниво најчесто се странски државјани (Авганистан и Пакистан) кои легално (како баратели на азил - злоупотребувајќи го институтот азил) или илегално престојуваат подолг временски период на територијата на нашата држава и добро го зборуваат англискиот и албанскиот јазик. Криминалните групи за меѓусебна комуникација користат телефонска и интернет комуникација. Сé почесто користат мобилни апликации, GPS координати, кои ги испраќаат преку социјалните апликации, а забележано е и користење на дронови[63]. Криумчарењето на мигранти и трговијата со луѓе ги вршат организирани криминални групи со локална логистичка поддршка во најголемиот број на случаи. Најголемиот број на криумчари се возрасни машки лица, но откриени се и жени вклучени во криумчарење на мигранти[64].

Криминалните групи кои се занимаваат со криумчарење на мигранти имаат вертикална структура со јасно утврдена улога на секој член во групата – качак, чистач, транспортер, изведувачи и слично. Лицето кое ја има улогата на качак во групата е задолжено да ги прифати мигрантите по нивниот незаконски влез во нашата држава. Лицата кои ја имаат улогата на чистачи во криминалната група имаат задача да идентификуваат евентуални полициски патроли, контроли или заседи по рутата по која се движеле возилата и за истото да ги известат останатите членови на криминалната група.

За обезбедените услуги криминалните групи им наплатувале на мигрантите паричен надоместок, кој зависи од повеќе фактори – број на лица кои се криумчарат, период во кој се врши криумчарењето. Според искази на оштетените мигранти дадени во кривичните постапки, надоместокот за криумчарите се движи од 150 евра, па сè до илјада евра.

Начинот на плаќање на надоместокот кон криумчарите се менува – па така забележани се случаи на авансно плаќање, но и плаќање по пристигнувањето во посакуваната дестинација или транзит држава, која е договорена за плаќање на одредена рата. За плаќање се користи и брз трансфер на пари, најчесто од страна на семејството на мигрантот кое се наоѓа во некоја од европските држави или државата на потекло.

[63] СРЕДНОРОЧЕН ПРЕГЛЕД 2019 „Проценка на закани од сериозен и организиран криминал“, МВР, мај, 2019

[64] Годишен извештај на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за 2016 година

Притоа, забележани се случаи во кои лицето кое требало да ги превезува мигрантите, по примениот аванс заминувало во непознат правец, оставајќи ги мигрантите во возилото.[65]

[65] *ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА НАЦИОНАЛНАТА КОМИСИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА ЗА 2019 ГОДИНА*

# ЧЕТВРТ ДЕЛ: ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ПРИСТАП ВО БОРБАТА ПРОТИВ КРИУМЧАРЕЊЕТО МИГРАНТИ

## 4.1 ПРИСТАПОТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ВО СПРАВУВАЊЕТО СО ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ СО КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ

Еден од главните приоритети не само на нашата држава, туку и на секоја држава е спречување и борба против трговија со луѓе, изнаоѓање одговор за главните причини кои се кријат зад оваа појава и обезбедување на соодветна заштита и поддршка на криумчарените мигранти, односно развивање на национални и регионални стратегии и политики за спречување и борба против трговија со луѓе, особено трговија со деца, вклучително и заштита за жртвите, а со посебен фокус на ранливите категории. Неопходно е да се поддржи развивањето на механизми за борба против национална и транснационална трговија со луѓе притоа зајакнувајќи ги капацитетите за помош и заштита за жртвите во однос на нивна рехабилитација и реинтеграција во општество. При постапување со оваа проблематика, Република Северна Македонија преку своите институции надлежни за борба против илегалната миграција и организираниот криминал поврзан со криумчарење мигранти ги почитува меѓународните договори, домашните закони и стандардните оперативни процедури за постапување со лица мигранти и жртви на трговија со луѓе, во рамки на кои се уредени постапки, процедури и начини на обезбедување помош и заштита на сите мигранти, преку сеопфатен приод заснован на почитување на човековите права на жртвата.

Во оваа смисла, потребно е зајакнување на капацитетите на службите за спроведување на законот, гранично управување и правосудните органи со цел остварување на ефективна идентификација, гонење и казнување на криумчарите, остварување на меѓународна соработка со земјите од регионот и пошироко во насока на сузбивање на организираните криминални групи инволвирани во криумчарење мигранти и трговија со луѓе и почитување и заштита на човековите права на жртвите.

Националната стратегија и националниот акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција која се однесуваше на периодот 2013-2016 година предвидуваше силни превентивни мерки со кои ќе се делува на причините и корените на трговија со луѓе и координирана акција на сите надлежни институции во насока на справување со појавите и заштита на жртвите со трговија со луѓе и криумчарење на мигранти. Со оваа национална стратегија и акциски план беа планирани и реализирани и кампањи за подигнување на

свеста кои имаа за цел подобро да ја информираат јавноста и да влијаат кон намалување на ризиците од трговија со луѓе и илегална миграција. Сепак, овие документи беа подготвени и донесени во услови во кои не се насетуваше кулминација на бегалската и хуманитарна криза од размери кои можевме да ги посведочиме во 2015 и 2016 година.

Искуствата и предизвиците од бегалската криза имаа влијание на процесот на донесување на сегашната Националната стратегија и Националниот акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за наредниот период (2017-2020 година). Со неа како приоритетни цели се утврдуваат: подобрена и зголемена координација и соработка помеѓу клучните актери и усогласеност на националните политики, подобрена ефикасност и ефективност во имплементација на планираните стратегиски цели и усогласување со новите политики на Европската Унија кои се однесуваат на илегалната миграција. Во делот на јакнење на капацитетите се предвидува зајакнување на позицијата на Националниот координатор и низа мерки за јакнење на капацитетите на канцеларијата на Националниот координатор.

Стратегијата предвидува и зајакнување на финансиските, техничките и човечките капацитети на владините институции, но и на здруженијата на граѓани заради успешно спроведување на предвидените политики. Во стратегијата се препознава и потребата од зајакнување на улогата на локалните власти и за таа цел е предвидено зајакнување на координацијата и соработката на институциите на централно, локално и регионално ниво за поефективна идентификација, помош и поддршка на потенцијалните жртви и групи под ризик.

Стратегијата исто така ја потврдува и неопходноста од усогласување на националната со меѓународната правна рамка. Значајно место во стратегијата има и обештетувањето на жртвите на трговија со луѓе, односно активностите за воспоставување на соодветен модел на фонд за компензација на жртвите на трговија со луѓе. Националната стратегија ја приоретизира потребата од истражување на состојбите со трговија со луѓе, но и од мониторинг и евалуација со што ќе се обезбедат професионалност и независност во креирањето и спроведувањето на политиките. И покрај очигледниот напредок во однос на јакнење на капацитетите за справување со нерегуларната миграција и трговија со луѓе, забележлив е недостатокот од одржливи политики за справување со миграциските текови, за што говори и фактот дека клучна мерка за справување со мигрантската криза е продолжувањето на воена состојба на јужната и северната граница, односно применување

на мерка од ad hoc карактер, наместо спроведување на одржливи решенија кои се засноваат на стратешко планирање и длабинска анализа на состојбите.[66]

Целта на стратегијата е доближување на државата до стандардите на меѓународно ниво, а при нејзината изработка беа сериозно земени предвид: Препораките дадени од страна на Советот на Европа, во извештајот на ГРЕТА за РМ за Евалуација на имплементирање на Конвенцијата на Советот на Европа „Активности против трговијата со луѓе“, Препораките на специјалниот претставник и координатор за трговија со луѓе на ОБСЕ дадени во Извештајот за посета на РМ, како и други стратегиски документи и добри практики на ЕУ и ОБСЕ. Исто така беа анализирани и интерпретирани и соодветните извештаи на Стејт департментот на САД и други релевантни национални и меѓународни документи, според кои Република Македонија бележи постојан напредок во оваа област. Мигрантскиот бран во 2015 година, поттикна зголемен ангажман на националните институции, меѓународните организации и граѓанскиот сектор. Воедно, од новонастанатата состојба произлезе потребата од градење нова визија за справување со новите форми на миграција, трговија со луѓе и илегална миграција. Целта на Националната стратегија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција е да поттикне разбирање за новите трендови и тенденции во оваа област на светско ниво, како и подобрување на координативните механизми за справување со оваа појава. Мисијата на Националната стратегија е да обезбеди стратегиски приоритети за борба против трговијата со луѓе и да дизајнира општи и посебни задачи за надлежните институции, поединечно и групно, како на локално така и на национално ниво. Националниот акциски план треба да поттикне операционализација на поставените цели, да обезбеди широка политичка и финансиска поддршка за имплементација на активностите предвидени во планот.

**Националниот акциски план** содржи пет стратегиски области:

1. Поддржувачка рамка,
2. Превенција,
3. Идентификација и упатување,
4. Директна помош, заштита, интеграција и доброволно враќање на жтл/мигранти,
5. Ефикасно откривање и гонење на сторителите на кривично дело трговија со луѓе и криумчарење мигранти.

[66] Трговија со луѓе и криумчарење на мигранти во Северна Македонија – Извештај на Македонско здружение на млади правници

Во него се прецизирани целите и приоритетите, резултатите што треба да бидат постигнати, дефинирани се институциите што треба да бидат носители на активностите, временската рамка за нивна реализација, индикаторите за мерење на успешноста во реализацијата на обврските, како и финансиската рамка за спроведување на планираните активности. Сето ова треба да поттикне зголемување на довербата на граѓаните на Република Северна Македонија во начелото на владеење на правото, зголемена доверба во институциите, подобрување на состојбата со човековите права и слободи, да се запре и да се зголеми свесноста за трговија со луѓе и илегалната миграција, како и да се подобри имиџот на Република Македонија во меѓународни рамки.[67]

Клучна активност во борбата против актуелните безбедносни предизвици и тенденции претставува напредокот во реализирање на меѓународната соработка, зацврстена меѓународна доверба, зголемена размена на информации, која е најдобар доказ за нашата подготвеност да го направиме безбедносниот амбиент уште поповолен, а со тоа и напредокот во европските интеграции уште побрз. Размената на информации се врши преку веќе воспоставените канали како што се Европол, Интерпол, Фронтекс и офицери за врска, а истата е овозможена врз основа на членување во меѓународни организации, иницијативи, договори и конвенции. Во таа насока се продолжи со организација и координација на севкупните активности поврзани со реализацијата на меѓународната „Заедничката операција за засилен надзор на јужната граница на РСМ, со ангажирање на полициски службеници од странство“. Во ваквата активност партиципираат полициски службеници од осум земји (Хрватска, Србија, Словенија, Австрија, Чешка, Полска, Унгарија и Словачка). Истите заедно со припадници на граничната полиција, во заеднички мешани патроли вршеа засилен надзор на јужниот дел од државната граница чија цел е спречување на обидите за илегален влез или излез на мигранти од Грција, како и откривање на случаи на криумчарење мигранти.[68]

### Меѓународни договори за транснационален организиран криминал, трговија со луѓе и криумчарење мигранти

Трите главни меѓународни договори со директна релевантност за трговија со луѓе и криумчарење мигранти во поширокиот контекст на транснационалниот организиран

[67] Националната стратегија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција 2017-2020

[68] ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА НАЦИОНАЛНАТА КОМИСИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА ЗА 2019 ГОДИНА

криминал се Конвенцијата на Обединетите нации против транснационален организиран криминал (УНТОК), Протоколот на ОН за трговија со луѓе и Протоколот на ОН за криумчарење мигранти, сите склучени во декември 2000 година.

- **Конвенција на Обединетите нации против транснационален организиран криминал (УНТОК)**

Оваа Конвенција е централен инструмент во пакетот договори изготвени за решавање на транснационалниот организиран криминал. Поединечните протоколи приложени кон УНТОК, конкретно се занимаваат со трговија со луѓе, криумчарење мигранти и трговија со лесно оружје. Одредбите од Конвенцијата важат за сите три форми на криминал. Целта на УНТОК е да промовира меѓудржавна соработка за поефективна борба против транснационалниот организиран криминал. УНТОК бара да се елиминира „безбедното место“ во кое може да дојде до активности на организиран криминал или криење докази или профит, преку промовирање на усвојување основни минимални мерки. Постојат два главни предуслова за примена на УНТОК. Прво, релевантниот престап мора да биде „сериозен“ и да има некаков транснационален аспект. Второ, тој мора да вклучува организирана криминална група. Двата елемента се дефинирани многу широко. Примарната обврска на Конвенцијата се однесува на инкриминирање на конкретно однесување. Од државите-страни се бара да инкриминираат:

- Учество во организирана криминална група;
- Перење на приходите од криминалот;
- Корупција во јавниот сектор; и
- Попречување на правдата.

- **Протокол на ОН за трговија со луѓе**

Протоколот на ОН за спречување, сузбивање и казнување трговија со луѓе, особено жени и деца, ја надополнува Конвенцијата на Обединетите нации против транснационален организиран криминал е најважниот од сите меѓународни договори за трговија со луѓе. Протоколот влезе во сила во 2003 година и тој бара државите да ја инкриминираат трговијата со луѓе како што е дефинирана во тој инструмент, како и поврзаните престапи. Целите на Протоколот се:

- Спречување и борба против трговијата со луѓе, обрнувајќи особено внимание на жените и децата;

- Помагање на жртвите на таа трговија, со целосно почитување на нивните човекови права; и
- Промовирање соработка меѓу државите-страни за да се исполнат тие цели.

- **Протокол на ОН за криумчарење мигранти**

Целите и обврските на Протоколот на Обединетите нации против криумчарење мигранти по копно, море и воздух, со кој се надополнува Конвенцијата на Обединетите нации против транснационален организиран криминал се:

- Спречување и борба против криумчарење мигранти, како и промовирање соработка меѓу државите-страни за таа цел.
- Инкриминирање на „криумчарењето мигранти“, користењето на лажни патни или исправи за идентификација (заради криумчарење) и помагањето на криумчарените мигранти нелегално да останат во некоја земја – истовремено признавајќи дека миграцијата сама по себе не е кривично дело.
- Поттикнување на меѓународна соработка за спречување на криумчарење мигранти
- Усвојување законодавни и други мерки какви што се потребни за олеснување на построго казнување кога активностите на криумчарите го загрозуваат, или веројатно ќе го загрозат животот или безбедноста на засегнатите мигранти; или ќе повлечат нечовечно или понижувачко однесување, вклучувајќи и експлоатација на тие мигранти.
- Меѓусебна размена на релевантни информации за рутите, модус операнди и идентитетот на организираните криминални банди вклучени во криумчарењето мигранти, како и легислативни искуства и практики, и научно-технички искуства корисни за органите за спроведување на законот, за да се подобри способноста за превенција, откривање, истражување на тие активности и прогон на сторителите; во согласност со домашни правни и административни системи
- Зајакнување на граничната контрола што можеби е потребна за спречување и откривање на криумчарењето мигранти, без да се повредат меѓународните обврски за слободно движење на луѓето.

- **Стратегија за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија 2017-2027**

Оваа Драфт Стратегија е насочена кон интеграција на лицата коишто, во согласност со Законот за азил и привремена заштита, имаат статус на припадност кон која било од следниве групи:

- лица со признаен статус на бегалец;
- лица под супсидијарна заштита;
- баратели на азил, како корисници на мерки за рана интеграција, и
- странци со регулиран престој во Република Македонија (со претходно одобрение од страна на надлежни органи).

За понатамошно подобрување на системот за интеграција и решавање на преостанатите стратешки недостатоци, новата десетгодишна стратегија се насочува кон следните цели:

- Јакнење на системот на интеграција преку мерки за градење капацитети и партнерства што поттикнуваат локално учество и интерактивна комуникација;
- Развој на одржливи мерки за рана интеграција;
- Остварување одржливи и долгорочни станбени решенија што промовираат интеграција во општеството и со коишто се избегнува гетоизација;
- Постигнување на образовните цели заради јакнење на интеграцијата во општеството и промовирање на одржливо вработување;
- Обезбедување можности за вработување заради јакнење на самостојноста на целната група и избегнување на нејзината зависност од социјална заштита;
- Постигнување оптимални резултати преку поврзување на мерките за интеграција и стекнувањето државјанство;
- Воведување иновативни модели за оптимизација на резултатите од локалната интеграција во сите сектори.

## 4.2 ИНСТИТУЦИИ ВО ДРЖАВАТА КОИ СЕ ВКЛУЧЕНИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ

**Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција**

Стратешкото планирање во областа на трговија со луѓе и криумчарење на мигранти е во надлежност на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, која е формирана со одлука Владата. Составот на Комисијата овозможува интеринстутиционален и мултидисциплинарен пристап во развојот на стратегиите и плановите за справување со илегалната миграција и трговијата со луѓе. Националната комисија има интеринституционален состав, односно во нејзината работа се вклучени членови од Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за надворешни работи, Министерството за правда, јавното обвинителство и судството. Комисијата ги има следните надлежности: да ја следи и анализира состојбата со трговијата со луѓе и илегалната миграција, да ги координира активностите на надлежните институции и да соработува со меѓународни и невладини организации кои се вклучени во решавањето на проблеми од областа на трговијата со луѓе. Во рамки на комисијата функционираат Секретаријат, како и Подгрупа за борба против трговија со деца. Секретаријатот претставува тело во рамките на Националната комисија во кое учествуваат претставници на меѓународни и невладини организации, како и експерти од државни институции. Во 2013 година, Комисијата формираше вкупно шест локални комисии за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, а кои ги покриваат општините Тетово, Битола, Штип, Прилеп, Велес и Гевгелија.

**Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе**

Од 2005 година функционира и Националниот механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе, чија цел е да обезбеди адекватна идентификација, помош и заштита на жртви на трговија со луѓе, која се заснова на меѓународните стандарди. Во рамки на Националниот механизам за упатување функционира Координативна канцеларија во чија работа учествуваат професионалци од 30 центри за социјална работа и еден претставник од Заводот за социјални дејности. Во процесот на упатување и помош на жртвите на трговија со луѓе е воспоставена блиска соработка со претставници на

здруженија на граѓани кои се активни во предметната област и други засегнати страни.

**Министерство за внатрешни работи**

Клучната оперативна улога во откривањето и сузбивањето на криумчарење на мигранти и трговија со луѓе во Република Северна Македонија има Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, односно Одделот за гранични работи и миграции. Во рамки на овој оддел, функционира Мобилна единица за сузбивање на прекуграничен криминал и компензаторни мерки во чија надлежност спаѓа покривање на територијата на Северна Македонија со мобилни тимови од граничната линија во длабочина на територијата. Во справување со илегалната миграција, поддршка на Одделот за гранични работи и миграции му обезбедува Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал преку Единицата за борба против трговија со луѓе и криумчарење мигранти, надлежна за водење истраги за случаи на трговија со луѓе и криумчарење мигранти, а која од март 2018 година, со склучен Меморандум за соработка помеѓу МВР и ОЈО, по одлука на Влада на РСМ прерасна во Национална единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе, со цел поефикасно спроведување на истраги и откривање на организирани криминални групи кои се занимаваат со криумчарење на мигранти и трговија со луѓе, која е високо специјализирана за водење на криминалистички истражувања за организирани криминални групи инволвирани во криумчарење мигранти и трговија со луѓе. Оваа Национална единица дава поддршка на граничната полиција секогаш кога постои сомнение дека има елементи за организираност и води проактивни истраги, врз основа на Стандардни оперативни процедури и Упатство за водење на криминалистички истраги. Надлежен орган за гонење на сторители на кривичните дела „криумчарење на мигранти“ и „трговија со луѓе“ е Основното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Изминативе години, се забележува јакнење на институционалните капацитети за справување со криумчарењето на луѓе и трговија со луѓе – функционални се пет мобилни тимови за спречување на трговија со луѓе кои го покриваат подрачјето на Скопје, Куманово, Гевгелија, Битола и Тетово.

## 4.3 МЕЃУНАРОДНИ ИНСТИТУЦИИ ВКЛУЧЕНИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ

**СЕЛЕК Центар** е регионална оперативна организација во Југоисточна Европа формирана во 1999 година со цел да ја зајакне и да ја олесни соработката на органите на полицијата и царината на земјите-членки во борбата против прекуграничниот криминал. Земји-членки на СЕЛЕК Центарот се Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Грција, Унгарија, Македонија, Молдавија, Црна Гора, Романија, Србија, Словенија и Турција. Покрај земјите-членки, има и 22 земји и организации-набљудувачи. Соработката во рамките на СЕЛЕК Центарот се одвива во две димензии. Една од нив е процесот за размена на информации што се одвива на секојдневна основа помеѓу офицерите за врски кои се обидуваат што побрзо да ги решат барањата добиени од нивните национални истражни тимови. Другата важна димензија е претставена преку активностите кои се одвиваат во рамките на работните групи, а во моментот во работат осум работни групи, при што секоја од нив се занимава со различен тип криминал. Една од овие осум работни групи е Работната група за трговија со луѓе и криумчарење мигранти („Мираж“ Т.Ф.). „Мираж“ Т.Ф. е формирана во 2001 година. Таа работна група ја координира Романија и претставува форум за дискусии помеѓу националните експерти кои редовно се состануваат со цел да споделат искуства и да развијат стратегии за борба против ТЛ и криумчарење мигранти во регионот.[69]

**ЕВРОПОЛ** е агенција на ЕУ, надлежна за спроведување на законот, чија цел е да помогне во создавање на побезбедна Европа преку поддршка на органите надлежни за спроведување на законот во борбата против меѓународниот сериозен и организиран криминал и тероризмот. Европол користи сопствени уникатни информациски и аналитички капацитети и експертиза, со цел откривање и влегување во трага на најопасните криминални и терористички мрежи. ЕВРОПОЛ како организација на Европската Унија надлежна за спроведување на законот, која работи со криминалистичко-разузнавачки информации, има за цел подршка во подобрување на ефективноста и соработката помеѓу надлежните органи на земјите членки во спречувањето и борбата против организираниот криминал, тероризмот и други форми на сериозен криминал кои зафаќаат две или повеќе земји членки. Мандатот на ЕВРОПОЛ опфаќа организиран криминал, тероризам и други

[69] www.moi.gov.mk

форми на сериозен криминал, кои зафаќаат две или повеќе земји членки. МВР на РСМ учествува во аналитичките работни досиеја на Европол кои се однесуваат на илегална миграција и трговија со луѓе, преку доставување на информации, вршење проверки, учество во заеднички истраги, акциски денови, оперативни состаноци, оперативни и стратешки документи SOCTA (Serious and organized crime threat assessment).

Во февруари 2016 година, во рамки на ЕВРОПОЛ, како одговор мигрантската криза од 2015 година, беше формиран **Европскиот центар за криумчарење на мигранти (ЕЦКМ)**. ЕЦКМ ги поддржува полициските и граничните служби на ЕУ при координација на високо сложени прекугранични операции против криумчарењето. Европскиот центар за криумчарење мигранти, има за цел да им помогне на земјите-членки на Европската унија да ги откријат криминалните мрежи за криумчарење мигранти. Центарот чие седиште е во Хаг има за цел подобрување на размената на информации и оперативната координација во борбата против организираното шверцување мигранти, зајакнување на координацијата меѓу земјите-членки, интернационалните организации и европските агенции, кои имаат одговорност во борбата со шверцот на мигранти.

**Меѓународната организација за криминалистичка полиција – ИНТЕРПОЛ** е најголемата меѓународна полициска организација, во која членуваат 190 земји од светот (по бројот на членство, е втора најголема светска организација, после ООН). Формирана е во 1923 година, со цел да ја олесни меѓународната полициска соработка, како и да им даде поддршка и помош на сите организации, служби и сервиси, чија задача е превенција и борба против меѓународниот криминал.

Трите основни функции на ИНТЕРПОЛ се:

А) Обезбедување на сигурни, глобални полициски сервиси за комуникација – преку својот информациски систем – I/24-7, ИНТЕРПОЛ им овозможува на своите земји членки, преку НЦБ-ата, размена на електронска пошта, користење на повеќе WEB сервиси, како и директен пристап до централните криминалистички бази на податоци;

Б) Обезбедување на криминалистички бази на податоци – ASF (Automatic search facility) – ИНТЕРПОЛ менаџира повеќе бази на податоци, кои на полициите ширум светот им даваат информации кои можат да помогнат во водењето истраги и превенција на криминалот. Наведените бази на податоци содржат важни информации за лица, отпечатоци, ДНК профили, слики со детска порнографија,

украдени/изгубени патни исправи, украдени моторни возила, украдени артефакти, сите достапни преку I/24-7.

В) Оперативна полициска поддршка – ИНТЕРПОЛ се обидува да ја унапреди улогата на НЦБ-ата и регионалните канцеларии прилагодувајќи ја работата на Генералниот Секретаријат кон нивните потреби, особено во оперативната активност во приоритетните подрачја на криминалот: јавна безбедност и тероризам, дрога и организиран криминал, трговија со луѓе, финансиски и компјутерски криминал и меѓународни потерници.

**Службата за криминалистичко разузнавање Австрија**, односно Заедничката оперативна канцеларија (JOO – Joint operational office) - истражен центар во борбата против меѓународниот шверц со луѓе, фокусирајќи се на балканските рути. Привремената и меѓународната координација ја спроведува JOO. На состанокот на министрите за внатрешни работи на 7 јуни 2018 година во Сараево, Службата за криминалистичко разузнавање на Австрија, беше договорено да се воспостави Работна група, во која ќе членуваат земјите низ кои минува т.н. Западнобалканска рута, со цел сузбивање на илегалната миграција и криумчарењето мигранти. Членови на работната група се: Северна Македонија, Грција, Албанија, Бугарија, Србија, Косово, Романија, Унгарија, Црна Гора, Босна, Хрватска, Словенија, Италија, Германија и Австрија, како и Фронтекс и Европол. На 18 и 19 јуни 2018 година, JOO во Виена, Австрија беше домаќин на иницијалната средба, по која следуваа уште две средби, при што беше донесена одлука од страна на земјите учеснички: воспоставување на контактна точка 24/7 (размена на разузнавачки информации во реално време) од страна на Заедничката оперативна канцеларија, со обезбедување истражители и техничка опрема.[70]

## 4.4 УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ ИНИЦИЈАТИВИ

По ратификацијата на **Конвенција на Советот на Европа за превенција и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулска Конвенција)**[71] која се темели на принципот на еднаквост меѓу мажите и жените, се направија измени и

---

[70] Lagebericht Schlepperei 2018 Rücklauf bei illegaler Migration, Wien 2019

[71] Собранието на 22 декември 2017 ја ратификуваше Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и домашно насилство.

дополнувања на Законот за социјална заштита во март 2018 година со што овој центар, стана Центар за лица жртви на трговија со луѓе и жртви на сексуално насилство.

**Процесот на Будимпешта** е меѓурегионален дијалог за миграција што се протега во регионот на рутите на свилата - опфаќајќи ги источните соседи на Европа, земјите од Западен Балкан и Централна Азија. Негова цел е да обезбеди платформа за дијалог и оперативна соработка за над 50 влади и 10 меѓународни организации. За време на повеќе од 25 години работење, Будимпештанскиот процес има воспоставено далекусежна мрежа меѓу државите учеснички и широко тематско покривање. Необврзувачката природа, воспоставување на доверба, како и негувањето на принципот на еднакво ниво, овозможија да се постигне соработка, исто така, за чувствителни прашања. Процесот во Будимпешта исто така нуди платформа за учење и обука, како и за олеснување на конкретниот развој и соработка на проектите. Проектите во регионот на свилата рути служат за подобрување на капацитетите на администрациите за подобро управување со сите аспекти поврзани со миграциите на луѓето, вклучително и свесност за тоа како миграцијата може да биде покорисна за развојот на секоја земја. Процесот во Будимпешта обезбедува неформална и флексибилна рамка за државите и другите засегнати страни за решавање на прашањата од заеднички интерес и одржување на отворени канали на комуникација. Преку дијалог, размена на информации и искуства, се промовира заедничко разбирање на миграциските концепти и политики, како и заеднички јазик за миграциските прашања. Ова е неопходно за понатамошна соработка.

**Евро-африканскиот дијалог за миграција и развој (Рабат процес)** е регионален дијалог за миграција. Од 2006 година, дијалогот нуди рамка за консултации, приближувајќи ги земјите на потекло, транзит и дестинација на миграционите патишта што ги поврзуваат Централна, Западна и Северна Африка со Европа. Вклучени се над 60 засегнати страни, вклучително и Европската комисија (ЕК) и Економската заедница на државите од Западна Африка (ECOWAS). Резултатот е отворен дијалог меѓу националните администрации за технички и политички прашања поврзани со миграцијата и развојот. Евро-африканскиот дијалог за миграцијата и развојот (Рабат процес), обединува над 60 заинтересирани страни за отворено да разговараат за прашањата за миграција и развој во дух на партнерство. Процесот на Рабат е првенствено дијалог помеѓу националните администрации и меѓународните организации, како на политичко така и на техничко ниво.

Меѓународните и граѓанските организации се повеќе вклучени во дијалогот, заради нивната можност да дадат релевантна експертиза. Вкупно 57 европски и африкански партнери и набљудувачки земји, како и Европската комисија (ЕК) и Економската заедница на западноафриканските држави ( ECOWAS) ги сочинуваат основните засегнати страни. Покрај тоа, голем број меѓународни организации имаат статус на набљудувач на состаноците за дијалог.

## 4.5 РЕЗУЛТАТИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КРИУМЧАРЕЊЕТО СО МИГРАНТИ И ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ЗА ПЕРИОДОТ 2016-2019 ГОДИНА

Република Северна Македонија во изминатиот период презема значајни мерки насочени кон јакнење на капацитетите за справување со криумчарењето на мигранти и трговијата со луѓе. Откриени се забележителен број на случаи на трговија со луѓе и криумчарење на мигранти, при што голем дел од овие случаи се завршени со осудителни судски пресуди. Сепак, активностите на организираните криминални групи кои се занимаваат со криумчарење на мигранти и трговија со луѓе продолжуваат. Во годишните извештаи на Стејт департментот за трговија со луѓе за 2016, 2017 и 2018 година, РСМ е рангирана во вториот ранг на држави, односно нотирано е дека државата не ги исполнува целосно минималните стандарди за елиминација на трговијата со луѓе[72]. Во препораките од последниот извештај се укажува дека е неопходно пронаоѓање, кривично гонење и осудување на криумчарите, вклучувајќи ги и полициските службеници кои се нивни соучесници. Исто така, нагласена е потребата од проактивен пристап во идентификувањето на жртви на трговија со луѓе и за таа цел помеѓу другото се препорачува да се обучат службеници кои ќе вршат скрининг за идентификување на потенцијални жртви на трговија со луѓе помеѓу мигрантите, бегалците и други групи под ризик.[73]

**Ова е јасен показател дека институциите во нашата држава кои се борат со илегалната миграција имаат позитивен пристап и се правилно насочени.**

[72] https://www.refworld.org/country,,,,MKD,,5b3e0ae7a,0.html

[73] https://www.state.gov/j/tip/rls/tiprpt/countries/2018/282698.htm

# ПЕТТИ ДЕЛ: РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во рамки на ова истражување беше спроведена анкета над полициски службеници кои работат на сузбивање на илегалната миграција и организиран криминал. Анкетата беше спроведена над 102 испитаници од Министерството за внатрешни работи (полициски службеници кои работат во регионалните центри за гранични работи, истражители во Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе, аналитичари за организиран криминал, инспектори за разузнавање во организиран криминал, инспектори и офицери за врска за меѓународна полициска соработка, раководители на горенаведените организациски единици, советници, униформирани полициски службеници во гранична полиција и т.н.). Според половата структура, анкетите се спроведени над 85 полициски службеници од машки и 22 полициски службеници од женски пол (види Графички приказ 1):




*Графички приказ 1*

На долниот визуелен приказ (Графички приказ 2) може да се види процентуалната застапеност според работните места:




*Графички приказ 2*

Прашањата беа од затворен тип, при што на испитаниците има беа понудени повеќе одговори со цел да се поткрепат хипотезите на ова истражување. На прашањето кои се најчести причини поради кои мигрантите од Блискиот и Средниот Исток и африканските држави ги напуштаат своите земји (Графички приказ 3), најголем број од испитаниците одговориле дека најчеста причина се воените и конфликтни подрачја, а како втора најчеста е неповолната економска состојба во земјите од кои тие потекнуваат:




*Графички приказ 3*

На прашањето колкаво е влијанието на политичко-безбедносната состојба во земјите на потекло на мигранти (Блискиот, Средниот Исток и Северна Африка) врз рутите кои ги користат мигрантите со цел да стигнат во земјите од ЕУ, најголем број се сложиле дека влијанието е големо, а само 26% дека се работи за пресудно влијание (Графички приказ 4):




*Графички приказ 4*

На испитаниците им беше поставено и прашање за тоа колку е влијанието на социо-економските фактори во земјите на потекло на мигранти (Блискиот, Средниот Исток и Северна Африка) врз рутите кои ги користат мигрантите со цел да стигнат во земјите од ЕУ (Графички приказ 5):




*Графички приказ 5*

Бидејќи голем број од испитаниците имаат непосреден контакт со илегалните мигранти кои се откриени во нашата земја, најголем процент од нив одговорија дека при извршените интервјуа со мигрантите истите даваат изјави дека бегаат од воени подрачја, а само по 20% даваат изјави дека доаѓаат од економски неразвиените подрачја или од земји каде што претходно побарале засолниште (Графички приказ 6):




*Графички приказ 6*

На прашањето дали миграциските процеси ги поттикнуваат криминалците да ги насочат своите криминални активности кон олеснување на илегалната миграција, одговорот е речиси идентичен (Графички приказ 7):




*Графички приказ 7*

Сличен е одговорот и на прашањето колкаво е влијанието на мигрантските рути врз активностите на организираните криминални групи на територија на нашата држава и Западен Балкан (Графички приказ 8):




*Графички приказ 8*

На прашањето со кој од државните органи сметате дека треба МВР треба да соработува за ефикасно справување со криумчарењето мигранти (Графички приказ 9), најголемиот процент од испитаниците одговорија дека е исклучително важна соработката со јавното обвинителство, потоа со Министерството за труд и социјална политика, здруженијата на граѓани, Царинската управа и т.н.




*Графички приказ 9*

На прашањето за соработката или е потребно зајакнување на соработката со полициите на соседните држави во борбата против криумчарењето мигранти (Графички приказ 10), половина од испитаниците одговориле дека е задоволителна, 21% дека е незадоволителна, а 20% дека е одлична (ова се должи на позитивните одговори кои ги дадоа полициски службеници од Регионалниот центар Исток, поради позитивното искуство кое го имаат со бугарската полиција):




*Графички приказ 10*

Во однос на нивната перцепција за ставот на домицилното население кон феноменот криумчарење мигранти, резултатите од анкетата ја потврдија делумно хипотезата дека населението има негативен став кон оваа појава, но сепак смета дека е лесен начин за стекнување со противправна имотна корист (Графички приказ 11):




*Графички приказ 11*

За да се тестираат резултатите од спроведената анкета, со цел потврдување или отфрлање на хипотезите на ова истражување, беше применета и дополнителна квалитативна истражувачка метода – длабински интервјуа со лица на раководни позиции, односно од Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе, од каде произлегоа следните клучни наоди, со кои се поткрепени одговорите дадени во анкетниот прашалник:

- **Најчеста причина поради која мигрантите ги напуштаат своите земји се зафатеност со воени дејствија или заради економски причини, но и некој поголе**м план за менување на демографскиот состојба на Европа, како и нејзино економско слабеење, што е една од причините зошто Обединетото Кралство „навреме“ ја напушта ЕУ).
- **Влијанието на политичко-безбедносната состојба** во земјите на потекло на мигранти (Блискиот, Средниот Исток и Северна Африка) врз рутите кои ги користат мигрантите со цел да стигнат во земјите од ЕУ е големо. Се користат најчесто рути кои се утврдени во претходните децении, преку кои се криумчарела и разна акцизна стока, но најчесто дрога.
- **Се избегнуваат рутите преку земјите кои не се безбедни** (воени дејствија, политички и социјални немири, племенски војни и сл.) од причина што многу лесно мигрантите од бегалци или економски мигранти можат да дојдат во состојба на експлоатација од разен вид - што ги прави жртви на трговија со луѓе.
- **Влијанието на социо-економските фактори** од интервјуата кои се вршат со откриените нерегуларни „економски“ мигранти е големо, бидејќи сите изјавуваат дека доаѓаат во Европа по сигурен живот и работа, можност за подобро образование, подобар пристап и поквалитетни здравствени услуги.
- **Остануваат отворени прашањата за финансиските средства** кои ги даваат мигрантите на ОКГ-и со цел нивно криумчарење до земјите на Западна Европа, односно од каде доаѓаат овие парични средства, имајќи предвид дека мигрантите доаѓаат од изразито сиромашни и економски неразвиени земји, кои ги обезбедува овие средства за толкав број на лица, што се случува со мигрантите кога ќе пристигнат во земјата на крајна дестинација, како ги исплаќаат долговите, која е вистинската цел?
- **Илегалните мигранти кои транзитираат низ нашата држава** се лица кои бегаат од конфликтни подрачја, лица кои претходно престојувале во прифатни центри на

територија на други држави каде побарале и азил (а кои според меѓународни стандарди се сметаат за безбедни земји), како и лица по потекло од економски неразвиени земји во потрага по работа, можност за подобро образование), подобар пристап кон поквалитени здравствени услуги, припадници на терористички организации или странски војски со задача формирање на т.н. „ќелии“ на териториите на Западна Европа заради врбување на лица за „Џихад“ и вршење на терористички напади.

- **Влијанието на мигрантските рути влијаат врз активностите на организираните криминални групи** на територија на нашата држава и Западен Балкан е големо, односно многу од ОКГ-и кои биле насочени кон извршување на одреден вид на криминалитет, се преориентираат кон извршување на криминални активности поврзани со криумчарање на мигранти или едноставно речено стануваат поликриминални ОКГ кои во криумчарење мигранти гледаат лесен начин за заработка.
- **Соработката со соседните полициски служби е на задоволително ниво**, традиционално најдобра е со колегите од Србија, а скоро никаква со колегите од Грција, кои немаат интерес (политичка волја) да ги гонат организаторите и членовите на ОКГ-и кои криумчарат мигранти од територијата на Грција.
- **Модусот на делување на ОКГ има влијание врз креирање на ефикасни и ефективни политики** на институциите инволвирани во сузбивање на криумчарење мигранти, односно треба да се следат и анализираат модусите кои ги користат ОКГ-и, новите трендови во нивното делување, како би можело да се изготви соодветна стратегија, со тоа и акциски план за ефикасен институционален одговор на овој вид на криминалитет.
- Сузбивањето на една ОКГ не значи само лишување од слобода на лицата за кои постојат основи на сомнение дека се инволвирани во криминални активности поврзани со криумчарење на мигранти, туку **спроведување и на целосна и темелна финансиска истрага за нелегално стекнатиот имот** (движен или недвижен, парични средства и сл.) и негово конфискување.
- **Затворањето на некоја активна рута** ќе се одрази на зголемување или намалување на бројот на мигранти кои ќе ја користат Западнобалканската рута, која минува низ земјите кои се дел од Западнобалканската рута, а ако се земе предвид дека мерките кои од почетокот на 2019 година ги преземаат Франција, Шпанија и Италија доведоа до намалување на преку 50% од обидите за остварување на нелегален влез на

нивните територии преку западномедитерантската и централномедитерантската рута, а во исто време за 120% се зголеми напливот преку источномедитерантската рута (Кипар и Грција), одговорот е повеќе од јасен. Згора на тоа и во РСМ беа детектирани мигранти по потекло од Ангола и Мароко.

- **Геополитичката состојба во регионот влијаела и ќе влијае не само на рутите на движење на нерегуларните мигранти,** туку и на самата нерегуларна миграција. Во овој контекст, самата поставеност на РСМ на Балканот, како земја и главна крстосница преку чија територија со векови минувале главните патишта за трговска размена, а подоцна и за криумчарење на разна стока, во поново време и на мигранти, ја дефинира неминовноста од соочување со нерегуларната миграција и потребата за справување со истата.
- **Самиот факт дека ниту една земја сама не може ефикасно да се бори** против овој вид на меѓународен криминалитет, ја истакнува и потребата за регионална соработка помеѓу земјите, што директно ја адресира нужноста од постоење на цврста политичка волја за истото. Секоја промена во политичкиот став или постоење на политичка криза во некоја земја, директно има влијание и на текот и справувањето со нерегуларната миграција.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Иницијалната идеја поради која се одлучив да го направам ова истражување беше на научен и теоретски начин да го преточам моето емпириско искуство кое го стекнав во секојдневното работење на проблематиката - организиран криминал со криумчарење мигранти. Мојата цел беше преку примена на методологија на научно истражување да ја докажам главната хипотеза и помошните хипотези, сето тоа поткрепено со квантитативни и квалитативни методи, анализа на пишани документи и користење на отворени извори на информации. Од моето практично работење, како и секојдневното следење на состојбите во Република Северна Македонија, во земјите од Западен Балкан и пошироко во Европа, преку истражувања и извештаи од релевантни меѓународни институции чиј предмет на интерес е токму оваа проблематика, како и од следење на отворени извори на информации, моите очекувања беа да ја потврдам главната хипотеза: Геополитиката, односно геополитичкиот контекст на мигрантските рути има влијание на организираниот криминал, првенствено на организираниот криминал со криумчарење мигранти во земјите долж Западнобалканската рута.

Клучните наоди во истражувањето, преку спроведената анкета над полициските службеници кои работат на оваа проблематика, потоа преку интервјуто со првиот човек на новоформираната Национална единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе, како и длабинска анализа на претходно спроведени истражувања во нашата земја, извештаи на релевантни домашни и меѓународни институција покажаа дека геополитичкиот контекст на мигрантските рути влијае на организираниот криминал во земјите од Западен Балкан, а со тоа и на Република Северна Македонија, што всушност претставува главна хипотеза на која се темели ова истражување. Ако се земат предвид сите претходно елаборирани наоди и заклучоци, тогаш може да заклучиме дека преку квантитативните и квалитативно научно-истражувачки методи применети во овој труд потврдена е генералната хипотеза дека геополитичкиот контекст на мигрантските рути има влијание на организираниот криминал во земјите кои се дел од субрегионот на Западен Балкан, а со тоа и над нашата држава. Ова тврдење е во корелација со одговорите кои ги дадоа испитаниците во анкетниот прашалник, дека состојбите на Блискиот и Средниот Исток, односно воените конфликти со кои се зафатени овие региони имаат влијание на геополитичките односи и на рутите по кои се движат мигранти со цел да стигнат до земјите од Европската Унија. Политичко-безбедносната состојба во земјите на потекло на мигранти има најголемо влијание, а втор фактор е социо-економскиот.

Преку анализа на содржината на извештаи, склучени договори за соработка, Акциони планови и стратегии, беа потврдени и неколку други помошни хипотези (X1), дека изборот на темата, односно геополитичкиот контекст на мигрантските рути го поттикнуваат Министерството за внатрешни работи да донесува соодветни одлуки во доменот на своите законски надлежности и согласно меѓународните конвенции и стратегии (X2), односно дека пристапот на МВР во справување со организираниот криминал поврзан со криумчарење мигранти е многу сериозен и претставува приоритет во работењето. Овие две хипотези се потврдуваат со фактот дека справувањето со организираниот криминал со криумчарење мигранти е еден од најважните приоритети во работењето на МВР. Сузбивањето на криумчарење мигранти е еден од приоритетите на Европската Унија, донесен врз основа на Безбедносната проценка за организиран и сериозен криминал на Европол (Serious and organized crime threat assesement-SOCTA). Сериозниот пристап на нашата држава се гледа и од активното учество на Министерството за внатрешни работи во различни иницијативи посветени на сузбивање на овој криминал. Формирањето на Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе е уште еден доказ за тоа колку е сериозен пристапот на институциите за спроведување на законот во справување на организираниот криминал со мигранти. Овде може да ја доведеме во корелација и да ја потврдиме хипотезата дека усогласеноста на приоритетите во работењето на Министерството за внатрешни работи, со приоритетите на земјите во соседството и земјите од ЕУ (X8). Препознавањето на потребата од меѓународна соработка преку меѓународните институции (X4), во голема мера е потврдена преку анкетниот прашалник и контролното интервју, при што над половина од испитаниците сметаат дека соработката со соседните земји е задоволителна, а по 20% дека е одлична или не е добра. Интересно е што соработката како многу добра ја оценија полициски службеници од Регионален центар „Исток“ од граничната полиција, врз основа на нивните позитивни искуства со бугарската полиција. Во овој контекст е потврдена и хипотезата (X9) која се однесува на важноста од меѓународната соработка на оперативно, тактичко и стратешко ниво, преку учество во голем број меѓународни иницијативи (политички, стратешки и оперативни). Благодарение на оваа соработка, во изминатиот период беа сузбиени неколку организирани криминални групи од меѓународен карактер. Ефикасното справување со организираниот криминал поврзан со криумчарење мигранти (X3) зависи, не само од меѓународната, туку и од меѓуинституционалната соработка на сите релевантни институции во чиј домен на надлежности е организираниот криминал со криумчарење мигранти, е потврдено од испитаниците кои ја препознаваат потребата од

меѓуинституционална соработка. Според резултатите од анкетата, најважна е соработката со Јавното обвинителство, потоа Министерството за труд и социјална политика, Царинската управа, Здруженијата на граѓани, а најмалку со Управата за финансиско разузнавање и Управата за јавни приходи. Овие резултати одат во контекст на тоа дека сѐ уште не е препознаена потребата од спроведување на финансиски истраги и утврдување на потеклото на нелегалнио стекнатите парични средства, што претставува една од најслабите карики во сузбивање на организираниот криминал, односно го зголемува ризикот нелегално стекнатите парични средства да се користат за други криминални активности (Х7).

Модусот на делување на ОКГ има влијание врз креирање на ефикасни и ефективни политики на институциите инволвирани во сузбивање на оваа криминална област (Х5). Оваа хипотеза е потврдена преку анкетниот прашалник, односно прашањата кои се однесуваат на влијанието на миграциските процеси и промените на мигрантските рути врз промената на криминалните активности на организираните криминални групи. Тие се потврдени со висок процент, што е потврдено и во интервјуто дека голем број криминални групи кои претходно беа насочени кон други криминални области, се преориентираа кон овој атрактивен криминален пазар или станаа поликриминални, поради релативно лесниот начин на заработка и ниско ниво на потребна експертиза која им е потребна на криминалните организации. Исто така, од спроведените анкети со лица кои се во директен контакт со оваа проблематика, се потврди хипотезата дека криумчарењето мигранти има влијание врз најголемиот дел на јавноста (Х6). Сепак, само делумно се потврди дека домицилното население кон овој криминален бизнис има генерално негативен став, иако дел од нив се уште сметаат дека се работи за профитабилен бизнис и лесен начин да се дојде до парични средства.

Истражувањето покажа дека македонските надлежни органи вложуваат големи напори за сузбивање на организираните криминални групи инволвирани во криумчарење мигранти, но и покрај тоа нивната бројка е многу поголема од официјалната статистика.
Иако надлежните органи препознаваат дека се работи за организиран криминал, сѐ до формирањето на Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе, бројот на сузбиени криминални групи инволвирани во криумчарење мигранти беше многу мал, само по една или две откриени организирани криминални групи на годишно ниво, но само во 2019 година, кога се откриени и сузбиени четири криминални групи

Правната рамка за справување со илегалната миграција е усогласена со законодавството на ЕУ и со релевантните меѓународни стандарди. Проблеми настануваат при нејзиното спроведување, како што се тешкотии да се утврди идентитетот на мигрантите, проблематично спроведување на договорите за реадмисија поради објективни фактори (соработка со земјите каде мигрантите се враќаат, финансиски ресурси итн.) и субјективни фактори (недостиг на мотивација). Дополнително, постои висок ризик од злоупотреба на правото на барање азил. Постои можност дел од мигрантите да поднесат барање за азил само за да избегнат да бидат сместени во Прифатниот центар за странци. Во тој случај тие се сместуваат во Прифатниот центар за баратели на азил, кој е од отворен тип и оттаму релативно лесно можат да заминат. Во пракса, многу од барателите на азил го напуштаат Прифатниот центар за азиланти во непозната насока, без да ја чекаат конечната одлука за признавање или одбивање на нивното барање.

Нашата држава е вклучена во значителен број регионални иницијативи на полето на сузбивање на илегалната миграција, но поле за продлабочување на соработката сѐ уште има. На земјите кои претставуваат дел од Западен Балкан им е потребна поддршка од меѓународната заедница, особено од Европската Унија со цел да се зајакнат нивните капацитети за превенција, откривање и справување со организираниот криминал со криумчарење мигранти. Ако се има  предвид дека Западниот Балкан не е нивна крајна цел, туку зона на транзит, до нивната посакувана финална дестинација, надлежните институции може да го немаат истото ниво на мотивација да откриваат илегални мигранти.

Заканите по националната и меѓународната безбедност од организираниот транснационален криминал денес, се разликуваат со заканите од организираниот криминал во минатото. И додека меѓународните криминални групи при извршување на своите криминални активности делуваат во свет без граници, институциите надлежни за справување со организираниот криминал сѐ уште делуваат како во свет со граници, што ја прави поголема опасноста од организираниот криминал како глобален феномен и ја подвлекува потребата од контрастратегија.

Последните неколку години, организираниот транснационален криминал се разви во „нова форма на геополитика", што се разликува во многу погледи од традиционалната геополитика. Огромниот пораст во глобалната трговија, миграциите и развојот на високотехнолошките комуникации се клучни фактори кои ги експлоатираат транснационални криминални организации во нивната потрага по профит. Друга компонента на новата геополитика е развојот на глобалниот финансиски систем кој обезбедува „огромни можности" за прикривање и брз трансфер на средства. Криминалците

имаат предност над државите. Криминалните групи имаат јасна и едноставна агенда: максимизирање профит, додека правилно конституираните органи за спроведување на законот, мора да ги балансираат своите активности против организираниот криминал, вклучувајќи го пред сè почитувањето на човековите права, законската легислатива и етиката.

Во врска со можните идни насоки во организираниот транснационален криминал, сé повеќе расте трендот на меѓуконтиненталните стратешки сојузи меѓу криминалните организации. Во контекст на ова може да го споменеме македонското искуство во сузбивањето на една од најголемите меѓународни криминални групи инволвирани во криумчерење мигранти со фалсификувани патни исправи на албански и македонски државјани, преку земјите на Латинска Америка, со крајна дестинација САД и Канада, во рамки на меѓународната криминалистичка истрага која се водеше под псевдонимот „Пасош“. Оваа акција беше координирана заедно со повеќе држави од регионот, Европска унија, латиноамериканските држави и САД. Тоа претставува уште една јасна и недвосмислена потврда на потребата од склучување на билатерални и мултилатерални договори за соработка и меѓусебна помош. „Потребна е мрежа за да се победи мрежа" стои во извештајот на ОН за „Новите форми на гоеполитика“. Во овој извештај се нагласува неопходноста од соработка и изградба на глобална мрежа на координирани мерки.

На земјите од Западен Балкан им е потребна поддршка од меѓународната заедница, особено од Европската Унија со цел да се зајакнат своите капацитети за превенција, откривање и справување со организираниот криминал со криумчарење мигранти. Во најдобар интерес на земјите-членки на ЕУ е да обезбедат поддршка на земјите од Западен Балкан и да ги спречат обидите на мигрантите да стигнат до побогатите земји-членки на ЕУ. Кога зборуваме за помош, тоа не значи само експертиза, туку и помош околу вршење превод од ретки јазици на мигранти од Блискиот и Средниот Исток, културна медијација, техничка поддршка, обуки и слично.

Преземањето на рестриктивните и превентивните мерки на земјите од ЕУ со цел да се заштитат од илегалната миграција и организираниот криминал со криумчарење мигранти, има влијание на промената на патот по кој мигрантите се обидуваат да стигнат до својата финална дестинација. Затворањето на Западномедитеранската рута, директно се одрази на илегалното движење по Централномедитеранската и Источномедитеранската рута, кои се однесуваат како систем на споени садови.

Истражувањето во рамките на овој труд ја потврди и тезата дека меѓународната безбедност првенствено треба да се заснова врз соработката на државите (но и на

определени општествени групи, поединци и организации), од најниското ниво на индивидуалната безбедност, преку регионалната и националната, до меѓународната безбедност, со цел да се постигне оптимална безбедност на секој поединечно и на сите заедно. Во процесот на справување со организираниот криминал со криумчарење мигранти, секоја земја поединечно многу тешко би можела да се справи, а во тој контекст е неопходна меѓународна соработка со земјите од регионот.

Ништо во геополитичката арена не се појавува случајно, сè си има одредена причина и цел, ниту пак се решава на магичен начин. Глобалните процеси и појави секогаш се предизвикани со некоја причина, предизвикани со одредена цел, сите светски појави и нови текови и пресврти се однапред детерминирани.

И на крај би завршила со извадок од „Студии по безбедност“: „Сè додека светот не се ослободи од репресии, конфликти, политичка нестабилност и економска нееднаквост, сигурно ќе продолжи движењето на населението. Глобализацијата носи лесен пристап до информации, инстант комуникации, достапност до извори на информации, сообраќајна поврзаност. Миграциите ја одразуваат нееднаквоста и двојните аршини, неправилната распореденост на ресурси, го зголемуваат јазот меѓу богатите и сиромашните, помеѓу развиените, земјите во развој и неразвиените. Фрла сенка на поделеноста во светот, на паралелните универзуми во кои живееме. Во никој случај не е решение, санкционирање на миграциите, тие би довеле до уште поголема поделеност, би влеало чувство на страв и несигурност помеѓу населението, би ја зголемиле недовербата во праведност и би довеле до социјална несигурност и до неинклузивност во општествата. Од друга страна во ваква состојба кога е ограничен пристапот до саканите дестинации на мигрантите, полза имаат организираните криминални групи, кои профитираат на грб на мигрантите и ја оштетуваат државата поттикнувајќи ја притоа сивата економија“.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Vejnović, Duško, Radišić doc. dr Dragan „Geopolitika” br: 89 . Avg. 2015.
2. Вилијамс, Д. Пол, (2012), Студии по безбедност, Скопје:Арс Ламина
3. Влада на Република Македонија, Национална концепција за безбедноста и одбраната, достапно на http://arhiva.vlada.mk/files/Vladina koncepcija za bezbednost.pdf
4. Влада на Република Македонија, Националната стратегија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција 2017-2020
5. Влада на Република Македонија, Годишен извештај на националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за 2016 година
6. Влада на Република Македонија, Годишен извештај на Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за 2017 година
7. Влада на Република Македонија, Годишен извештај на Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за 2018 година
8. Влада на Република Македонија, Годишен извештај на националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграцијаза за 2019 година
9. Влада на Република Македонија, Национална концепција за безбедноста и одбраната, достапно на http://arhiva.vlada.mk/files/Vladina koncepcija za bezbednost.pdf
10. Влада на Република Македонија, Национална стратегија и акциски план за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Северна Македонија 2013-2016,
11. Влада на Република Македонија Национална стратегија и акциски план за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Северна Македонија 2017-2020,
12. Гајић, Александар Саша Геополитика сиријских миграција и ЕУ
13. Global Initiative Against Transnational Organized Crime (2019) -Глобална иницијатива против транснационалниот организиран криминал. - Жаришта на организиран криминал на Западен Балкан
14. Europol, SOCTA Serious and organized crime threat assessment, EUROPOL, Migrant smuggling in the EU February 2016, https://europol.europa.eu
15. Здружение на млади правници, Извештај за трговија со луѓе и криумчарење мигранти

16. Здружение на млади правници 2017, CSO’s Report on Irregular Migration for South-EasternEurope,
17. https://www.europol.europa.eu/publications-documents/two-years-of-emsc
18. ICMPD, Извештај за Трговија на мигрантските рути до Европа на, 2018,
19. ICMPD, Trafficking along Migration Routes to Europe: Bridging the Gap between Migration, Asylum and Anti-Trafficking, 2018, https://icmpd.org
20. ICMPD Migration outlook 2019, https://icmpd.org
21. ICMPD Migration outlook 2020, https://icmpd.org
22. INTERPOL, Annual Report 2017_EN_15_LR
23. IOM, Трговија со луѓе&Криумчарење мигранти-Упатства за Меѓународна Соработка, Global migration indicators 2018, https://.iom.org
24. ИОМ, Прирачник за рано откривање на случаеви на трговија со луѓе и криумчарење на мигранти за основно ниво за полициски службеници, Меѓународна организација на миграции Мисија во Скопје, 2010 година, https://.iom.org
25. IOM Skopje Newsletters, January 2016 – September 2018, https://.iom.org
26. Јанакис, А. С.(Editor). (2009). Етнички конфликт: Религија, Идентитет и Политика. Скопје: Просветно дело АД,
27. Јовић, Д,(2015) „Азиланти и рат либералне и конзервативне Европе“, Нови Стандард,
28. Камбовски В. „Организиран криминал", Скопје, 2005,
29. Канцеларија на Обединетите нации за дрога и криминал-Канцеларија за регионалната програма за Југоисточна Европа
30. Council of the European Union, Proposals to further strenghten the fight against migrant smuggling, Brussels, 6 July 2018
31. Carling, Jørgen. Gallagher Anne T. & Christopher Horwood (2015) Beyond Definitions - Global migration and the smuggling–trafficking nexus,
32. Калач, Јасмин 2016, Кривично-правен аспект на криумчарење мигранти во Република Македонија,
33. Котовческа, Б. (2018) Критичко геополитичка, геостратегиска и безбедносна анализа и дефинирање на конфликтот во Република Македонија -докторска дисертација, Скопје
34. Котовчески, М (2012), Национална безбедност, Скопје:Филозофски факултет

35. Легис, Извештај за состојбата со почитување на правата на бегалците и мигрантите кои транзитираат низ Република Македонија за периодот 01.јануари - 30.септември 2018 година, 2018
36. Лембовска, Магдалена, Анализа на националните политики и практики за справување со илегалната миграција и барателите на азил
37. McAuliffe, Marie and Laczko, Frank (2016) Migrant Smuggling Data and Research: A global review of the emerging evidence base, IOM, 2016, Geneva
38. Милески, Т (2005), Македонија рубикова коцка на Балканот, Скопје:Филозофски факултет
39. Mileski, T (2012), Contemporary migration movements as a safety threat to the Balkans and Europe
40. Милески, Т. ( 2017), Геополитичка положба на Република Македонија:Студија за постојани геополитички влијанија и трансформации, Зборник на трудови Геополитичката и геостратегиската положба на Република Македонија во услови на мигрантската и бегалската криза, Скопје: МАНУ,
41. Mileski, Toni Response and responsibilities of the Republic of Macedonia in the migrant and refugees crises, New England Journal of public policy
42. Милошевић Ђорђе, „Окупација Европе: реална опасност или ирационални страх?, портал НСПМ; http://www.nspm.rs/savremeni-svet/okupacija-evrope-%E2%80%93-realna-opasnost-ili-iracionalanstrah.html?alphabet=l
43. Милошевска, Т (2018), Глобален тероризам, Скопје: Филозофски факултет
44. Министерство за внатрешни работи, Дневни билтени на Република Северна Македонија за период 01.01.2016-31.12.2019 година
45. Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија година Годишен извештај за 2016 година, https://mvr.gov.mk
46. Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија на Годишен извештај за 2017 година, https://mvr.gov.mk
47. Министерство за внатрешни работи, отворени извори на информации, https://mvr.gov.mk
48. Министерство за внатрешни работи, СРЕДНОРОЧЕН ПРЕГЛЕД 2019 „Проценка на закани од сериозен и организиран криминал“, МВР, мај, 2019
49. Протокол против криумчарење мигранти по копнен, воден или воздушен пат, со кој е дополнета Конвенцијата на Обединетите нации против транснационален организиран криминал (Палермо, 2000)

50. SELEC, OCTA SEE (Organised crime threat assessment) 2018-PUBLIC VERSION, https://selec.org
51. Цвејиќ, Слободан и Санде Китанов, (2017) мапирање на криумчарењето мигранти во регионот на западен балкан, Скопје: Меѓународна организација за миграции
52. UNITED NATIONS OFFICE ON DRUGS AND CRIME, The role of organized crime in the smuggling of migrants from West Africa to the European Union,
53. United Nations Convention against Transnational Organized Crime, adopted by General Assembly resolution 55/25 of 15 November 2000,
54. Phil Williams, „Transnational criminal networks“, in John Aquilla and David F. Ronfeld (eds), Netwars and Networks: The Future of Terror, Crime, and Militancy, RAND, Santa Monica, CA, 2001, p. 65; United Nations Office on Drugs and Crime (UNODC), Global Programme against Transnational Organized Crime: Results of a Pilot Survey of Forty Selected Organized Criminal Groups in SixteenCountries, Geneva, 2002
55. FRONTEX, Western Balkans Annual Risk Analysis 2016, Western Balkans Annual Risk Analysis 2017,
56. FRONTEX, Western Balkans Annual Risk Analysis 2018,
57. FRONTEX, Western Balkans Risk Analysis Network, Quarterly reports (Q1, Q2, Q3, Q4 2016),
58. FRONTEX, Western Balkans Risk Analysis Network, Quarterly reports (Q1, Q2, Q3, Q4 2017),
59. FRONTEX, Western Balkans Risk Analysis Network, Quarterly report Q1,2018, FRONTEX, FRAN Frontex Risk Analysis Network Quarterly Reports (Q1, Q2, Q3, Q4 2016),
60. FRONTEX, FRAN Frontex Risk Analysis Network Quarterly Reports (Q1, Q2, Q3, Q4 2017),
61. FRONTEX, FRAN Frontex Risk Analysis Network Quarterly Reports (Q1, Q2,2018), https://frontex.europa.eu
62. Heyer, Célia, Organized transantional crime has become new form of geopolitics, United nation report
63. Цанг Ш.С.(2009) „Шверц и трговија со луѓе, сите патишта водат кон Америка", Скопје: Академски печат,
64. Lagebericht Schlepperei 2018 Rücklauf bei illegaler Migration, Wien 2019
65. Organized transnational crime has become 'new form of geopolitics', according to new united nations report Press ReleaseSOC/CP/179

66. https://www.humanrightsfirst.org/resource/human-trafficking-numbers
67. www.radioslobodna evropa.com.мк, посетена на 02.03.2019 година
68. ЕУ и Турција постигнаа контроверзен договор за бегалската криза _ Свет _ DW _ 18.03.2016.html, пристапено на 10.02.2020 година
69. Дали Европа конечно се справи со мигрантската криза? Бројот на илегални мигранти опаѓа, а безбедноста на границите е сè поголема, 21.02.2019, www.tocka.com.mk, посетен на 02.03.2019 година
70. Кризна состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање миграти низ територијата на Република Македонија, геополитичка и геостратегиска на Република Македонија во услови на бегалска и мигрантска криза
71. Protocol to Prevent, Suppress and Punish Trafficking in Persons, especially Women and Children, was adopted by General Assembly resolution 55/25
72. Protocol against the Smuggling of Migrants by Land, Sea and Air, adopted by General Assembly resolution 55/25, entered into force on 28 January 2004.
73. UN International Migration Report 2017,
74. https://www.theguardian.com/world/clashes-between-migrants-and-police-at-border-between-greece-and-macedonia